УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ

# ПИРИНСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ПОМЕЃУ 1949-1968 ГОДИНА

(докторска дисертација)

кандидат

М-р Васил Јотевски

ментор

Д-р Иван Катарџиев

Скопје, јуни 1997

# ПРЕДГОВОР

Националните права што ги уживаа Македонците во Пиринскиот дел на Македонија во периодот септември 1944 јуни - јули 1948 година, претставуваа резултат на вековната континуирана борба што ја водел македонскиот народ против вековниот турски поробувач, против елинско-византиската и грчка духовна и просветна власт во подалечното минато, како и против денационализаторската и асимилаторската пропаганда и политика на големодржавните апетити на новосовремените држави во соседството на Македонија, Албанија, Бугарија, Грција и Србија што ја воделе до и по 1912, односно 1919 година.

Тие уживани права и настојувањата за национална, политичка и културна афирмација на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија, во времето на таканаречениот "димитровски период" во НР Бугарија, претставуваат факти на една објективна историска стварност и истите предизвикувале, предизвикуваат и во иднина ќе предизвикуваат оправдан интерес меѓу научната и пошироката јавност кај нас и во светот.

Таквиот оправдан интерес особено се засилил и сè уште трае по нивното укинување по донесувањето на резолуцијата на Информбирото "За состојбата во Комунистичката партија на Југославија" од јуни 1948 година, и по обновувањето на процесот на денационализација и асимилација на Македонците од страна на Бугарија, процесите за кои Македонците во Пиринскиот крај верувале дека дефинитивно биле прекинати и дека никојпат нема да бидат обновени.

Резолуцијата на Информбирото "за состојбата во КПЈ" од страна на партиската и државната раководна структура на НР Бугарија била искористена како повод за обновувањето на големодржавните апетити и аспирации кон Македонија кои дотогаш биле манифестирани само од страна на бугарската опозиција.

Промените во ставовите на бугарската раководна структура, партиска и државна во однос на македонското национално прашање, македонската држава во рамките на југословенската федеративна државна заедница и особено по прашањето на Македонците што живеат во Пиринскиот дел на Македонија и нивните национални права и белези по настаните што се случиле после донесувањето на резолуцијата на Информбирото од јуни 1948 година, освен нивно парцијално разгледување и тоа повеќе публицистичко-политичко во македонската историографија досега научно не се обработувани.

И покрај оправданост од чекање при користењето на изворни архивски документи, заради неизбежната историска дистанца, уверени сме дека запоставувањето од обработка на овој толку значаен период од историјата на македонскиот народ нема никакво оправдување.

Што се однесува до бугарската историографија, според моето лично убедување, разгледувањето на овие процеси и појави, сврзани со македонското национално прашање и националните права на македонците во Пиринскиот дел на Македонија, бугарската историографска наука како да ги поставила сосема наопаку. Овој мој заклучок го темелам врз основните постулати со кои се занимава науката, во таа смисла и историјата.

Имено, секоја наука се стреми да открие нешто што досега е непознато, во таа смисла и се прават напори за откривање на непознати

појави, процеси, народи, племиња, нивниот начин на живеење што би придонело за збогатување на светската културна ризница. Во таа смисла и кога се истражува дејноста на некоја личност, културна, општествена или револуцонерна, се настојува да се открие нешто што дотогаш е непознато и сето тоа да им стане достапно на науката и поширокaта јавност.

Наспроти тоа, бугарската наука особено онаа што се занимава со општествените појави и процеси, ги фрлила сите свои интелектуални сили во истражувања и докажувања на појави и процеси кои се толку очигледни, каков што е случајот со постоењето на македонскиот народ, нација, јазик, држава, сето тоа со цел да го оспорат. Невиден апсурд. И не само во науката. Нема и не може да има никакво оправдување.

Токму тие и таквите промени во ставовите на бугарската партиска и државна структура што придонеле за обнова на процесите на денационализација и асимилација на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија, кои од своја страна го предизвикале отпорот на Македонците во Пиринскиот крај се тема на обработка на мојата докторска дисертација, несреќно озаглавена како "Пиринскиот дел на Македонија помеѓу 1949-1968 година".

Се надевам дека понудената дисертација ќе придонесе за збогатување на нашите сознанија за промените што настанале во бугарската политика по однос на постоењето на македонскиот народ, нација, држава и правата на македонците во Пиринскит дел на Македонија и на нивниот организиран отпор кон новата бугарска политика во периодот 1948-1968 година.

# В О В Е Д

Со своето учество во националноослободителните борби, кон крајот XIX на и почетокот на XX век, особено со своето активно учество во антифашистичката борба за време на Втората светска империјалистичка војна, македонскиот народ конечно ја извојува својата национална слобода.

Врз основа на принципите од Второто заседание на Антифашистичкото веќе - собрание на народното ослободување на Југославија (АВНОЈ)[1], во новопрокламираната федеративна државна заедница на југословенските народи, македонскиот народ од Вардарскиот дел на Македонија формира сопствена држава. Со формирањето на македонската држава во рамките на југословенската федеративна заедница, процесот на денационализација и асимилација на македонскиот народ од страна на Србија, односно поранешното Кралство Југославија, дефинитивно и засекогаш во овој дел на Македонија беа прекинати.

Иако беше формирана само на еден дел од својата географско-етничка целина македонскиот државно-правен субјект врз себе ја презеде историската одговорност за зачувување на македонскиот национален индивидуалитет во Пиринскиот и Егејскиот дел на

---

[1] Одлуките на Второто заседание на АВНОЈ и принципите врз кои се формира новата федеративна државна заедница. АВНОЈ. Прво и Друго заседание антифашиатичког већа народног ослобођења Југославије, (26 и 27 новембра 1942; 29 и 30 новембра 1943). По стенографским белешкама и другим изворима., Београд, 1983.

Македонија со можност, согласно историските услови, за идно политичко, културно и духовно обединување на целиот македонски народ.[2]

Македонскиот народ од Пиринскиот дел на Македонија, особено во текот на антифашистичкото движење 1941-1944 година, настојуваше и правеше напори да ги искористи создадените услови за обединување со останатите делови на својата разделена татковина од времето на Балканските војни 1912/13 година.

Политиката на Бугарија, како држава од нов тип по 9-ти септември 1944 година, во однос на македонското националано прашање во периодот од септември 1944 до јуни-јули 1948 година, слободно можеме да констатираме, со мали исклучоци на одредени субјекти, дека била сообразена со објективната историска стварност за постоењето на македонската нација и нејзината држава во рамките на југословенската државна федеративна заедница. Треба да го истакнеме и фактот дека за таквата нејзина политика пред сè со своето активно учество во националноослободителното и револуционерно движење во подалечното и поблиско историско минато и особено, во антифашистичката војна за време на Втората светска војна, придонесе македонскиот народ, неговите организирани општествени и политички организации.

Под силен притисок на македонските широки народни слоеви, новото државно раководство на Бугариа по 9 септември 1944 година, беше принудено да се сообрази со објективната историска стварност за постоењето на македонската нација како субјект кој во иднина сака и може сама да решава за својата судбина. Директно и без посредници. Во

---

[2] Одлуките и решенијата на Првото заседание на АСНОМ. АСНОМ 1944-1964. Зборник на документи, Скопје, 1964.

таа насока и се движеше политиката на отечественофронтовска Бугарија, односно НР Бугарија.

Таквиот начин на решавање на сопствената иднина и судбина беше евидентен во така наречениот димитровски период во Бугарија од 1944 до 1948 година. Во овој временски период, македонскиот народ од Пиринскиот дел на Македонија без и најмало двоумење застана врз принципите дека:

"1. Горноџумајската област,[3] која што е составена од Горноџумаска, Разлошка, Неврокопска, Светиврачка и Петричка околија, географски, стопански и етнографски е неделив дел од Македонија.

...

3. Населението на Горноџумајската област секогаш учествуваше најактивно во ослободитесната борба на целиот македонски народ. Со своето активно учество под знамето на Отечествениот фронт (ОФ) во борбата против бугарскиот фашизам во последните години Партијата и населението на Горноџумајската област беа свесни дека победата над фашизмот ќе го расчисти и патот за разрешување на македонското прашање - обединувањето на трите дела на Македонија во една македонска држава".[4]

Ваквите настојувања за обединување со останатите делови на Македонија, ќе бидат потврдувани на секој одржан митинг ширум Пиринскиот крај. Истото тоа ќе го бараат и новоформираните политички организации. Една од нив секако била Македонската народна федерална организација со седиште во Петрич, со свои организациони комитети во

[3] Васил Јотевски, Националната афирмација на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија 1944-1948, Скопје, 1996, 5-6.

[4] Историска вистина, Документи, студии, резолуции, апели и публицистички прилози, Избор и редакција Перо Коробар и Орде Иваноски, Скопје, 1981, 207-209. Васил Јотевски, Националната афирмација..., 75-76 и 151-152.

Горна Џумаја, Свети Врач и селата Коларево, Самуилово, Кула, Гега и др. Нејзината цел, според програмата и Статутот била насочена кон будење на македонското национално чувство кај секој Македонец и да ги отстрани омразените граници со кои била разделена Македонија.[5]

На многубројните митинзи, на кои со свои реферати настапувале истакнати активисти и револуционери од поблиското минато, постојано биле донесувани резолуции со барања за обединување со новоформираната македонска федерална држава.[6]

Ваквите барања, иницирани од широките народни слоеви се надополнуваа со плановите на високите државни раководители на демократската федеративна Југославија и отечественофронтовска Бугарија, (подоцна Федеративна народна република Југославија и Народна република Бугарија) да го покренат прашањето за нивно обединување и формирање на јужнословенска федерација.[7] Меѓутоа, нерешената меѓународна положба на Бугарија, како и замешувањето на западните сојузнички сили, пред сè Велика Британија и Соединетите американски држави (САД) го попречија остварувањето на таквата идеја.

Сообразувајќи се со постоечката историска стварност, македонскиот народ од Пиринскиот дел на Македонија отпочна да врши притисок за оживотворување на своите национални права во рамките на бугарската држава.

Движечката сила при воспоставувањето на новата власт во Бугарија по 9 септември 1944 година претставувала работничката класа и

---

[5] Архив на Македонија (А.М.), ф. ЦК СКЈ, кутија 4, документот е од 14. 03. 1946 година.

[6] А.М. ф. Варија, к.2, арх. бр. VII/118; Стоимен Муртин, Населението от Пиринска Македония се въодушевлява от стреме`а за обединение на македонския народ, "Македонско знаме", София, 12. XI 1945, I/18, 3; Гоцков, Г. Македонското събрание в с. Коларево, Петричко, "Македонско знаме", София, 24. XII 1945, I/24, 4.

[7] Živko Avramovski, Devet projekata ugovora o jugoslovensko-bugarskom savezu i federaciji, Istorija XX veka, Beograd, 1983, 1-2, 91-124.

селанството, кои биле предводени од Бугарската работничка партија (Комунисти)-БРП (К), чија раководна улога во времето на антифашистичкато и партизанското движење во Бугарија, уште повеќе добила во своето значење. Оваа партија, која со време прерасна во раководен фактор во бугарската држва мошне брзо ја прифати објективната историска стварност за постоењето на македонската нација и држава. Тоа особено дошло до израз со доаѓањето на Георги Димитров во Бугарија. Прифаќањето на таквата објективна историсака стварност за постоењето на македонската нација, особено националните права на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија, не секогаш и не од секого биле прифаќани. Карактеристични се два обида за ограничување на националните права на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија. Првиот бил отпорот што го дадвале некои членови на највисокиот орган на БРП (к) ЦК, на предлог-проект резолуцијата што требало да биде донесена на Првата обласна конференција по војната во Горна Џумаја,[8] и вториот по повод резултатите од одржаниот попис на населението на Бугарија во 1946 година.[9]

Меѓутоа, под притисок на широките народни слоеви, раководителите на обласните комитети на БРП (К) и Отечествениот фронт, активноста на МНФО, како и раздвиженоста на младината преку своите организации, БРП (К), односно нејзиниот Централен комитет (ЦК) ја прифати објективната историска стварност за постоењето на македонската нација и македонското национално малцинство во Бугарија. И на тоа малцинство кое живееше како компактна целина во Пиринскиот дел на Македонија, со решение на Пленумот на ЦК му било овозможено

[8] Васил Јотевски, Националната афирмација..., 75-76.

[9] Добрин Мичев, Македонсият въпрос и българо–югославските отношения, 9 септември 1944–1949, София, 1989, 286.

да ги ужива националните права загарантирани и со меѓународните норми.

На 9-10 август 1946 година, бил одржан X-от проширен пленум на ЦК на БРП (К) и на истиот била донесена резолуција по македонското прашање. Во неа, покрај другото се вели:

"Прво. Бугарската работничка партија (Комунисти) смета дека основниот дел на македонскиот народ се има организиарано државно и национално во рамките на Федеративна народна република Југославија како Народна република Македонија. Обединувањето на другите делови на македонскиот народ претстои да се изврши врз база на македонската Република во рамките на ФНР Југославија".[10] За да нешто подолу, продолжи:

"Трето. БРП (К) смета за неопходно во периодот до присоединувањето на Пиринскиот крај кон Народна република Македонија систематски да се работи на културното зближување на македонското население од тој крај со НР Македонија, на популаризирањето во нивната средина на работата и постигањата на македонската народна република, на македонскиот јазик и македонската литература, на запознавањето со историјата на македоннскиот народ како што се предава во училиштата во Македонија кои ќе придонесат за развој на националната свест кај македонското население и ќе го олеснат неговото обединување со основниот дел од македонскиот народ во Народна Република Македонија".[11]

---

[10] Резолуцијата на X-от проширен пленум на ЦК на БРП (К), 1946 година. Од признавање до негирање. (Бугарски ставови за македонското прашање.) Статии, говори документи. Избор и редакција Ванѓа Чашуле, Скопје, 1970, 83-85.

[11] Исто.

Како раководен фактор во бугарската држава, БРП (К) требала да ја спроведе оваа своја резолуција во дело. Таа тоа и го сторила. Преку државните министерства и соодветните државни институции.

За време на првиот повоен попис на населението во Бугарија, на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија им било овозможено, за прв пат од своето постоење, слободно самостојно и самосвесно да ја декларираат својата македонска национална припадност.

Првиот повоен попис на населението во Народна Република Бугарија, што бил одржан при крајот на декември 1946 година, за бугарскиот народ претставувал обилен административно-чиновнички настан и со него се утврдувал бројот на целото население на Бугарија, неговата национална, полова, староснa, верска и друга припадност, кој редовно на секои десет години го спроведувала бугарската државна статистика. Но, за Македонците во Пиринскиот дел на Македонија тој попис бил од посебно национално значење. Во долговековната историја на Македонците, по сите меѓународни норми, за првпат им било овозможено на попис да ја изразат својата посебна национална припадност. Уште повеќе што првиот попис на населението во Народна Република Македонија бил извршен во 1948 година.

Резултатите од тој попис, особено оние од Пиринскиот дел на Македонија во Бугарија се криjат како од научните работници, така и од широката општествена јавност.[12]

На наложените потреби од воведување во наставата во основните и средни училишта во Пиринскиот дел на Македонија за изучување на историјата на македонскиот народ и на македонскиот литературен јазик, Обласниот училишен инспектор од Горна Џумаја, за учебната 1946/47

[12] Васил Јотевски, Националната афирмација..., 105-112.

година, изготвил попис на училиштата, учителите и националната припадност на учениците.[13]

Резултатите од овие два пописа на населението и на учениците во Пиринскиот дел на Македонија ја принудија бугарската држава да стапи во директна врска со државните органи на НР Македонија и од нив да побара помош во вид на кадри. Тие во училиштата во Пиринскиот дел на Македонија би ги предавале настаните предмети историја на македонскиот народ и македонскиот литературен јазик.[14]

Покрај барањата на наставен кадар од НР Македонија, Министерството на народната просвета на НР Бугарија презело мерки за отстранување на големобугарските сфаќања и тежненија за определени настани и личнисти, од учебниците за основното и средното образование. Во упатството што било изготвено од Министерството на народна просвета на НР Бугарија се вели: "При изработувањето на учебниците по историја, на некои места се допуштени сфаќања карактеристични за бугарскиот шовинизам. Во други случаи некои прашања не се доволно јасно образложени. Оваа околност дава можност таквите места да имаат двојно, честопати шовинистичко толкување".[15] Соодветно на упатството, а за одбегнување на секекво недоразбирање, Министерството за народна просвета на НР Бугарија, преку своето Одделение за проучување на учебното дело, испратило препорака за исправки во учебниците по историја. Наставниците, при изведувањето на наставата, биле должни да ги имаат предвид исправките.[16]

---

[13] Исто.
[14] А.М. ф. "Димитар Влахов", К.13, фасц. 19, а.е. 16.
[15] А.М. ф. Министерство за просвета на НРМ, 1947; Историска вистина, 386-388.
[16] Васил Јотевски, Националната афирмација..., 122-139.

Македонците од Пиринскиот дел на Македонија и не само тие, во овој период, се стекнале со уште една придобивка. Имено, ним и на бројната македонска емиграција во Бугарија им било овозможено своето образование, односно научно усовршување и професионално доформување да го продолжат и завршат во средните, вишите и високите образовни институции во Народна Република Македонија. Таквата можност тие не сакале да ја пропуштат и штом биле создадени услови за заминување, есента 1946 година во НР Македонија пристигнала првата група студенти-Македонци од Пиринскиот дел на Македонија и останатите краиштана НР Бугарија, каде живеел голем број од македонската емиграција. Во наредните години бројот на македонските студенти, од Пиринскиот дел на Македонија, ја надминал бројката од стотина.[17]

Согласно решенијата и одлуките на бугарската влада на 1 мај 1947 година, во Горна Џумаја била отворена првата легална македонска национална културно-просветна институција во Пиринскиот дел на Македонија, книжарницата и читалиштето на "Македонска книга". По кусо време, исти такви книжарници на "Македонска книга" биле отворени во Перич и Неврокоп. Тоа претставувало уште една културно-национална придобивка на Македонците во Пиринскиот крај.

На 7 ноември 1947 година, во присуство на делегација од НР Македонија, претставници на Националниот комитет во Отечествениот фронт на Бугарија, претставници на југословенската делегација во Софија, претставници на Сојузот на артистите на НР Бугарија, раководители на Обласниот комитет на БРП (К), раководители на

---

[17] Матична книга за запишаните студенти на Филозофскипт факултет во Скопје - Скопје.

Отечествениот фронт и пред многубројното граѓанство, во Горна Џумаја, свечено бил отворен Обласниот македонски народен театар. По тој повод, софискиот весник "Отечествен фронт" уште на 2 ноември истата година, ќе објави: "Со помош на министерството за информации и за уметност е формиран Обласниот македонски народен театар во Горна Џумаја. За директор е назначен артистот Јордан Петров, а за уметнички раководител Илија Милчин, поранешен драматург на скопскиот Народен театар".[18]

Со својот репертоар и дејност, Обласниот македонски народен театар во Горна Џумаја, за релативно кус временски период, прераснал во наше значајно културно-уметничко и национално жариште. Тој со својата мисија оставил силен печат на целокупниот културно - национален и општествен живот, не само во Горна Џумаја и околијата, туку во целиот Пирински крај. Со својата дејност во прилична мера придонел за слободниот духовен развој во овој дел од Македонија.

Владата на НР Бугарија, поточно нејзиното Министерство за народна просвета, преку својот министер Минчо Нејчев, на 9 октомври 1947 година, испратил писмо до полномошниот министер на ФНРЈ. Во тоа писмо министерот Најчев ги истакнал злоупотребите што ги правела бугарската влада во спроведувањето на сопствената политика по однос на решавањето на националното прашање, посебно по македонското национално прашање. Во писмото се истакнува дека Министерството на народната просвета на НР Бугарија решило уште истата 1947 година, во сите гимназии и прогимназии во Пиринскиот дел на Македонија да воведе

[18] Иван Ивановски, Обласниот македонски народен театар во Горна Џумаја, "Македонска ревија, Скопје, 1977, 18.

како посебни наставни предмети македонски јазик и македонска историја.[19]

Исто така, министерот за народна просвета на НР Бугарија го известил и полномошниот министер на ФНРЈ во Софија за разговорите што ги водел со одговорните раководители од НР Македонија. Тој ги запознал македонските раководители со решението на бугарското министерство на народната просвета за воведување на македонскиот литературен јазик и македонската национална историја, како посебни наставни предмети во училиштата во Пиринскиот дел на Македонија. Покрај тоа, тој ги запознал македонските раководители и со тешкотиите на кои наидувале при остварувањето на таа задача. Основна тешкотија, според него, претставувало тоа што во Бугарија немало доволен број на квалификуван наставен кадар кој со успех би ги предавале тие наставни предмети. Па заради тоа, министерот во писмото испратено до полномошниот министер на ФНРЈ во Софија, меѓудругото се вели:

"За да го решиме овој проблем што го имаме поставено, потреби нѝ се околу 100 учители кои мора добро да го владеат македонскиот литературен јазик. <u>На состанокот што го имав пред две недели со претставникот на Министерството за просвета на македонската република</u> добив ветување дека има можности такви учители да се пратат од Македонија".[20]

Во истото писмо, министерот за народна просвета на НР Бугарија, известува и за потребата за испраќање на извесен број македонски учители од Пиринскиот дел на Македонија на усовршување на македонскиот литературен јазик во НР Македонија. Таквото нивно

---

[19] А.М. ф. "Димитар Влахов", К.13, фасц. 19, а.е. 16. Оригинал на машина за пишување на српско-хрварски јазик.

[20] Исто.

усовршување им било неопходно поради потребите што се наметнувале од воведувањето на целокупна настава на македонски јазик во училиштата во Пиринскиот крај.

Ова писмо ја потврдува нашата констатација дека во меѓусебните односи со НР Бугарија, Македонија покрај федералните обврски во рамките на ФНРЈ, дејствувала и како субјективен фактор.

Распоредувањето на работните места на професорите и учителите кои биле испратени од НР Македонија на работа во Пиринскиот дел на Македонија, било извршено од страна на Министерството на народна просвета на НР Бугарија, а врз основа на Указот број 231 на Президиумот на Великото народно собрание, кој бил објавен во "Държавен весник" бр. 9 од 14 јануари 1948 година.[21] Со тој указ биле распоредени учителите кои во Пиринскиот крај пристигнале со првата група, додека учителите што пристигнале во втората група, распоредени биле според Указот на Президиумот број 148, исто така донесен од страна на Великото народно собрание и објавен во "Държавен весник" бр. 41 од 20 февруари истата година.[22]

Практичното распоредување на просветно-наставниот кадар од НР Македонија во Пиринскиот крај го извршила Горноџумаската обласна училишна инспекција.

Желбите на Македонците од Пиринскиот дел на Македонија, во својата средина да имаат учител од НР Македонија кои ќе ги предаваат наставните предмети македонски литературен јазик и македонска национална историја, биле големи, а можностите на младата македонска држава ограничени. Поради тоа, изливите на длабоки чувства и

---

[21] А.М. ф.Министерство за просвета на НРМ. Несреден материјал.

[22] Фотокопија од документот како лична своина се наоѓа кај учителот Благоја Пацановски од Прилеп и истиот бил учител во с. Бања, Разлошко.

потребите од македонските учители од страна на македонскиот народ од тој дел на Македонија биле манифестирани при секоја средба.[23]

Според гореспоменатите укази, Горноџумајската обласна училишна инспекција вака ги распоредила учителите од НР Македонија во Пиринскиот крај. Во Горноџумајската околија со градот и 16 населени места, во Светиврачката околија во 15, во Неврокопската во 17, во Разлошка во 8 и во Петричка во 12 населени места.

Од посебно значење е фактот дека, според одлуката на Президиумот на Народното собрание на НР Бугарија, македонските културно-просветни работници во Пиринскиот дел на Македонија требало да останат на работа до 14 септември 1950 година.[24]

Како што се гледа од погоре изложеното, движечка сила за национално-културната и воспитно-образовната активност во Пиринскиот дел на Македонија во периодот 1944-1948 година биле широките народни слоеви предводени од своите обласни раководства на БРП(К), Отечествениот фронт, младинската организација МНФО и другио организации и поединци. Сета таа активност се одвивала во рамките на бугарските закони и со знаење на највисоките државни органи, Владата, нејзините министерства и останатите државни институции. Па според тоа, во никој случај не може да се зборува за некаква антибугарска дејност од страна на самите бугарски државни органи, како што тоа во Бугарија сака да се прикаже по настаните што уследија по резолуцијата на Информбирото од јуни 1948 година. Оживотворувањето на сите овие

---

[23] Покрај бројните сеќавања што се наоѓаат во Документационото одделение "Д-р Велимир Брезовски" во ИНИ во Скопје, исти такви сеќавања на нашите наставно-образовни работнициво Пиринскиот дел на Македонија се објавувани и во дневниот печат "Нова Македонија", "Вечер", "Битолски весник" и во периодичните списанија "Просветен работник" и др.

[24] Митко Илиев, Сведоци, "Просветен работник", Скопје, 1979, 87.

национални придобивки со кои се стекнале Македонците во Пиринскиот дел на Македонија не одело така лесно. Напротив. Но, пречките постепено и со упорност се отстранувале. Наспроти долготрајниот процес при оживотворувањето на стекнатите национални придобивки во периодот од 1944 до 1948 година, со донесувањето на злогласната резолуција на Информбирото, која по својата содржина и суштина немала никаква врска со Македонија и македонскиот народ, последиците и промените од неа најжестоко се изразија токму врз иднината на македонскиот народ и токму на оној од Пиринскиот дел на Македонија, и се случија мошне брзо.

# ГЛАВА I

## МАКЕДОНЦИТЕ ВО ПИРИНСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1948-1956 ГОДИНА

## 1. Денационализацијата и асимилацијата како социолошко-политиколошко-историски процес

Да му се попречува некому развојниот процес при формирањето на самостојната национална свест, да му се всадува туѓа национална свест на недоволно формираната и свесна на своето потекло личност, да му се одзема народносниот т.е. етничкиот карактер, етничките белези го сочинуваат процесот на денационализација. Тој процес го врши една национална општествена категорија (буржоазијата), световна (државата) или духовна (црквата) власт врз личноста.

Денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ од страна на бугарската, грчката и српската пропаганда и држави во подалечното историско минато, од Грција и во поново време од Албанија, како психолошко-социолошко-политиколошко-историски процеси, досега од нашата историографска наука, со мали исклучоци, не се доволно обработени.

Предмет на мојата докторска дисертација воглавно ќе биде да ги проследам овие два процеса што ги вршела Бугарија како држава преку своите политички, административни, образовни, научни, културни и други институции и инструменти со кои таа располага и отпорот на Македонците за зачувување на сопствениот национален идентитет во периодот 1949-1968 година.

Почетоците на овие два процеси се сретнуваат уште во почетокот на минатиот век, кога во Македонија и Бугарија, или поточно во Турција,

отпочнале да навлегуваат буржоаско-капиталистичките општествени елементи при формирањето на новото капиталистичко општествено уредување.

Во историјата е познато дека буржоаската класа на еден народ била главниот столб и носител при формирањето и афирмирањето на една нација како посебна етничко-историска категорија на една епоха.

Економската неразвиеност на македонската буржоазија довела до нејзина зависност и потпаѓање под влијанието на помоќните буржоазии од тој период грчката, бугарската и српската буржоазија и нивните пропаганди.

Почетоците на процесот на денационализацијата што започнал да го врши национално свесната бугарска буржоазија врз македонскиот народ се совпаѓаат со оформувањето на бугарскиот народ како нација. Блискоста на јазиците, на бугарскиот со македонскот одигра огромна улога во корист на бугарската и онака поразвиена буржоазија. Наоѓајќи се во рамките на една држава (Турција), честопати во своите напори и стремежи за слобода на политичко или културно поле делувале заеднички. При тие услови, бугарската буржоазија, уште во самиот зародиш, македонското националноослободително движење го третирала не како национално туку како политичко и тоа секојпат го ставала во рамките на бугарското националноослободително движење.

Поаѓајќи од тие позиции, бугарската буржоазија, бугарската црква во подалечното минато, бугарската држава, кнежество, царство или република ги употребувале и сè уште ги употребува сите расположиви средства и методи за извршување на денационализација на македонскиот народ, а потоа да го асимилира во бугарско национално ткиво.

Во минатиот век под силниот притисок на големобугарската пропаганда и црква, преку отворените образовни и културни институции, процесот на денационализација врз Македонците во полза на Бугарите, привремено вродил плод.

Меѓутоа, во првите децении на XX век, македонските националноослободителни дејци преку своите здруженија и асоцијации успеале пред пошироката европска политичка, општествена и пред сè културна јавност да ја наметнало објективната историска вистина за постоењето на македонската нација при формирање. Со тоа, на бугарските политички, културни, религиозни и државни органи им се наметна сфаќањето дека македонското национално прашање не е политичко прашање со кое во иднина ќе може да манипулира бугарската држава.

Заради појавата на историската општествено-политичката меѓународна сцена на засебноста на македонската нација пред да биде создадена македонската држава, младите современи национални балкански држави и покрај тоа што Македонија се наоѓала во рамките на турската држава, презедоа, а некои сè уште преземааат мерки на денационализација.

Во поблиското минато, во светот на науката преовладувало мислењето дека појавата и формирањето на нацијата, како специфична народна заедница и историска категорија на определена епоха - епохата на капитализмот, се формира дури по создавањето на државата. Па од таму и поимот, односно терминот држава-нација. Меѓутоа, најновите историски процеси што се одвиваа и сè уште се одвиваат, особено во Африка, Азија и Јужна Америка таквото мислење го оспоруваат.

Македонија поточно македонскиот народ и покрај тоа што немаше создадено сопствена држава прво се осозна како нација. Таа, својата држава ја создаде дури по Втората светска војна. И тоа само во еден нејзин дел и во рамките на југословенската федеративна државна заедница. Другите нејзини делови, географски и народносни, останаа во рамките на постоечките балкански држави Албанија, Бугарија и Грција. Но и таму, кај Македонците "без своја држава" силно било развиено чувството на припадност кон македонската нација.

Како што може да се формира нација без да биде создадена национална држава, исто така и процесот на денационализација може да се појави и да се врши од страна на една национална општествена категорија каква што е буржоазијата, односно буржоаската класа.

Економски поразвиената буржоазија која живее во рамките на една, етнички туѓа, врши денационализација врз народите во таа иста држава чија буржоазија е на пониско економско и културно-просветно ниво. Таков бил и случајот со грчката, а подоцна и со поразвиената бугарска буржоаска класа во однос на македонската послаба, во рамките на турската империја, користејќи ја блискоста на јазикот и припадноста на иста религија и со помош на важечките закони на турската држава, Бугарија почнала да врши силен притисок.

Обата процеса, особено на денационализацитата, претставува неприроден процес што го презема посилната национално афирмирана буржоазија, без оглед на нејзиното политичко оформување на држава. Обата процеса се иновирани во политичките лабаратории на буржоаската класа и националните држави кои имаат освојувачки и поробувачки апетити, желби и претензии за владеење со туѓи народи.

Формирањето на националните држави ѝ овозможуваат на доминантната нација, економски и бројно, да врши притисок и денационализација врз сопствените граѓани кои по своето етничко потекло не и припаѓаат на доминантната - државна нација.

Процесот, односно политиката на денационализација што ја врши една национална држава, секојпат се вршела и се врши во полза на најбројната доминантна, честопати наречена "државна нација" на соодветната држава, без оглед на нејзиното општествено уредување. таков бил случајот и со Македонците кои по Балканските војни 1912-1913 година и Првата светска војна, потпаднаа под власта на Бугарија, Грција, Србија (подоцна Југославија) и Албанија.

Самиот процес, односно политиката на денационализација што се врши од страна на една организирана општествена сила, црквата или државата врз сопствените граѓани минува низ неколку фази:

- во првата фаза се врши притисок врз личноста за да предизвика кај неа недоверба во сопствената свест за припадност на одредена нација.

- втората фаза се карактеризира со појавата на губење на национална припадност. Во оваа фаза личноста сѐ уште е свесна или само чувствува дека по своето етничко потекло не му припаѓа на колективитетот од каде што доаѓа притисокот.

- во третата фаза кај личноста се јавува индиферентност за нејзината национална припадност и нејзе и е сеедно на која нација ѝ припаѓа.

- во чевртата фаза личноста упорно и систематски се всадува туѓа национална свест.

Откако ќе поминат овие фази на процесот-политиката на денационализација и откако личноста ќе ја загуби свеста за својата народна припадност, таа станува лесен плен за вториот процес, процесот на асимилација. Потоа следува фаза во процесот на денационализација кај личноста претставува доброволното прифаќање на туѓата национална свест.

При остварувањето на поставената цел за денационализација врз сопствените граѓани што живеат како малцинство во една држава, државата презема и еден друг чекор во начинот на вршење на денационализација и асимилација, тој е таканаречениот административен начин на денационализација и асимилација во полза на доминантната по број и економска моќ нација во државата.

Средствата и методите што се применуваат при денационализацијата се следните:

-кога една поразвиена и по број на општествена сила врши денационализација врз послабата и кога двете се во состав на држава која се разликува и од двете, каков што беше случајот на Македонецот, Србинот, Гркот и Бугаринот до 1912 година, тоа се правеше преку отворање на училиштата, градење на цркви во кои наставата и проповедта се изведуваат на туѓ за Македонецот јазик, бугарски, грчки или српски. Користени се и привилегиите што се доделуваа за вршење на стопанска и трговска дејност. Во периодот кога и силите што вршат денационализација и лицата врз кои се прави таа се наоѓаат во рамките на трета држава, методот на државна принуда бил исклучен.

- забраната на употребата на мајчиниот јазик и задолжителната употреба на туѓиот, официјалниот јазик на државата во периодот од 1912 година до 1944 година доведе до коренити промени при вршењето на

денационализацијата и употребата на средствата и методите за денационализација и асимилација врз македонскиот народ од страна на балканските држави.

Во овој период заштитата врз македонскиот индивидуалитет го вршеа македонските национални политички и културни организации, здруженија и асимилации, и од време на време во зависност од конкретните политички состојби и прилики во Македонија или сопствените држави, истакнати поединци од областа на културата и јавниот живот како и комунистичките партии на Бугарија, Грција и Југославија.

Втората светска империјалистичка војна, особено нејзиниот крај, на Балканскиот полуостров донела коренити промени. Со создавањето на македонската држава во рамките на југословенската федеративна државна заедница, процесот на денационализација и асимилација на Македонците во Вардарскиот дел на Македонија беше дефинитивно и засекогаш прекинат.

Политиката на денационализација и асимилација на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија што ја вршеше Бугарија до 1944 година од 9 септември до јули 1948 година исто така беше прекината.

Во Егејскиот дел на Македонија под Грција и оној што се наоѓа под албанска власт тој процес и таа политика трае до денешни дни.

## 2. Формирањето и програмските цели и задачи на Информационото биро на комунистичките и работничките партии во Европа

Кон крајот на септември 1947 година во Шкљарска Поремба во Полска било свикано основачко собрание и по седум дена во Варшава било формирано Информбирото како меѓународен центар на комунистичките и работничките партии во Европа. Основна задача на Информбирото била да организира размена на искуства, координација меѓу КП и работничките партии врз основа на заемната согласност.

По своите програмски цели и задачи тоа претставувало еден вид советодавно тело за размена на инфорнации и искуства и не можело да донесува никакви политички одлуки. Меѓутоа, СССР, односно СКП (б) поточно Јосиф Висарионович Сталин веднаш ги изневерил програмските цели и задачи. Сталин вршел притисок врз членките на Информбирото за да ги претвори во објекти кои нема да смеат да решаваат за нивните меѓусебни односи без знаење и одобрение на СССР, односно СКП (б) поточно Сталин. "Сталиновото разбирање за соработка и поврзување на социјалистичките земји, инспирирано од неговиот стремеж за потчинување и хегемонија, се огледувало во неговите настојувања од еден центар да се усмерува и определува надворешната политика 'на сите социјалистички земји и по пат на разни видови на стопанска и друга соработка, да го контролира и насочува нивниот внатрешен развој".[25]

[25] Savo Križavac; Dragan Markovic, Informbiro sta je to, "Sloboda", Beograd, 1976, 42.

Причината за судирот меѓу СССР и Југославија ФНРЈ односно Сталин - Тито бил обидот на Сталин преку советските стопански и воени стручњаци да воведе контрола врз политичкиот и стопанскиот развој на Југославија. Тито и партиското државно раководство на Југославија на тоа се спротивставиле. Во текот на пролетта 1948 година настанала преписка меѓу Тито и Сталин односно СКП (б) и КПЈ. Југословенските партиски и државни раководители настојувале недоразбирањата да се решат билатерално. Сталин и советските раководители настојувале да го интернационализираат прашањето. Недоразбирањата ескалирале и на сталиновиот притисок се одговарало со отпор. Југословенските раководители одбиле да седнат на обвинителна клупа на која сакал да ги постави Сталин. Во отсуство на југословенските раководители, на второто заседание на Информбирото што се одржало во Букурешт на 20-21 јуни 1948 година била донесена познатата резолуција "За состојбата во Комунистичката партија на Југославија".[26] Според оваа резолуција, покрај другото, КПЈ била исклучена од "семејството" на комунистичките и работничките партии на Европа т.е. од членките на Информационото биро. Но, со тоа таа се стекнала со самостојност како партија, а ФНРЈ како држава, која во иднина можела да донесува одлуки за својата внатрешна и надворешна политика без никаков притисок од надвор и без да бара одобрение.

Разгледувајќи ги документите од заседанијата на Информбирото од неговото формирање до неговото распуштање во 1956 година, со исклучок на предлогот на Трајко Костов да се интернационализира

---

[26] За првпат резолуцијата на Информбирото "За состојбата во Комунистичката партија на Југославија" била објавена во прашкиот весник "Руде Право" на 28.VI 1948 година. Белградскиот весник "Борба" ја објави на 30.VI 1948, годиште XIII/156, 5 и 6.

македонското прашање на заседанието во Букурешт,[27] кој бил одбиен, тоа никогаш не расправало за Македонија ниту за македонскиот народ т.е. нација, особено не за оној од Пиринскиот крај. Не осврнувајќи се на фактот што никаде не се споменува Македонија, ниту македонската нација, бугарското партиско и државно раководство во следните неколку денови постојано заседавало и секојпат во прв план му било прашањето поврзано со Македонија, македонскиот народ и делот во Пиринскиот крај.

[27] Добрин Мичев, Македондкият въпрос..., 432.

## 3. Промена на бугарската политика во однос на македонското национално прашање

Кога една политичка партија или организација се бори за освојување на власта во една држава, а самата се наоѓа во длабока нелегалност или претставува легална опозиција на актуелната власт, гледано од политичка призма, разбирливо и донекаде е оправдано таа политичка партија или организација да избира методи и да ја прилагодува својата стратегија за остварување на својата цел. Меѓутоа, за нас е несватливо, неприфатливо една политичка партија на власт која израснала во толкава сила во државата да ги менува своите принципи за кои во нетолку далечна историското минато самата се залагала. Еден од нив бил и принципот на разрешувањето на националното прашање, поточно на македонското национално прашање. Таков бил случајот со Бугарската работничка партија (комунисти), која во декември 1948 година била во Бугарска Комунистичка Партија (БКП).

Како што наведовме во воведот, политиката на Бугарија во периодот 1944-1948 година по однос на македонското национално прашање и поконкретно националните права на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија се базирала и се сообразила со објективната историска стварност за постоењето на македонската нација и на македонското национално малцинство во рамките на бугарската држава.

Официјалната бугарска власт, непосредно по донесувањето на Резолуцијата на Информбирото "За состојбата во КПЈ", брзо и лесно се сврте против сопствените довчерашни принципи, закони, владини уредби, укази, решенија, одлуки и други државни акти што претставувале признати историски придобивки на македонскиот народ, особено на полето на афирмацијата на националните права на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија и презеде ригорозни мерки против сопствените граѓани државјани на Бугарија, по националност Македонци и нивните пријатели.

И покрај јавното прокламирање на македонскиот народ од Пиринскиот дел на Македонија за единствен слободен "по Резолуцијата на Информбирото, особено по решенијата на XI пленум на ЦК на БРП(к), практично националните права на Македонците во Пиринскиот крај биле суспендирани, а со тек на време сосема и потполно укинати. За промените на бугарската политика во однос на македонското национално прашање и правата на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија, Резолуцијата на Информбирото "За состојбата во КПЈ" претставувала само повод, додека причините во основа се наоѓале во бугарскиот шовинизам, таа рак рана во живото тело на Бугарија,[28] за која во периодот 1944-1948 година се мислеше дека е излекувана.

Но, *дали било така?*

Бугарското партиско раководство било запознато со недоразбирањата што се појавиле меѓу СКП(б) и КПЈ уште во пролетта 1948 година, и преписката што се водела меѓу нив. И покрај скриените симпатии на Георги Димитров тоа раководство се определило за страната

---

[28] Георги Димитров, Всичко за фронта, в. "Работническо дело", 2.X 1944 година - преземено од Ванѓа Чашуле, Од признавање до негирање (Бугарски ставови за македонското прашање), Статии, говори, документи, Скопје, 1970, 27-29.

на Советскиот сојуз. И уште тогаш се отпочнало со приготвување на терен за ставање под контрола и во ограничени рамки на сите национални придобивки на Македонците од Пиринскиот дел на Македонија. Неможејќи сè уште отворено да истапи против желбите и стремежите на целиот македонски народ, тоа раководство се определило за отстранување од Пиринскиот крај на највлијателните и најзаслужните дејци за афирмацијата на националните права на Пиринците Георги Јосифов Мадолев, Крсто Стојчев, Асен Чаракчиев (Кожаров), Михаил Сматракалев, Кирил Николов и др. и ги испрати на служба далеку од Пиринскиот крај. На тој начин, бил направен првиот чекор кон кадровско обезличување на македонскиот национален раководен субјект.

На 27 јуни 1948 година во Софија бил свикан и одржан XV-от Пленум на ЦК на БРП (к). На заседанието биле присутни и сите секретари на окружните и околиските комитети на партијата.[29] Реферат за состојбата во КПЈ и донесената Резолуција на Информбирото во Букурешт поднел Трајчо Костов.[30] И покрај сè, Георги Димитров, во својата дискусија изразил уверување во "здравите" сили во КПЈ и настојувал односите меѓу југословенското и бугарското партиско и државно раководство да продолжат во правец на федерализацијата што била предмет на расправа во 1944 и 1947 година.[31] На крајот Резолуцијата на Информбирото "За состојбата во КПЈ" била едногласно прифатена.[32]

Според заклучоците на XV-от Пленум на ЦК на БРП (к), на 28 јуни целото партиско членство било запознато со Резолуцијата на Информбирото "За состојбата во КПЈ".

---

[29] Добрин Мичев, Македондкият въпрос..., 432.
[30] Исто.
[31] Исто, 434.
[32] Исто.

Од 5-ти до 8-ми јуни 1948 година, Политбирото на ЦК на БРП (к) и секретаријатот на ЦК на БРП (к) секојдневно, речиси, непрекинато заседавале. На едно од тие заседанија Владимир Поптомов[33] во својата дискусија говорел за антибугарската пропаганда во НР Македонија и во таа смисла предложил БРП (к) одново да заземе став по однос на македонското национално прашање.[34] Во својата дискусија Поптомов се заложил за признавање на правото на Македонците во Пиринскиот крај на културна автономија, но без јазик, без училишта на мајчин јазик, без македонски национални институции и др. На истите заседанија било предложено да се испрати писмо за барање мислење на Сталин за македонското национално прашање.[35] Од досегашната расположива документација не ни е познато дали одговорил и каков бил ставот на Сталин.

На 12 и 13 јули 1948 година во Софија била одржана седница на XI-от Пленум на ЦК на БРП (к). По поднесениот реферат од страна на Георги Димитров, Пленумот донел неколку решенија. За положбата во Партијата, за составот на Партијата, за марксистичко - ленинистичкото воспитување на членовите на Партијата, за тактиката на Партијата, за односот кон СССР и СКП (б), за зацврстување на колективноста во работата на ЦК и на Политбирото и др.[36]

---

33 Владимир Поптомов, Белица, Разлошка околија, Пирински дел на Македонија, 27.01.1890 - Софија, 1.05.1952 година. Истакнат македонски револуционер, член на ЦК на ВМРО (обединета), редактор на "Македонско дело". Со колебливи сфаќања по однос на македонското национално прашање, особено по Резолуцијата на Информбирото "За состојбата во КПЈ" од јуни 1948 година.

34 Добрин Мичев, Македондкият въпрос.., 437.

35 Исто, 439.

36 Българска комунистиюеска партия в резолуции и решения. На конгресите, конференциите, пленумите и политбирото на ЦК. Том IV, 1944–1955, София, 1955, 85–94.

Во рамките на тековните прашања што биле разгледувани на XI-от Пленум, била донесена резолуција во врска со ситуацијата во Пиринскиот крај. Во оваа резолуција се заклучува дека:

"Тргнувајќи од констатацијата дека на конференцијата на Блед[37] беше постигнат договор помеѓу другарот Георги Димитров и Тито, во смисла дека присоединувањето на Пиринскиот крај кон Народна Република Македонија и враќањето на Западните краишта кон Народна Република Бугарија ќе биде извршено само во рамките на една опште федерација на Јужните Словени и дека дотогаш Пиринскиот крај (респективно Западните краишта) остануваат во целост под суверенитетот на соодветната држава, давајќи му на населението културна автономија и дека таа состојба беше систематски нарушувана од страна на југословенскире раководители и особено од раководителите на Народна Република Македонија".[38]

Бидејќи на Конференцијата што била одржана на 30 и 31 јули и 1 август 1947 година, не била постигнат никаков договор меѓу Тито и Димитров, во гореспоменатата смисла за присоединување на Пиринскиот крај кон НР Македонија, а бил објавен само Протокол, односно Декларација што произлезе од него во 7 точки во која не станува никаков збор за федерализација, не наоѓаме за целисходно да го коментираме обвинувањето за "систематското нарушување" на таквиот проект од

[37] Бледската конференција била одржана на 30 и 31 јули и 1 август 1947 година и при тоа бил подготвен текстот на Договорот за пријателство и соработка и заемна помош меѓу ФНРЈ и НР Бугарија. Од конференцијата бил издаден Протокол од кој произлезе Декларација од 7 точки, според која не станало збор за федерација, уште помалку за присоединување на Пиринскиот крај со НР Македонија. Декларацијата е објавена во в. "Работническо дело" бр. 177 на 3.VIII 1947 година. Земено од Външна политика на Народна Република България, Сборник от документи и материяли. Том I 1944–1962, София, 1970, 90–93; ЦПА, ф. 214, оп. 1, а.е. 94, л. 1–18 земено од Добрин Мичев, Македонският въпрос.., 453–454.

[38] "Работническо дело" 15. VII 1948, Ванѓа Чашуле, Од признавање..., 140-142; "Пиринско дело", IV/21, 19.XII 1948, 1.

страна на југословенските и уште помалку, од македонските раководители.

Подолу во резолуцијата од XI-от Пленум се потцртува "дека поради таа политика на југословенските раководители и раководителите на македонската компартија, во Пиринскиот крај се создаде фактички недозволена положба на држава во држава, кога разни емисари на Народна Република Македонија си дозволувале да се однесуваат неконтролирано во Пиринскиот крај и да поттикнуваат непријателство кон бугарскиот народ, бугарската држава и БРП (к), а нашето бескритично однесување кон таа политика попречи да се пресече на време таа агитација".[39]

Во врска со ова обвинување можеме само да ги повториме нашите ставови изнесени и проследени со релевантните објективни историски факти од бугарска провиниенција изложени во воведот.

Поради ваквите и слични заклучоци, Пленумот на ЦК на БРП (к) ги донел следните решенија:

"1. Решително ја осудува антимарксистичката и тесно националистичката политика на југословенските раководители на македонската компартија, која разгорува непријателство кон бугарскиот народ и налева вода во воденицата на империјалистите". Докази за разгорување на такво непријателство, ниту имало ниту во документите биле презентирани. А македонските раководители немале ниту причина, ниту пак некој повод за поттикнување на такво непријателство, особено не кон бугарскиот народ.

"2. Поради новосоздадената положба во Федеративна Народна Република Југославија, нужно е да се потцрта дека федерацијата со

---

[39]Ванѓа Чашуле, Од признавање..., 141.

Јужните Словени и евентуалното присоединување на Пиринскиот крај кон Народна Република Македонија се возможни само при една Југославија, која ќе остане верна на заедничкиот социјалистички и демократски меѓународен фронт".

До федерација на Јужните Словени не дошло од многу причини, а што се однесува до присоединувањето на Пиринскиот крај кон НРМ и во овој дел од овој документ тој добил ново дефинирање се вели "евентуалното" присоединување. Во таа политичка игра, македонските раководители ниту смееле ниту пак можеле да се впуштат. Сето тоа од причина што западните бугарски краишта биле во состав на друга југословенска федерална држава, па според тоа немале што да понудат за возврат.

Во точка три од решенијата на Пленумот во врска со ситуацијата во Питинскиот крај се вели:

"3. Да не се дозволи во иднина никакво нарушување на суверенитетот на бугарската држава во Пиринскиот крај, да се запре секакво бесконтролирано преминување на границата од Народна Република Македонија во Пиринскиот крај и обратно".

Овој став бил во спротивност со решението од потпишаниот протокол од конференцијата во Блед, кој ги соржел следните елементи:

"3. *Со специјален договор да се создаде нов режим за двовласните* имоти во тек на целата југословенско-бугарска граница и истиот договор да го замени постоечкиот од 1939 година; да се упростат пасошките формалности за населението од двете страни и да се олесни преминувањето на југословенско-бугарската граница...".

Новиот став прифатен на XI-от пленум за македонскиот народ од Пиринскиот дел на Македонија оставил тешки последици до денешни дни.

Од субјективен фактор при решавањето на внатрешните и меѓусебните односи со НР Македонија, Пиринскиот дел на Македонија и Македонците во Пиринскиот крај ќе бидат претворени во објект кој ќе служи за пазарење на Софија, на внатрешен план, и меѓу Софија и Белград, на меѓународен.

Во натамошниот текст од точка 3 од резолуцијата на XI-от Пленум се вели: "да се стави крај на непријателската агитација на разните емисари ( учители, книжари и др.) и да се отфрли практиката за принудно изучување на официјалниот македонски јазик...".

Со овој став ЦК на БРП (к) директно и недвосмислено удира на македонската национална самобитност. Своите довчерашни одлуки и решенија и не само свои, туку и оние на Великото народно собрание, на бугарската Влада и нејзините министерства, ги укинува.

Во следните точки од Резолуцијата читаме:

"4. Да се продолжи со ненамалена енергичност политиката на културна автономија за македонското население во Пиринскиот крај преку изучување во училиштата на историјата на македонското ослободително движење и популаризирање на неговите дејци, да се создаваат македонски аматерски уметнички колективи и сл., да се воведе факултативно изучување на македонскиот литературен јазик во училиштата, кое да се врши од месни македонски учители...".

Со оваа точка се прави обид да се замагли решеноста на највисокиот партиски орган за забрана на сè што е национално македонско во Пиринскиот крај. Се сакало привидно да се мисли дека се прават обиди да се воведе некаква културна автономија, но без јазик, македонска национална историја, историја на македонската држава, туку само "историја на македонското ослободително движење", наместо

редовно и задолжително изучување на македонскиот литературен јазик во основните и средните училишта, како што барале Македонците од Пиринскиот крај, "факултативно изучување на македонскиот литературен јазик" и др.

Во точката шест од оваа резолуција била изнесена најнесватливата и најнеприфатливата констатација и барање:

"6. Да му се остави на населението во Пиринскиот крај самото слободно да ја определува својата националност".[40]

Вака донесената резолуција на XI-от Пленум на ЦК на БРП(к) "Во врска со ситуацијата во Пиринскиот крај" не можеше никого да заблуди и да не биде сватена правата вистина на оживеаниот бугарски шовинизам по однос на македонското национално прашање. Со оваа резолуција на ЦК на БРП (к) одново го претвори македонското национално прашање во политичко.

Наспроти договорот за тригодишна работа на наставницииите по македонска национална историја и македонскиот литературен јазик од НР Македонија кои работеле во Пиринскиот крај, тие веднаш и на најгруб начин биле протерани. Наспроти заложбите што ги правела Пиринската младина за воведување целокупна настава на македонски литератутен јазик и наместо учење историја на македонскиот народ било воведено факултативно учење на македонскиот јазик и факултативно проучување на историјата на македонското национално ослободително и револуционерно движење. Најтипичен пример за безкрупулозното однесување од страна на некои партиски раководители од Пиринскиот крај, кои во новонастанатата ситуација најбрзо се преобразија е примерот со сменувањето на репертоарот и јазикот на репертоарот на Обласниот

[40]Външна политика на..., 93.

македонски театар во Горна Џумаја. Според еден документ од Обласниот партиен (партиски) архив во Благоевград тоа било сторено по наредба на секретарот на Околискиот комитет на БРП (к) во Горна Џумаја, Стојне-Дончо Лисијски.[41]

И наспроти тешкиот и трновит пат што го поминале Македонците од Пиринскиот дел на Македонија и оживотворувањето и националната афирмација од 1944 до 1947 односно 1948 година, со донесувањето на Резолуцијата на Информбирото "За состојбата во КПЈ" и особено со резолуцијата на XI-от Пленум на ЦК на БРП (к) "Во врска со ситуацијата во Пиринскиот крај", новите заклучоци и решенија за негирање на постоењето на македонската национална самобитност и покрај јавното прокламирање за постоењето и заложбите за македонската држава и верувањето во "здравите сили" во НР Македонија и нудената "помош" на населението во Пиринскиот крај слободно да си ја определи својата национална припадност, спроведувањето во дело на новите ставови на ЦК на БРП(к)се случија молскавично.

---

[41] ОПА - Благоевград, Ф. 610. оп. 1, а. е. 1, л. 2. Земено од Веселин Ангелов, За дейноста на така наречения "Горноджумайски областен македонски народен театър през 1947–1948 година", "Исторически преглед", София, 1994–1995, кн. 3, 148–162.

## 4. Отпорот на Македонците од Пиринскиот крај и македонската емиграција на Резолуцијата на Информбирото и на XI-от Пленум на ЦК на БРП (к)

Решенијата на XI-от Пленум на ЦК на БРП (к) за бугарската историографија претставуваат самокритика на БРП (к) и почеток на отстранувањето на нејзините "грешки" по однос на македонското национално прашање. По завршувањето на овој Пленум, на сите партиски раководни личности, органи и организации во Пиринскиот дел на Македонија им било наложено да направат "самокритика за сопствената работа" по однос на македонското национално прашање.Во голем број тие тоа и го направиле. Но не сите.

Поранешниот претседател на Окружниот комитет на Отечествениот фронт Георги Јосифов Мадолев и покрај тоа што за своите заслуги во однос на националната афирмација на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија беше сменет од таа функција и испратен на работа во бугарската воена морнарица во Варна, воден од праведните идеали и чувства на одговорност го испратил своето писмо до ЦК на БРП (к) во која ја изразил својата несогласност со новите ставото на ЦК и на БРП (к) по однос на македонското национално прашање и поконкретно со ставовите што се однесуваат на Пиринскиот дел на Македонија. Во тоа писмо, Георги Мадолев во седум (7) точки ја образложува положбата во Пиринскиот крај и својата несогласност со политиката што ја зацртал ЦК на БРП (к) на својот XI-ти Пленум. Во писмото, меѓу другото, се вели:

"Другари,

Како член на поранешниот Областен комитет на РП (к) во Горна Џумаја, а сега член на Националниот совет на Отечествениот фронт - претставник на Пиринскиот крај на Македонија (како Македонец се чувствувам должен спрема својот крај, иако сум сега во служба во Народната армија), решив да поставам некои прашања од политиката на Партијата по македонското национално прашање, за кои јас не се согласувам со ЦК. Кои се тие прашања?"[42]

Во ова свое писмо Георги Јосифов Мадолев[43] во седум точки го обработува ставот на БРП (к) по однос на македонското национално прашање по 9 септември 1944 година. Ги истакнува желбите и стремежите на Македонците од Пиринскиот крај за присоединувањето кон својата матица Народна Република Македонија. Дава кус осврт на донесените решенија на X-от проширен Пленум на ЦК на БРП (к) од август 1946 година. На советувањето што било одржано на 6 јануари 1947 година,[44] на кое присуствувале македонските активисти и раководители од Пиринскиот крај и македонската емиграција, што било одржано во ЦК на БРП (к) во Софија. Го истакнува негативниот однос на Владимир Поптомов кон македонското национално прашање на тоа советување. Во првата точка од овој документ Г. Мадолев се задржува и на пропустите во

---

[42] А.М., ф. Варија. За прв пат документот бил објавен во весникот "Пирински глас", Скопје, 1951, III/3, 3. Преобјавен во "Историска вистина. Прогресивната општествена јавност во Бугарија и Пиринска Македонија за македонското национално прашање1896-1956", Избор и редакција Перо Коробар и д-р Орде Ивановски, Скопје, 1981, 451-455.

[43] Георги Јосифов Мадолев, Белкица, Разлошка околија, Пирински дел на Македонија. Истакнат македонсски национален деец од времето на партизанското движење од Пиринскиот дел на Македонија. Политички комесар на Разлошкиот партизански одред "Јане Сандански". Еден од најдоследните борци за националните права на Македонците во Пиринскиот ден на Македонија во повоениот период. Жевее во Софија.

[44] А.М., ф. ЦК на СКЈ, кутија 4; А.М. ф. СИП, кутија 2, не пагиниран наслов, стр. 52. Се однесува на советувањето што било одржано во 1948 година во Горна Џумаја и на кое присуствувал и Трајко Костов.

Статутот односно Уставот и Програмата на Отечествениот фронт. Одговорајќи на прашањето дали постои јасна линија на Партијата "за културното и националното прашање во Пиринскиот крај", Мадолев констатира дека такво нешто не постои.

Во втората точка Г. Мадолев говори за несогласувањата околу некои идеолошки прашања. И во оваа точка тој го истакнува негативниот однос на Владимир Поптомов околу македонското национално прашање и заклучува:

"Можат да се раскажуваат мошне убави приказни за принципиелноста, демократијата и социјализмот, но вистината е вистина, демократијата и социјализмот, во името на своите цели, обезбедуваат и должни се да обезбедуваат потполн расцут на секоја нација.

в) Кај нас не е сè во ред ни по прашањето на борбата против остатоците од великобугарскиот шовинизам."

Во третата точка од овој документ Мадолев го искажува своето незадоволство од расформирањето на Обласниот комитет со седиште во Горна Џумаја и од лишувањето на македонскиот народ од овој дел на Македонија од свое политичко тело кое ќе ги брани македонските национални интереси.

Во четвртата точка приговара зошто редакцијата на весникот "Пиринско дело" била, пренесена во Софија, и зошто истиот весник од орган на ОФ на Пиринскиот крај, станал издание на Нациналниот совет на ОФ.

Во петтата точка Мадолев го објаснува националниот карактер на населението и вели:

"Во своето огромно мнозинство населението во овој крај е македонско, освен малку Бугари, доселеници, чиновници и Помаци. И

колку неискрено (фалшиво - во оригиналото), звучат приказните на пр. "потполна слобода", "самиот" народ, да ја определи својата припадност, својата националност - бугарска или македонска". Овде Мадолев удира директно на донесената резолуција на XVI-от Пленум на ЦК на БРП(к) "во врска со состојбата во Пиринскиот крај".

За јазикот, културата и другите македонски национални белези, Мадолев говори во шестата точка за да заклучи: "Иако засега не е актуелно прашањето за присоединување на Пиринскиот крај кон Народната Република Македонија, прашањето за јазикот, културата и др. на Пиринскиот крај и го поставуваме на Народна Република Македонија, како основна задача развитокот на националната култура, и како најважно јазикот. Потребно е во најблиска иднина да се воведе во училиштата македонскиот јазик како обврска "... бугарскиот јазик и култура нема ништо да загубат ако на Пиринскиот крај му се обезбеди расцут на македонската национална културата и јазик".

Во седмата и последна точка од овој документ Г. Мадолев констатира дека: "конференцијата што е одржана во Горна Џумаја[45] каде што е разјаснет ставот на НС на ОФ по македонското прашање наместо да даде позитивни, даде негативни резултати". За подолу да заклучи: "Од сето гореизнесено, очевидно е дека јас не сум согласен, и не само јас, со политиката на партијата за работите во Пиринскиот крај..."[46]

За одбележување е тоа што Георги Јосифов Мадолев уште во јануари 1947 година имал подготвено цела студија во вид на монографија за Пиринскиот крај. Но кога таа студија била испратена во Софија, како што бил обичајот, во ЦК на БРП(к) на рецензија и одобрение оттаму до

---

45 А.М., ф. СИП, к.2, не пагиниран наслов, 52.
46 А.М., ф. ЦК на КПМ, 1948 година.

ден денес нити е објавена, ниту во бугарските архиви е достапна за архивско користење.[47]

Резолуцијата на на ЦК на БРП(к) "Во врска со ситуацијата во Пиринскиот крај" и не само таа предизвикала бурна реакција како меѓу Македонците во Пиринскиот крај исто така и меѓу многубројната македонска емиграција. За тие нивни правилни реакции располагаме со некои документи или делови од документи кои бугарските научни работници ги интерпретираат на свој начин. Имено, по објавувањето на резолуцијата за состојбата во Пиринскиот крај, во Софија на 20 јули 1948 година, членовите на Централниот иницијативен комитет на македонските културно-просветни друштва во Бугарија се состанале да ги разгледаат решенијата на XI-от Пленум.

Претседателот на ЦИК на МКПД Васил Ивановски поднел реферат во кој го изразил своето несогласување со политиката на партијата во Пиринска Македонија и особено со ставот за факултативно изучување на македонскиот јазик, против протерувањето на македонските учители и книжари и др.[48] Тој истакнал дека така на брзина донесените решенија биле донесени под влијанието на Владимир Поптомов кого го обвинил за национализам. Исто така, тој истакнал дека ЦК на БРП (к) не го познава доволно македонското прашање итн. На крајот Васил Ивановски предложил раководството на македонските културно-просветни друштва да изготват писмо во кое ќе го изложат својот став и истиот да го испратат до Комунистичкото Информбиро за да го запознае со грешките на Централниот комитет на БРП (к) по однос на македонското национално

[47] Радон Спасов, Фактите зборуваат, "Пирински глас", Скопје, 23. IX 1950, II/22-23 и "Пирински глас", Скопје, 10. X 1950, II/23, 2-4.
[48] ЦПА, София, ф. 214, оп. 1, а.е. 570, л. 29. Преземено од Добрин Мичев, Македонския въпрос.., 452 и Васил Ивановски, Зошто ние Македонците сме одделна нација, Предговор, избор и редакција Иван Катарџиев, Скопје, 1995, 59-65.

прашање. Предлогот бил делумно прифатен и наместо рефератот да го испратат до Коминформот, одлучено било истиот да биде испратен само до ЦК на БРП(к).[49] Следниот ден, рефератот го потпишале неколку членови на ЦИК на МКПД Кирил Соколов, Васил Ивановски, Ангел Динев, Михаил Сматракалев и др.[50] го испратиле писмото-рефератот до ЦК и во него го истакнале фактот дека решенијата на XI-от Пленум биле во директва спротивност со решенијата по истоо прашање донесени на X-от проширен Пленум во август 1946 година. Во истото писмо- изложување тие се залагале за територијална, политичка и културна автономија на Македонците во Пиринскиот крај. Тие го критикувале ЦК на БРП (к) заради тоа што не дозволил во Пиринскиот крај да се отворат македонски училишта, заради тоа што Обласниот МНТ не добивал помош од државата, заради тоа што в. "Пиринско дело" излегувал на бугарски јазик итн.[51] Во истото писмо тие го кренале својот глас против Трајчо Костов, Васил Коларов и Владо Поптомов и истите ги обвиниле за нивните застарени гледишта по однос на македонското национално прашање и заради нивното негирање на македонската нација. Тие се изјасниле категорично против решенијата на Шеснаесеттиот пленум за давање на некакво право за самоопределување на Македонците од Пиринскиот дел на Македонија од причина што таму немало Бугари. Тие биле против факултативното изучување на македонскиот јазик, против присоединувањето на Пиринскиот дел на Македонија кон НР Македонија само во рамките на Јужнословенската Федерација. Тие истакнувале: "два дена, еден ден да е, но да е порано присоединувањето на Пиринска

---

[49] Исто, 453.

[50] ЦПА, ф. 214, оп. 1, а.е. 490, л. 1-18.

[51] Добрин Мичев, Македонския въпрос...,453; Васил Ивановски, Зошто ние Македонците...,

Македонија кон НР Македонија...[52] На крајот од писмото тие го кренале гласот против прогонувањето на учителите од НР Македонија, кои ги предавале наставните предмети историја на македонскиот народ и македонскиот литературен јазик во основните и средните училишта во Пиринскиот крај во учебната 1947/48 година и се залагале за задолжително учење на македонскиот литературен јазик во "Пиринска Македонија" како што стои во документот.

Овој документ бил предмет на расправа на 29 јули 1948 година од страна на Политбирото, значи највисокиот партиски орган на ЦК на БРП(к). На истиот состанок, од страна на ЦИК на МКПД биле присутни Васил Ивановски, П. Хаџиделев, Кр. Стојчев, Хр. Михајлов и Иван Масларов. Од страна на Политбирото биле присутни: Георги Димитров, Вл. Поптомов, Трајко Костов, А. Југов, Г. Дамјанов, Ц. Драгојчева, Д. Ганев, Минчо Нејчев, Георги Чанков, Д. Терпешев, Титко Чернопеев, Д. Дичев.[53]

На ова место сакам да направам една дигресија за која што сметам дека има директна врска со настаните и положбата во Пиринскиот крај што ќе настапат следните години. Од сите членови на Политбирото, што биле присутни на овој состанок, на кој било разгледувано писмото во кое било изложено несогласувањето на македонските членови на ЦИК на МКПД во Бугарија, за кусо време ја напуштија историската односно политичката сцена во Бугарија.

Георги Димитров умрел во санаториумот "Барвиха" кај Москва на 2 јули 1949 година, во монтиран политички процес, обвинет за соработка со западните инперијалисти и титов соработник, Трајчо Костов бил осуден и

---

[52]Исто.

[53] Исто, 454; ЦПА. ф.1, оп. 6, а.е. 527, л. 1-2, а.е. 525, л. 2.

стрелан на 17 декември 1949 година. Каква иронија, на истиот процес биле обвинети и македонските дејци Васил Ивановски, Иван Масларов, Благој Хаџипазнов кој претходно ја имал прифатено и се одлучил за резолуцијата на ИБ од јуни 1948 година и остана да живее во Бугарија и Илија Бајалски.[54]

По завршената дебата околу поднесеното изложение, Политбирото ги донело следните решенија:

"1. Во врска со писмото на комунистите, членови на Централниот иницијативен комитет на македонските културно-просветни друштва во Бугарија (В. Ивановски, Ан. Динев, Соколов, Петар х. Делев, Хр. Михајлов, Коцева) до Цк на партијата со кое се искажуваат против решенијата на XVI от Пленум за Пиринскиот крај, ПБ решава:

а) се осудуваат од нив изнесените ставови во писмото како штетни и како налевање на вода во воденицата на антисоветската и антипартиските и националистички посегања на денешните југословенски раководители..."[55] И покрај тоа што во писмото никаде не се споменува ниту Југославија, уште помалку Советскиот Сојуз, изгледа ниту една резолуција на тогашното бугарско партиско раководство не можело да се донесе без барем само споменување на Советскиот сојуз.

"б) Во врска со изјавата на В. Ивановски, дадена пред ПБ, а имено: Јас изјавувам дека штом Информбирото има исто становиште, мене не ми преостанува ништо друго, освен да се согласам со тоа, но истовремено го молам ЦК да ме ослободи од работата во иницијативниот македонски комитет, бидејќи мене ќе ми биде непријатно да ја спроведувам таа нова

---

[54] Отпаднати членови на ЦК и на нивно место советски луѓе, "Пирински глас", Скопје, 17.VII 1951, III/9,4.
[55] Добрин Мичев, Македонския въпрос...454.

политика, затоа што мошне многу сум задолжен од досегашните мои разбирања, кои потекнуваат уште од пред 16 година".[56]

Васил Ивановски си останал доследен на своите сфаќања и убедувања за постоењето на самостојноста на македонската нација. И во историски моменти кога за секој искажан и напишан збор лесно се губеше и глава, тој јасно и гласно и со дела го бранеше своето определување како македонски национален деец.[57]

Политбирото се согласило со неговото барање и го ослободило В. Ивановски од функцијата претседател на ЦК на МКПД во Бугарија. Но политбирото не се задоволи само со тоа.

"2. За грубо нарушување на партиската дисциплина и статутот, како работник во Агитпроп на ЦК, затоа што без знаење на ЦК, во својство на претседател на Централиот иницијативен македонски комитет ги собрал комунистите членови на тој комитет и на негов предлог тие решиле да се изјаснат против решението на XV-от пленум, а после тоа го пренесува тој став пред пленарно заседание на Комитетот на кое присуствувале и непартијци: да му се изрече партиска казна "Јавна осуда" пред партиската организација и да го ослободи од работа при Агитпропот во ЦК. Казната да му се запише во контролната книшка.[58]

На истиот состанок било решено дека Крсто Стојчев не можел повеќе да биде користен за партиската работа во "Пиринска Македонија" затоа што "тој бил мошне ангажиран во спроведувањето на политиката по македонското прашање која била осудена од страна на XI-от пленум".[59]

---

[56] Исто, 455.

[57] Види поопширно Васил Ивановски, Зошто ние Македонците сме посебна нација, Избрани дела со предговор, избор и редакција на Иван Катарџиев, Скопје, 1995, 1-325.

[58] Добрин Мичев, Македонския въпрос.., 455.

[59] Исто.

Непосредно по овие настани Ангел Динев, неприфаќајќи ја одлуката за промената на раководството на ЦИК на МКПД во Бугарија, во својство на потпретседател, испратил писмо до ЦК на БРП (к) во кое писмо ги повторил заложбите и сфаќањата на Васил Ивановски во однос на новата политика на БРП (к) изложена во резолуцијата на XV-от пленум. Тоа писмо го потпишале Б. Иванов, Лука Геров, Д. Данаилов, Х. Д. Панзов, М.Р. Бошковски, Петар Великов Боинов, О. Колачева, Костадин Мичев, Стеф. Христов и Д. М. Христов.[60] На крајот на писмото, Ангел Динев го известувал ЦК на БРП (к) дека му испраќа два примерока со цел едниот ЦК на БРП (к) му го испрати на Информбирото, а самиот тој, еден примерок ќе ѝ достави на "Македонската комунистичка партија". Писмото на Ангел Динев било објавено во август-септември 1948 година во белградскиот весник "Борба" и во "Нова Македонија" во Скопје.[61] Писмото на Динев во Бугарија предизвикало бурни реакции. Плашејќи се за сопствениот живот А. Динев во последен момент успеал да пребега преку границата и да се врати во НР Македонија.

Не со толкава гласност и јасност и Асен Чаракчиев се обратил со писмо до ЦК на БРП (к). Тој со своето писмо до ЦК на БРП (к) повеќе поставувал прашања до ЦК и од него барал разјаснувања. Но сепак и тој со своето писмо од ЦК побарал "јавно да се признае постоењето на македонската нација и ја истакнувал неопходноста од зацврстувањето на македонската национална свест и развој на културната автономија во Пиринска Македонија..., барал да се признае македонскиот литературен

---

60 Ванѓа Чашуле, Од признавање..., 170-188.
61 Мито Хаџивасилев Јасмин, Дела V, Скопје, 1982, 26.

јазик... и на крајот тој предлагал петте околии во Пиринска Македонија да образуваат автономија и административна обласна единица".[62]

Таквите активности и барања што ги поставувале Македонците од Пиринскиот дел на Македонија и од македонската емиграција во Бугарија предизвикаа растревоженост во Централниот комитет на БРП (к). Како би парирало на таквите зачестени барања Политбирото на ЦК на БРП (к) на 23 септември 1948 година повторно заседавало и по којзнае кој пат на дневен ред било прашањето поврзано со македонското национално прашање и состојбата во Пиринскиот крај како и онаа меѓу македонската емиграција во Бугарија. На заседанието на Политбирото од 23 септември било решено на местата на сменетите македонски раководители Васил Ивановски, Ангел Динев, Георги Абаџиев и Радој Спасов во раководсатвото да влезат спроводниците на новата политика зацртана на XI-от пленум Владимир Поптомов, Христо Калајџиев, Александра Хаџи Димова и Гр. Костов.[63]

Со отстранувањето на Васил Ивановски, Ангел Динев, Георги Абаџиев, Радој Спасов и други македонски национални дејци од раководствата на македонската емиграција во Бугарија, како и на Георги Јосифов Мадолев, Крсто Стојчев, Асен Чиракчиев, Ефтим Георгиев, Михаил Сматракалев, Кирил Николов, Васил Василев, Атанас Атанасов, Страхил Г. Димитров и многу други од Пиринскиот крај, кои до резолуцијата на Информбирото ја спроведуваа политиката што ја наметнуваше самиот македонски народ, во новосоздадените услови и покрај јавното прокламирање за постоењето на македонската нација и подршката за "Културна автономија" на Пиринските Македонци, во

---

[62] Добрин Мичев, Македонския въпрос.., 456-457; ЦПА, ф. 214, оп. 1, а.е. 570, л. 91.
[63] Исто, 458-459.

Бугарија беа поставени темелите врз кои во иднина ќе се обнови процесот на денационализација врз Македонците од Пиринскиот дел на Македонија кој беше прекинат во периодот од 1944 до 1948 година.

## 5. Македонското национално прашање по V-от Конгрес на БКП

Од 18 до 25 декември 1948 година, во Софија бил одржан V-от Конгрес на БКП(к), која на самиот Конгрес била преименувана во Бугарска комунистичка партија (натаму БКП).

Реферат за политичката состојба во Партијата, до одржувањето на V-от Конгрес на БКП (к) поднел Георги Димитров. Во посебен поднаслов бил обработен проблемот околу прашањето на "Федерацијата на Јужните Словени и македонското прашање".[64]

Фрагменти од овој поднаслов наоѓаме во, повеќе пати цитираниот труд на Добрин Мичев.

Георги Димитров, во поднесениот реферат околу "Федерацијата на Јужните Словени и македонското прашање", македонското прашање и неговото "правилно" разрешување го става исклучиво во рамките на општите југословенско-бугарски односи игнорирајќи го постоењето на македонската држава во рамките на југословенската федерација.

Говорејќи за положбата во Пиринскиот крај Г. Димитров речиси целосно им се посветувил на состојбата во НР Македонија и нејзините заложби за национална афирмација на Македонците во тој дел на

---

[64] Петти конгрес на Българската комунистическа партия (18–25. XII 1948 г.). Стенографски протоколи, част I, София, 1949, 188. Преземено од Добрин Мичев, Македонския въпрос.., 462.

Македонија, квалификувајќи го тоа како империјалистички заложби, тесно националистички и со антибугарска кампања.[65]

На крајот од својот реферат Георги Димитров, сепак го признал правото на македонскиот народ на национално обединување, но во рамките на една јужнословенска федерација со поткрепа на Советскиот сојуз и "народно демократските држави и со друго југословенско раководство".[66]

Како што погоре изнесовме овие изнесувања на Георги Димитров се во спротивност со желбите и стремежите на Македонците од Пиринскиот дел на Македонија и на Македонците-емигранти во Бугарија.

На V-от Конгрес на БКП од Пиринскиот дел на Македонија биле присутни 30 лица меѓу кои: Владимир Поптомов, Крсто Стојчев, Стојне Лисијски, Георги Хаџииванов, Горан Ангелов, Коста Керамитчиев, Иван Делев, Георги Данилов, Теѓу Кујумџиев, Георги Јосифов Мадолев, Владимир Сандев и др.[67]

Од сите нив, некои биле "делегирани" само за да си ги признаат "гревовите" направени во периодот 1944-1948 година, а некои да ја одобрат и прифатат новата линија на Партијата по однос на македонското национално прашање.

Во својата дискусија Георги Јосифов Мадолев, автор на познатото писмо до ЦК на БРП (к) за неговите несогласувања со новата политика на БКП по однос на Пиринскиот крај, "се обидел" да ја подложи на критика својата активност и активноста на останатите раководители на

---

[65] А.М., ф. ЦК CKJ, к. 4. Документот е под наслов Kakav je bio i kako se razvijao odnos bugarske vlade i Partije prema Pirinskoj Makedoniji posle Rezolucije Informbiroa do danasi u čemu se konkretno manifestovao?

[66] Петти конгрес на Българската комунистическа партия (18–25. XII 1948 г.). Стенографски..., 194.

[67] История на Благоевградската окръ`на организация на БКП, София, 1979, 347.

расформираните обласни комитети. При тоа во еден научен труд се вели дека "во својата дискусија Г.Ј. Мадолев се обидел да ја критикува својата и на останатите поранешни обласни раководители активност за македонизирање на населението во Пиринска Македонија, нивните врски со Скопје и др. Тој се правдаше дека не ги согледувал вистинските намери на југословенското раководство во однос на БРП (к), Бугарија и особено на Пиринска Македонија; изнесе редица факти за дејноста на скопските раководители за сеење омраза против Партијата и бугарскиот народ, за нивните обиди да го решат македонското прашање во своја корист, независно од создавањето на јужнословенската федерација. Говорел за неговата недоверба во ЦК правилно да го реши македонското национално прашање и го критикуваше своето писмо до ЦК по повод решенијат на XI-от Пленум".[68] Во овој извод од дискусијата на Мадолев, Добрин Мичев не дава ниту еден конкретен податок, ниту факт, а обидите за решавањето на македонското национално прашање што ги правеле Македонците од Пиринскиот дел на Македонија, за него биле голем грев. Наспроти таквото толкување тука ќе понудиме уште еден автентичен документ што Ѓеорѓи Мадолев го испратил во вид на писмо до Перо (Коробар или Ололовски), за неговиот живот и неговото службување во Варна.

"Др. Перо,

Ти се јавувам од фалениот и убав град Варна, по моето стапување на должност - заменик началник на воено-поморското училиште. За мојот живот не можам со ништо да ти се пофалам, затоа што ти многу добро го знаеш моето сегашно расположение.Ќе ти речам дека вложувам голем напор да ја извршувам својата работа нормално, но и покрај сите мои

68 На истото место, 570-577; Добрин Мичев, Македонския въпрос.., 465.

напори не сум во состојба тоа да го правам, затоа што желбата да останам тука од ден на ден ми е сè помала. Денес му пишав писмо на Крсто Стојчев и на Военото министерство во кое им пишувам дека ако не ме преместат ќе бидам принуден да поднесам оставка и да ја напуштам службата. Јас сум свесен дека таквата моја оставка може да ми донесе многу непријатности и многу лоши последици, но јас сум решил да се борам против ваквата состојба во која сум денес, независно од резултатите. Од ден во ден мене ми е сè потешко за мојот македонски крај, а мојата сегашна работа не е во состојба да ја замени мојата досегашна општествено-политичка активност.

За мене, др. Перо, дојдоа тешки мигови и јас чувствувам дека секоја моја постапка може да биде судбинска за мојата иднина, но и покрај тоа нема да се помирам со сегашната состојба, туку ќе се борам за правда. По цел ден во мене се води страшна внатрешна борба, се плашам за кусо време дека ќе се сотрам. Си мислам, да не се препуштам премногу на силните чувства, дали ја губам рамнотежата и др.

Јас знам, др. Перо, дека ако ја напуштам службата тешко ќе бидам казнет од партијата, но и покрај тоа решив да го прифатам тој ризик - но не можам тука да останам.

Сакам да ми пишете како сте во Горна Џумаја и во областа, што работите, како од работата, сакам да ми пишете за сите тешкотии со кои се судрувате и др. Кажи му на Мирче (Мирче Јуруков-В.Ј.) да ми го испраќа "Пиринско дело" на адреса: Војно-морска школа Варна.

Работете со сите сили во нашиот македонски крај, јас никогаш нема да ги прекинам врските со мојот народ, независно во какви услови да

живеам. Поздрави ја твојата другарка, Перо, неговата другарка, мојата сопруга и сите пријатели што не ме заборавааат".[69]

Од ова писмо можеме да заклучиме дека бугарската политика кон македонското национално прашање и поконкретно кон националната афирмација на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија отпочнала да зазема нови ставови, спротивни на решенијата и одлуките на X Пленум од 1946 година, уште пред да биде донесена резолуцијата на ИБ "За состојбата во КПЈ" и резолуцијата на XI-от Пленум "во врска со ситуацијата во Пиринскиот крај" и дека веднаш биле преземани чекори против Македонците кои се залагале за што поскоро и поуспешно спроведување на праведните решенија на БРП (к) на бугарското собрание, Владата на НРБ и др. партиски и државни органи. Тоа значи дека резолуцијата на Информбирото "За состојбата во КПЈ" претставувала само <u>повод</u> за промената на односот на бугарската политика кон македонскиот народ од Пиринскиот дел на Македонија и нивните настојувања за обединување со НР Македонија.

Убавите декларативни изјави што биле изнесени на V-от конгрес на БКП веќе никого не можеле да го залажат. Судирот што настанал и зел широк замав по резолуцијата "За состојбата во КПЈ" на Информбирото, резолуцијата на XI-от Пленум на ЦК на БКП, особено по V-от конгрес на БКП, меѓу бугарската партија и држава, новите раководства во Пиринскиот крај и на македонската емиграција од една страна и Народна Република Македонија и целиот македонски народ од друга, само привидно изгледал како судир на две политички концепции. Бугарската политика со сите сили настојувала и сè уште настојува да го прикаже како политички. Но, во самата суштина тој бил и сè уште е антинационален,

[69] А.М., ф. ЦК СКЈ, к. 4, бр. 140/2.

насочен против самобитноста и самостојноста на македонската нација. Против таа антимакедонска, по содржина и суштина, политика на бугарското партиско и државно раководство, посветените македонски национални дејци ја избраа страната на својот народ. Тие, чесните македонски раководители на Пиринските Македонци се определија за страната на својот народ. За нив не постоеше дилема дали треба да го слушаат гласот, желбите и стремежите на својот народ или да ги спроведуваат директивите на повисоките партиски раководства.

Наспроти нив, кариеристите кои ги има во секоја средина и по обичај се придружници и случајни сопатници на секоја револуција и борба, ги прифатија препораките и директивите што доаѓаат од Софија. Заради својата активност и односот во служба на својот народ, првите беа испраќани во интернација, апсени, изведувани пред "народните" судови и осудувани на тешки временски и други казни, а пред вторите постоела "перспектива" и унапредување во кариерата, проследени со најразновидни привилегии. Народот ги памети првите, додека вторите служат за презир и се споменуваат само како лош пример.

## 6. Промените во партиските и државните раководни структури во НР Бугарија по V-от конгрес на БКП

Во својот реферат што го поднел Георги Димитров на V-от конгрес на БКП, во делот што се однесувал на Резолуцијата на Информбирото "За состојбата во КПЈ", тој само ги повтори обвиненијата што ги содржеше резолуцијата. Во рефератот не се забележуваше ништо лично, ништо повеќе ниту против Тито, ниту против Југославија, уште помалку против желбите и стремежите на македонскиот народ кон обединување, иако го нападна македонското партиско и државно раководство.

Не може да се рече дека Георги Димитров не ги исполнувал добиените задачи од СССР, односно Сталин. Но тој, пред сè и над сè ја сакал Бугарија и бугарскиот народ и настапувал колку што му дозволувале неговите сили да ги осамостали за во иднина. Таквиот негов однос за Сталин бил очигледен. Заради тоа, за спроведување на неговата политика му бил потребен човек кој без поговор ќе ги извршува поставените задачи добиени од Москва. Таков човек бил најден во ликот на В'лко Червенков, кој на V-от конгрес на БКП бил избран за еден од секретатите на Централниот комитет.

Набрзо по одржувањето на V-от конгрес на БКП, генералниот секретар Георги Димитров "незабележително" и "тивко" од "здравствени" причини постепено го "препушти" раководството на Политбирото и на ЦК на БРП на В'лко Червенков, се разбира со одобрение и поддршка на СКП (б) односно Сталин.

Како потреба се наложило и отстранувањето на една доминантна фигура од бугарската партиска политичка сцена. Тоа бил Трајчо Костов. Неговото отстранување навистина отпочнало уште додека бил жив Георги Димитров, но и тогаш целата акција ја водел и докрај ја извел Червенков.

Во периодот по смртта на Георги Димитров (2. VII 1949 година), судењето, пресудата и егзекуцијата на Трајчо Костов (XII 1949 година) и релативно, условно речено, брзата смрт на заменикот на Г. Димитров, Васил Коларов (23. I 1950 година), од редовите на Политбирото и од самиот ЦК на БКП биле отстранети речиси сите партиски и воени раководители што го предводеа антифашистичкиот отпор во Бугарија во периодот меѓу двете светски војни и за време на Втората светска војна и на нивно место беа доведени Бугари кои живееле во Советскиот сојуз повеќе од 20-25 години. Во тој период била создадена положба на сомневања и недоверба, на неосновани обвиненија и репресија над раководни политички и државни раководители. Никој во никого не верувал и никој со сигурност не знаел од каде пристигнуваат наредбите. Секој оној кој не ги извршувал поставените задачи бил потенцијален кандидат да стане жртва.

Така на пример, од почетокот на 1949 до првата половина на 1950 година, од Политбирото и ЦК на БКП биле отстранети или починати: Г. Димитров, Тр. Костов, В. Коларов, Добри Терпешев, Антон Југов, Цола Драгојчева, Петко Кунин, Јордан Катранџиев, Димитар Ганев, Васил Марков, Иван Масларов, Бојан Б'лгарјанов, Никола Павлов-Камар, Манол Секеларов и др. На нивно место биле доведени луѓе чии единствени квалитети биле верно да му служат на Советскиот Сојуз и да се поседува ропска покорност пред СКП (б) и Сталин. Такви личности беа новоименуваните членови на ЦК на БКП Стела Благоева, која во

Советскиот Сојуз престојувала од 1926 година, а се вратила во Бугарија 1946 година; Кирил Лазаров кој во СССР бил од 1924 до 1945 година; Карло Луканов од 1926 до 1945 година; Фердинанд Козовски 1926 до 1944 година, Петар Панчевски 1926 до 1945 година; Елена Михајлова (сестра на Георги Димитров и сопруга на В'лко Червенков) и Александар Иванов Миленков од 1928 до 1944 година.[70] Со новиот избор ЦК на БКП не бил пополнет во целост. Меѓутоа, за В. Червенков и новоизбраните членови на ЦК тоа не претставувало никаква пречка во извршувањето на поставените задачи и директивите што доаѓале од Москва.

Ваквиот начин на работа и дејствување на В. Червенков му овозможија решенијата на V-от Конгрес на БКП, според кои одлуките на Конгресот, како и одлуките на повисоките партиски форуми и органи не се поставувале за дискусија, туку се давале само како информација и извршување на поставените задачи што произлегувале од нив.[71] Истото тоа му било овозможено и со укунувањето на Законот за имунитет,[72] кое нешто му овозможило да врши следење истрага и апсења и на највисоките партиски и државни раководители. Уште повеќе, во истражните процедури, апсења и судските подготовки на монтираните "судски процеси" секојпат учествувале дојдени "специјалисти"-истражни судии од Советскиот сојуз.[73]

Со изборот на В. Червенков за претседател на Министерскиот совет-Владата на НР Бугарија и за генерален секретар на ЦК на БКП[74] власта беше сконцентрирана во рацете на еден човек. Новата политика

[70] А.М., ф. СИП, ксерокскопии, К.2, фасц.12-1950 година; "Пирински глас", Скопје, 17. VII 1951, III/9, 4.
[71] А.М., ф. СИП, К.2, фасц.12-1950 година, 10 и 21.
[72] На истото место.
[73] А.М., ф. СИП, К.2, фасц.12-1950 година, 20; Добрин Мичев, Македонския въпрос..., 481.
[74] История на Българската комунистичка партия, София, 1981, 479.

што ја спроведувал Червенков по својата форма и под плаштот на засилената класна борба и воведување на диктатура на пролетерјатот во суштина претставуваше чиста копија на внатрешното уредување на Советскиот Сојуз. Додека меѓународната политика на НР Бугарија била сосема зависна од онаа на Советскиот Сојуз. И откако биле извршени сите крупни промени во врвот на БКП и бугарското државно раководство, лесно можело да се продолжи со истата политика на пониско ниво.

## 7. Спроведувањето на новата политика во Пиринскиот крај 1948-1956 година

Тешкиот и макотрпен пат што го изминале Македонците во Пиринскиот дел на Македонија при оживотворувањето на своите национални права во минатото, а во поново програмски утврдените уште во октомври 1944 година,[75] гласното и јасно прокламирање на постоењето на македонската нација и држава во рамките на ФНР Југославија што го правеа највисоките партиски и државни раководители и органи во НР Бугарија, на Македонците во Пиринскиот крај требаше да им овозможи непречено да ги шират и систематски да ги разработуваат и надополнуваат одлуките и решенијата во правец на расцут и афирмација на македонските национални права.

И наместо да се дозволи изградба на нови македонски национални институции, соодветно на сопствените прокламации, новата политика што ја спроведувала Бугарија, по донесувањето на резолуцијата на Информбирото "За состојбата во Комунистичката партија на Југославија", во практика започнала да ги користи веќе докажаните средства и методи за денационализација врз Македонците во Пиринскиот дел на Македонија и Македонците што во Бугарија живееја како емигранти.

По судскиот процес против Никола Петков и неговата осуда на смрт, Великото народно собрание го забрани и растури крилото на Бугарскиот земјоделски народен сојуз (БЗНС) на чие чело се наоѓаше

[75] Васил Јотевски, Националната афирмација..., 63-90.

Никола Петков.[76] Поголемиот дел на Бугарската работничка социјалдемократска партија (БРСДП) се слеала во Бугарската работничка партија (комунисти) (БРП(к)), Народниот сојуз Звено и Радикалната партија се самораспуштија.[77] По сите тие настани, Бугарската работничка партија (комунисти), односно Комунистичката партија на Бугарија дефинитивно ја победи и ја отстрани од политичката сцена политичката опозиција во Бугарија. На тој начин БКП ја презеде целата контрола и стана единствен раководен фактор во политичкиот, стопанскиот, научниот и воопшто во целиот општествен живот во Народна Република Бугарија.

По донесувањето на резолуцијата на Информбирото "За состојбата во КПЈ" јавно започнал судирот и меѓусебната пресметка во редовите на БКП. Оние што не ја прифаќаа споменатата резолуција или пак само се сомневаа во нејзината исправност, во суштина се застапуваа за водење на самостојна и независна политика на Бугарија. Останатите пак, кои безрезервно се ставиле на страната на резолуцијата и ја довеле Бугарија и бугарскиот народ во целосна зависност на политиката на Советскиот сојуз и волјата на Сталин.

За спроведување на таквата политика на Информбирото во Бугарија биле потребни и соодветни раководни личности. Такви биле пронајдени меѓу бугарската емиграција која живеела во Москва во периодот од 1923 до 1945/46 година. Од сите нив, најпогоден се покажал и докажал В'лко Червенков. Сите оние што беа против новата Иинформбировска политика биле насилно отстранети од политичката сцена.

---

[76] Работническо дело, София, 27. VIII 1947, XIX/198, 1, 2 и 3.
[77] История на Благоевградската..., 341.

Во Пиринскиот дел на Македонија и меѓу македонската емиграција во Бугарија новата информбировска политика била искористена за отстранување на сите македонски национални дејци и раководители коишто во периодот 1944-1948 година се залагале за оживотворување на националните права и национална афирмација на Македонците во Пиринскиот крај и нивните заложби за обединување со НР Македонија.

Спроведувањето на новата политика во Пиринскиот дел на Македонија се вршело по неколку правци-линии и тоа партиска, административно-државна, воспитно-образовна, полициско-судска и др.

## 8. Спроведувањето на новата политика по партиска линија

Бидејќи опозиционите партии и организации во Пиринскиот крај имале мошне слаба активност, по судскиот процес против Никола Петков и пресудата, тие сосема престанаа да егзистираат. Противници на спроведувањето на новата политика во Пиринскиот дел на Македонија останале само оние кои имале јасна македонска национална свест и определба, како и национално свесните партиски, отечествено-фронтовски и раководителите на поранешната Македонска народна федерална организација.

За полесно и поуспешно спроведување на новата политика во Пиринскиот крај, бугарската партија и држава донеле решение да бидат отстранети сите македонски партиски и отечественофронтовски раководители кои во периодот 1944-1948 година со своето активно учество придонеле за расцутот и националната афирмација на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија и на нивно место доведат личности кои слепо ќе ја спроведуваат новата политика.

Спроведувајќи ја новата политика, особено онаа по однос на македонската нација и држава, новата партиска и државна раководна структура во Бугарија започнала систематски да ги отстранува национално свесните македонски раководители. Тоа особено дошло до полн израз за време на јакнеењето на позицијата во БКП на В'лко Червенков. Таквата политика прво започнала да се спроведува преку

околиските комитети, кои по февруари 1948 година се наоѓаа под директно раководство и контрола на Централниот комитет на БРП (к).

Резолуцијата на Информбирото "За состојбата во КПЈ" и на XVI Пленум на ЦК на БРП(к)" Во врска со ситуацијата во Пиринскиот крај биле разгледувани на обласното партиско советување што било одржано во Горна Џумаја на 22 и 23 јули 1948 година. На советувањето биле присутни сите околиски комитети во нивните полни состави, некои од поранешните членови на поранешниот Обласен комитет на БРП(к) за Пиринскиот крај. На заседанието биле присутни и неколку членови на ЦК. На крајот од советувањето била донесена уште една резолуција, која по својата суштина била штетна за Македонија и за македонскиот народ. Во резолуцијата се истакнувало дека "сите партиски организации на БРП(к) во Пиринскиот крај цврсто стојат зад Централниот комитет на Бугарската работничка партија (комунисти), позициите на Информбирото и решенијата на XVIПленум".[78] Основниот недостаток на оваа резолуција е во фактот што заклучоците што ги содржи таа во однос на "сите партиски организации во Пиринскиот крај..." се прејудицирани од проста причина што сите околиски конференции биле одржани после Обласното советување на 22 и 23 јули 1948 година во Горна Џумаја. Имено, околиската конференција за Разлошката околија била одржана во Разлог на 4 август, за Петричка и за Горноџумајска околија на 5 август.[79] Во телеграмата што била испратена по одржувањето на околиската партиска конференција во Свети Врач, која била одржана уште подоцна, читаме: "Скопските раководители се интересираат само за присоединувањето на Пиринскиот дел кон Вардарска Македонија во

[78] Пиринско дело, Горна Джумая, 26. VII 1948, IV/30, 1.
[79] Пиринско дело, Горна Джумая, 9. VIII 1948, IV/32, 1.

рамките на ФНРЈ, но не и за остварувањето на јужнословенска федерација и славјанско единство".[80]

("Каков срам и пропуст на македонските, скопски раководители" да бараат обединување на македонскиот народ-В.Ј.)

Непосредно по резолуцијата на Информбирото "За состојбата во КПЈ" и на резолуцијата на XIII Пленум на ЦК на БРП (к) "Во врска со ситуацијата во Пиринскиот крај" и по V Конгрес на БРП (к) ( од овој Конгрес Бугарската работничка партија (комунисти) повторно била преименувана во Бугарска комунистичка партија-В.Ј.) од Пиринскиот дел на Македонија биле отстранети истакнатите раководители Георги Мадолев, Крсто Стојчев, Асен Чиракчиев, Кирил Николов, Ефтим Георгиев, Михаил Сматракалев, Мара Меѓдуречка, Кирил Граменов, Радој Спасов, Стоимен Муртин, Арсо Поптодоров, Крум Радонов, Васил Григоров Василев, Атанас Великов Атанасов, Страхил Георгиев Димитров и други истакнати раководители и активисти кои во периодот 1941-1948 година претставувале предводници во борбата за македонските национални права.

На тој начин македонскиот народ од Пиринскиот дел на Македонија останал без своите раководители кои за време на антифашистичката борба беа сакани и чувани и кои во периодот 1944-1948 година, придонесоа за расцутот и афирмацијата на македонските национални права и културата во Пиринскиот крај.

На нивно место дојдоа раководителите од типот на Борис Вапцаров, Стојне Лисијски, Асен Василев, Славе Волев, Георги Крнчев и други луѓе кои меѓу македонскиот народ не уживаа никаков углед, луѓе кои поради својата политичка кусогледост, незнаење или кариеристички

[80] Пиринско дело, Горна Джумая, 16. VIII 1948, IV/33, 1.

побуди не можеа или не сакаа да разберат дека во политичката игра што ја предводеше Сталин, а во Бугарија ја спроведувал В. Черврнков, се само обични пиони "фигури на шаховската табла".

Спроведувањето на одлуките и решенијата на V Конгрес на БКП одело на ист начин како оние на Информбирото и на XII Пленум на ЦК на БРП (к). Во текот на јануари 1949 година биле одржани партиски околиски конференции во Горна Џумаја, Разлог, Петрич и Неврокоп.На секоја конференција или собир, немоновно била "разобличувана антимакедонската" дејност на партиските и државните раководители на НР Македонија. После секој собир, конференција или јавна манифестација, задолжително биле донесувани резолуции во кои се обвинувале и осудувале македонските раководители и притоа се истакнувале поважните задачи и задолженија што стоеле пред сè пред членовите на комунистичката партија. Во нив, меѓу другото читаме: "Засилување на будноста против фашистичките и михајловистичките елементи, полно разобличување на антисоветската и антибугарската пропаганда на предавниците на македонскиот народ, скопските раководители".[81] На друго место како да продолжува незавршената мисла искажана во претходниот цитат, па среќаваме: "Секој комунист е должен да се бори против злосторничката пропаганда на Тито-колишевци, влаховци, што ја водат против Бугарија и нашата партија, да го разјаснуваме правилното разрешување на македонското прашање..."!!![82]

Со самото тоа што македонското национално прашање отпочнало да се третира како "македонско прашање" како што било третирано во

---

[81] Пиринско дело, Горна Джумая, 21. III 1949, V/12, 1-2.
[82] Пиринско дело, Горна Джумая, 28. III 1949, V/13, 1 и 3.

подалечното минато од страна на бугарскиот царски двор, многу јасно ни кажува на каков начин се сакало да се разјасни македонското национално прашање во новите услови и со новата бугарска политика.

Заокружувањето на процесот на спроведувањето на новата политика во Пиринскиот дел на Македонија во овој период што ја наметнала резолуцијата на Информбирото, односно решенијата на XVI Пленум на ЦК и на V Конгрес на БКП било завршено со конституирањето на Окружниот комитет на БКП за Пиринскиот крај. По една и пол година од расформирањето на Окружниот комитет на БРП(к) за Пиринскиот крај и по новата административно-територијална поделба на НР Бугарија на окрузи, во септември 1949 година во Горна Џумаја бил формиран односно обновен Окружниот комитет на БКП за Пиринскиот крај. Во Бирото на Окружниот комитет влегле Борис Вапцаров, Крсто Тричков и Горан Ангелов (секретари), Иван Делев, одговорен по линија на Отечествениот фронт, Стојне Лисијски, одговорен по Окружниот народен совет (ОНС), Славе Волев за кадри и Никола Рачев член.[83]

И покрај декларативното признавање на македонската нација и држава во рамките на ФНР Југославија и постоењето на македонското национално малцинство во Бугарија, со право на образување на македонски национални институции во "единствено слободниот дел на Македонија", како што сакаа да го прикажат Пиринскиот дел на Македонија, највисоките партиски и државни раководни органи и тела не беа искрени во спроведувањето на таквите сопствени декларативни изјави. Имено, спроведувајќи ја новата политика што била наметната од страна на Информбирото, изложена во резолуцијата "За состојбата во

---

[83] Окръжен партиен архив, Благоевград, ф.2, оп. 1, а.е. 2, л. 1. Земено од История на Благоевградската окръжна организация на БКП, София, 349.

КПЈ" и резолуцијата на XI/ Пленум на ЦК на БРП (к) "Во врска со ситуацијата во Пиринскиот крај", Централниот комитет на БРП (к) уште на 25 октомври 1948 година, издал специјална инструкција за прочистување на партиските организации од туѓи и кариеристички елементи.[84]

Откако Македонците од Пиринскиот дел на Македонија останале без своите македонски национално определени раководители, кои во меѓувреме биле обвинети за македонски национализам, новите партиски, отечественофронтовски и државни раководители, спроведувајќи ја новата политика и "заради нарушено партиско единство меѓу околиските комитети на Разлог, Сандански, Благоевград и др."[85] и спроведувајќи ја специјалната инструкција на ЦК на БРП (к), само во периодот од крајот на 1949 и првата половина на 1950 година, од редовите на комунистичката партија во Пиринскиот крај, исклучиле повеќе од 3.000 членови.

Се поставува прашањето кои членови на Комунистичката партија во Пиринскиот крај биле окарактеризирани како кариеристи и рушители на партиската дисциплина и на партиското единство?

Одговорот е едноставен. Бидејќи кај основното партиско членство израснато од пазувите на широките народни слоеви и воспитано во духот на македонските национални традиции силно било развиено македонското национално чувство, токму врз таквите паднала острицата при спроведувањето на новата политика. Според нашите сознанија, потпрени на веродостојни и цврсти изворни документи и докази, токму таквите и токму оние што во блиското минато се залагаа толку многу Пиринскиот крај да се обедини со НР Македонија, оние што јасно, цврсто и

---

[84] ЦПА, Необработен материјал. Писмо на К(ирил) Драмалиев до (Георги ) Димитров од 18 февруари 1949 год. Белешка на Владимир Поптомов од 21 февруари 1949 год.
[85] А.М. ф. Министерство за наворешни работи на ФНРЈ (натаму: 1100), к. 2, фасц. 26/347 и 26/357.

недвосмислено стоеја на македонски национални позиции, оние што беа во првите редови во одбраната на македонскиот јазик, македонската култура, бит и воопшто на националниот субјективитет на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија и македонската емиграција во Бугарија, токму тие први се најдоа на удар при спроведувањето на новата бугарска државна политика во Пиринскиот крај.[86]

По "чистката" што била направена во редовите на Комунистичката партија во Пиринскиот крај, вербата меѓу Македонците од овој дел на Македонија, дека токму комунистичката партија правилно ќе го сфати и разреши македонското национално прашање во духот на решенијата донесени на X проширен Пленум на ЦК на БРП (к) од 1946 година беше изгубена. Тоа особено дојде до израз по смртта на Георги Димитров и устоличувањето и зацврстувањето на Влко Червенков на власт. Праксата на пропаганден притисок особено се засилила при разгледувањето на решенијата, одлуките и другите акти на повисоките раководни тела на БКП. Тие редовно биле разгледувани, но по нив не се дискутирало. Таквиот пропагандан притисок особено се засилил за време и по завршувањето на монтираниот судски процес против Трајчо Костов. Во еден таков дневнополитички пропаганден поднесок читаме: "Денес по иницијатива на Окружниот комитет на БКП и ОФ уште од рани зори граѓанството масовно се собра пред високоговорниците на плоштадот Македонија, во пунктовите на агитпропот, во клубовите на општествено-политичките организации, во деловите каде има радиоапарати го слушаа обвинението против Трајчо Костов".[87] Истиот принцип на работа бил спроведуван и преку младинската организација.

---

[86] А.М. ф. ЦК КПЈ СКЈ (натаму:1101), к.4, извештај од 27 август 1949 година.
[87] Пиринско дело, Горна Джумая, 4. XII 1949, V/49, 1.

Според податоци, содржани во бројни извори од најразлично потекло, во Пиринскиот дел на Македонија, покрај отстранувањето на непогодните елементи од редовите на комунистичката партија, се отпочнало со "откривањето" и проследувањето на сите "непријатели" на бугарскиот народ, држава и владеачката партија. И при овој случај си го поставуваме прашањето кои личности во Пиринскиот дел на Македонија биле окарактеризирани и обележани како непријатели на бугарската владеачка партија, на бугарскиот народ и држава?

И повторно одговорот изгледа мошне едноставен. Како потенцијални непријатели на Бугарската комунистичка партија, на бугарскиот народ и држава, во Пиринскиот дел на Македонија биле обележани сите оние што се залагале за остварувањето на македонските национални права, без оглед на нивната политичка определеност. На удар биле особено оние поистакнати членови на Македонската народна федерална организација, поранешните членови на Првото заседание на АСНОМ, нивните истомисленици, блиски роднини и пријатели.

Покрај сите нив, според новата политичка линија, секој оној што јавно не го изразувал своето напријателство, па дури и омраза кон партиското и државното раководство на КПЈ-КПМ и ФНРЈ односно НР Македонија бил обележан како потенцијален кандидат-непријател на бугарската партија, народ и држава. Таквите лица биле изложувани на полициско следење, апсење, интернирање, судење, затворање па дури имало и случаи на убиства што се случувале за време на апсењата или за време на истражнта постапка.

Следењето и откривањето на сите "непријатели" на бугарското општествено уредување, бугарската партија, држава и на бугарскиот народ било под полна и непосредна контрола на Службата за државна

безбедност и полиција. Службата за државна безбедност во Пиринскиот дел на Македонија, во периодот за кој станува збор во мојата дисертација, била неприкосновен господар. Нејзините одлуки и решенија, новото партиско раководство ги извршувало без поговор. Во сите акции на следење, блокади, претреси на домовите на осомничените граѓани, апсењата во кои учествувале службени униформирани и неуниформирани лица на полицијата и државната безбедност, по специјален налог на службата за државна безбедност, редовно биле вклучувани и членови на комунистичката партија. Честопати во тие акции, активно учествуле и цели партиски организации. Сето тоа било пресметано и со задни намери и цели.

За време на блокадите, особено при претресувањето на домовите на осомничените граѓани за нелегална "антипартиска" и "антидржвна" дејност, професионалните прокатори, службеници на државната безбедност, настојувале и се труделе да дојде до отворен судир меѓу осомничените и нивните блиски роднини и пријатели и придружните лица-членови на комунистичката партија. Овие последните, по налог, принуда, партиска дисциплина или кариеристички побуди, дејствувале заедно со полицијата и државната сигурност. Општа девиза на државната сигурност била да предизвика судир меѓу осомничените и придружниците на државната сигурност, членовите на комунистичката партија. Ако пак при некој случај би дошло до крвопролевање, тогаш "успехот" на службата за државна безбедност бил целосен и истиот се прославувал. Во таквиот случај, директниот учесник-придружник, член на комунистичката партија, засекогаш паѓал во "пајаковата" мрежа на службата за државна безбедност и истиот бил користен за понатамошни неморални дејствија против своите сограѓани.

Со таквиот метод на дејствување, службата за државна безбедност го проширила и го продлабочила јазот на недоверба, незадоволство и омраза меѓу обичниот граѓанин, особено оној поупатениот и национално свесен Македонец и македонските комунисти во Пиринскиот крај.

Заради таквата нивна активност македонските комунисти од Пиринскиот дел на Македонија , се разбира имало и исклучоци, од најомилени и почитувани борци за македонски и човекови права од времето на антифашистичкиот отпор 1941-1944 година и нивната несебична ангажираност при оживотворувањето на националната афирмација на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија во периодот 1944-1948 година, постепено и со сесрдна "помош" на службата за државна безбедност на НР Бугарија по 1948 година, се претвориле во најомразените личности во целиот Пирински крај.

## 9. Прогони и судски процеси

Како што повеќепати нагласивме и покрај тоа што Бугарската комунистичка партија и држава декларативно ја признаваше македонската нација и држава во рамките на ФНРЈ, во Пиринскиот дел на Македонија започна општ прогон против сè што носеше македонски национален белег, против сите политички противници на новата политика што започна да ја спроведува раководството на бугарската партија и држава на чело со В'лко Червенков, против сите оние што не се согласуаа и не ги прифаќаа ниту резолуцијата на Информбирото "За состојбата во КПЈ", уште помалку резолуцијата, односно заклучоците на XI Пленум "Во врска со ситуацијата во Пиринскиот крај". Без никаков аргумент и основа се следеа, апсеа, се судеа и осудуваа, се интернираа сите оние што не сакаа да се помират со новосоздадената состојба што сакаше да ја наметне новата владеачка гарнитура.

Новата бугарска политика ја развиваше и се обидуваше да ја наметне тезата дека завет на Гоце Делчев и Илинден и на сите учесници во македонското националноослободително движење секојпат бил за заедничко живеење на македонскиот народ со бугарскиот во една држава.[88] Со таквата теза особено силно се настапувало во Пиринскиот дел на Македонија. Со тоа се сакало да ѝ се даде поткрепа на веќе јавната парола-лозунг дека Пиринскиот дел на Македонија, како единствено слободен, во иднина би требало да претставува пиемонд на

[88] А.М., ф. ЦК КПЈ-СКЈ-понатаму 1101, кутија 4, несреден материјал.

обединувањето на Македонија и на македонскиот народ. Употребата за терминот "македонски народ" во бугарската терминологија немал никакво практично значење.

При спроведувањето на новата политика, особено во Пиринскиот дел на Македонија, бугарските државни органи не бирале сретства. При тоа за остварување на поставената цел први на удар се најдоа најистакнатите дејци и нивните следбеници кои се залагаа за оживотворувањето на македонската национална идеја и мисла. Прв чекор во таа насока бил направен во правец на блокада на границата меѓу ФНР Југославија и НР Бугарија, особено оној дел кој граничел меѓу НР Македонија и Пиринскиот крај. По целосната блокада на границата и по прекинувањето на сите врски и контакти меѓу Македонците од двата дела на Македонија се забранило обработување на земјата од страна на двосопствениците. Истовремено во Пиринскиот крај биле доведени бројни полициски сили. Нивниот број во споредба со оној од пред резолуцијата на Информбирото бил зголемен за четири пати. Во селата во кои порано немало полицајци, биле градени полициски станици опремени со сите средства. Покрај униформираните и неуниформираните полицајци, агенти, службеници на државната сигурност, биле вооружувани и сите членови на комунистичката партија во кои службата за државна безбедност имала доверба. Сите тие заедно вршеле терор, апсења, преследувања, интернирања врз секоја личност, семејство или група против која било доставена пријава, честопати само анонимна. При преземањето на пошироки дејствија или за чување на границата, редовно биле мобилизирани и селата од подалечните села кои не гравитирале кон

границата.[89] Селаните биле принудувани по пет дена да ја вршат службата.[90] Според еден дипломатски извештај пројавувајќи го своето незадоволство, селаните слабо ја извршувале својата задача.

Според еден извештај од Софија, во периодот од 28 декември 1948 година до 20 јануари 1949 година само во Петрич било уапсено 71 лице. Сите тие апсења биле извршени врз лица кои не го признавале и не го прифаќале новиот бугарски став по однос на македонското национално прашање.[91] При обидот за пребегнување на границата спрема НР Македонија биле убиени три лица од село Елешница, Разлошка околија.[92]

Во ноември 1949 година, од Горноџумајската околија биле интернирани 67 фамилии.[93] Интернацијата станала секојдневна појава во сите околии во Пиринскиот крај Горноџумајска, Петричка, Светиврачка, Разлошка и Неврокопска. Во интернација се праќале претежно членовите на семејствата кои биле осудени или пребегнати преку граница во НР Македонија. Во овој период имало преку 200 интернирани семејства.[94]

На интернираните лица им било дозволувано со себе да понесат по 3.000 лева и лична гардероба што можеле да ја понесат со раце. Домовите им ги запечатувале, а домашниот добиток им бил оставан сам на себе да лута по околните планини и полиња.

Според еден извештај, на железничката станица во Горна Џумаја била формирана композиција од 43 вагони, преполни со интернирани

---

[89] А.М. ф. 1100, к. 2, фасц. 12-1950, 57. Ксерокс копија, на машина за пишување на српско-хрватски јазик.

[90] На истото место.

[91] А.М. ф.1100, к. 2, фасц. 20/311 и фасц. 12-1950 год., 136.

[92] На истото место, фасц. 12/56.

[93] На истото место.

[94] Пирински глас, Скопје, 15. XI 1949, I/9, 3.

лица. На граѓаните на Горна Џумаја им било најстрого забранувано да стапуваат во контакт со нив.[95]

Уапсените што биле изведувани пред судовите биле обвинувани за шпионажа, диверзантски акции, како "михајловисти", "фашисти", како "соработници на УДБ на Скопје", за "титоизам", како "борци за независна Македонија под протекторат на Велика Британија и Америка", луѓе кои потпаднале под влијание и станале орудие во рацете на скопските раководители итн.

Меѓу првите Македонци кои биле изведени пред суд и осудени на долги временски казни биле Борис Коларов, учител во град Банско,[96] осуден на десет години затвор, Иван Џолев бил осуден на 15 години затвор, Георги Тоде на 10 години, Иван Терзиев на 4 години, Асен Зографов и Лазар Бајрактаров на 3 години. Сите тие биле обвинети за "шпијунажа и за независна Македонија под протекторат на Америка".[97]

Најголемиот судски процес од овој период бил одржан во март 1949 година. Во тој судски процес биле обвинети за антипартиска и антидржавна дејност познатите македонски претставници од Првата заседание на АСНОМ Атанас Великов Атанасов од Петрич и неговиот сограѓанин Васил Григоров Василев.[98] Потпретседателот на Македонската народна федерална организација од Перич Страхил Георгиев Димитров, [99] советникот на Македонската народна федерална организација Георги Пандов Китанов, членовите и симпатизерите на

---

[95] А.М. ф.1100, к. 2, фасц. 12/56.

[96] Пиринско дело, Горна Джумая, 21. II 1949, V/8, 1 и 4.

[97] На истото место и Пиринско дело, Горна Джумая, 28. II 1949, V/9, 1 и 4.

[98] Пиринско дело, Горна Джумая, 28. III 1949, V/13, 1 и 4; Пиринско дело, Горна Джумая, 11. VI 1949, V/15, 1 и 4; АСНОМ Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ, Том. I, книга 1, Скопје, 1984, 168.

[99] Васил Јотевски, Националната афирмација..., 82-90.

МНФО Иван Костадинов Димитров, Кирил Гоцков, Александар Илиев-Зајков, Танчо Сухарев сите од град Петрич; Стојан Димитров Стојчев од село Коларево, Петричка околија; Костадин Митрев Караџов од село Крушица, Петричко; Христо Мицков Петров од село Коларево; Вангел Смилков Јанков од село Самуилово, Петричко; Петар Атанасов Димитров од град Свети Врач; Зора Ил. Кацарска од Горна Џумаја; Димитар Јанчев од село Клуч, Петричко; Сотир Костов Илиев од село Гега, Петричко, Костадин Иванов Костов од село Габрене, Перичко, Петар Костов Пенев од Свети Врач, Стоју Мицов Христов од Свети Врач; Вангел Стоев Стоилов од село Велушица, Светиврачка околија. Потоа Стоимен Муртин од Горна Џумаја, роден во село Осиково, Неврокопско, истакнат новинар и соработник на "Пиринско дело", "Македонско знаме", "Беломорски југ", дописник на бугарските весници "Работническо дело" и др.; Благој Илиев Костадинов од Свети Врач, близок соработник на Митко Зафировски, Петар Ололовски и сите културно-просветни работници од НР Македонја кои беа на служба во Свети Врач, односно Пиринскиот крај. Сето тоа нему му се земаше како отежнителна околност при судењето и др.[100]

Покрај тоа што со обвинението обвинетите биле товарени за антипартиска и антидржавна дејност, сите речиси без исклучок биле обвинети за нивната заложба за обединување за Пиринскиот дел на Македонија со НР Македонија, за соработка со управата за државна безбедност на НР Македонија. Меѓу обвинетите имали доста членови на комунистичката партија. Пред да бидат изведени пред судот сите биле исклучени од редовите на партијата, потоа биле товарени како фашисти и припадници на Внатрешната македонска револуционерна организација (ВМРО) на Иван (Ванчо) Михајлов. Покрај тоа биле обвинети како луѓе

[100] Пиринско дело, Горна Джумая, 11. VI 1949, V/15, 1 и 4.

"без партиско сознание и дисциплина" итн.[101] На крајот им биле изречени тешки временски казни. Многумина од осудените не можејќи да ја издржат затворската тортура умреле во затворите.

Сите обвинети и нивната дејност на полето за национална афирмација на Македонците од Пиринскиот дел на Македонија им биле познати на полицијата. Тоа доаѓа од таму што сите тие не работеле нелегално, напротив, работеле согласно одлуките и решенијата на највиските партиски и државни органи што биле донесувани во периодот до донесувањето на злогласната резолуција на Информбирото. И каква иронија и пројавена жестокост од страна на авторот што ни ги оставил овие документи. Тој во својот извештај ќе констатира дека "Благодарение на решението на Информбирото и резолуцијата на XVI Пленум на ЦК на БКП"[102] службата за државна безбедност и полицијата успешно ја извршиле својата задача. Како да не им била позната нивната дотогашна дејност на сите обвинети, што до донесувањето на резолуцијата на Информбирото јавно и легално ја вршеле.

Во август 1949 година, во Горна Џумаја бил одржан уште еден голем судски процес против македонските активисти, кои според обвинението биле третирани како "бивши полициски кучиња, џандари и луѓе на Иван Михајлов, кои биле засегнати од стопанската преобразба на селото, политички наивци и слепци, уверени дека делото на ОФ е противнародно, верни слуги на англиската и американската агентура, организираа и помагаа терористички групи, со цел да ја срушат со закон установената власт на ОФ".[103]

---

101 На истото место.
102 На истото место.
103 Пиринско дело, Горна Джумая, 218. VIII 1949, V/35, 1.

Таквата терминологија во содржината на обвинителниот акт, мошне многу наликува, ако не е и идентичен со обвинителните акти што во минатото ги покренувала монархистичката власт на цар Борис III против членовите на нелегалната комунистичка партија во периодот од 1924 до 1944 година.

На 24 август 1949 година, откако сите обвинети ги "признале" (а поинаку и не можело да биде-В.Ј.) своите дела за борба против отечественофронтовската власт, им биле изречени тешките затворски казни. Петар Дим. Качаков, Крум К. Џамбазов и Стојан М. Георгиев сите тројца од Горна Џумаја добиле казна доживотен затвор. Стојан Хр. Делвински од Горна Џумаја и Лазар Ст. Механџиски од село Струмски Чифлик биле осудени на затвор од 15 години. Гаврил Анг. Маљуков од Струмски Чифлик 10 години, Димитар Ст. Атанасов од истото село 8 години, Ефтим Т. Тимчев од Горна Џумаја 5 години, Славчо Јос. Лунџов од село Церово 5 години, Рајчо Т. Георгиев 5 години од село Марулево, Таско Јор. Христов од село Мартулево 3 години, Георги Н. Пејчинев од село Струмички Чифлик 3 години и Христо Ст. Механџиски од село Железница бил ослободен од обвинението.[104] Од Светиврачка околија биле уапсени повеќе од 100-тина жители обвинети како "титоисти". Повеќето од нив биле членови на БКП.[105] Во Горноџумајско во с. Лисија, Бучин, Бураново уапсени членови и секретари на партисаката организација заради "намерата" да пребегнат во НР Македонија.[106]

Следејќи ги обвиненијата за што сѐ беа товарани обвинетите, сам по себе се наметнува заклучокот дека новата политика што сакала да ја спроведе бугарската држава во Пиринскиот дел на Македонија од страна

104 На истото место.

105 Пирински глас, Скопје, 15. XI 1949, I/9, 3.

106 На истото место.

на македонскиот народ во сите пет околии на Пиринскиот крај не била прифатлива ниту била прифатена, но подоцна биула наметната, не со силата на аргументите, туку со методите на Министерството за внатрешни работи.

Тортурата што ја вршела полицијата, службата за државна безбедност, вооружените граѓани блиски на службата за државна сигурност, монтираните и немонтираните судски процеси, интернирањата на цели семејства на уапсените и осудените лица предизвикале да се јави процесот на нелегално преминување на југословенско-бугарската, односно границата меѓу Пиринскиот крај и НР Македонија.

Пребегнатите Македонци од Пиринскиот дел на Македонија во НР Македонија, 1949 година во Скопје формираа "Културен клуб на Македонците од Пиринска Македонија". Негов печатен орган беше "Пирински глас". Весникот започна да излегува во почетокот на јули 1949 година. Основната цел и задача на весникот, како што пишува во уводникот на неговиот прв број, му била "запознавање на јавноста во Пиринскиот дел на Македонија и на НР Бугарија со вистината за животот во НР Македонија и пошироко во Југославија и напорите што биле правени во правец на изградбата на социјалистичкото општество. Таа своја основна цел и задача "Пирински глас" успешно ја извршуваше до последниот негов број што излезе во октомври 1954 година.[107]

На страниците на "Пирински глас" сретнуваме бројни дописи од Пиринскиот крај. Тие дописи ги испраќале, честопати нелегално и со псевдоними, Македонци кои директно врз себе ги преживувале тешките мигови на нивното секојдневно постоење и живот изложени на притисок и тортура од страна на полицијата и службата за државна безбедност. Во

107 Пирински глас, Скопје, јули 1949, I/1, 1.

дописките честопати наоѓаме полезни податоци од секојдневниот политички, културен и воопшто општествен живот на Македонците во Пиринскиот крај. Меѓутоа, проблематиката, односно животот на пребегнатите Македонци од Пиринскиот дел на Македонија што живееле во НР Македонија сметам дека излегува надвор од рамките на мојата теза и истата може да претставува основа за некое ново научно елаборирање на тој, според мене, посебен феномен од историското минато на нашиот народ.

Покрај судските процеси во Пиринскиот дел на Македонија, во овој период, на обвинителните клупи пред "народните судови" во НР Бугарија биле исправени не мал број македонски национални дејци од македонската емиграција во НР Бугарија. Така на пример, историски значајниот судски процес од овој период што бил одржан во НР Бугарија, монтираниот судски процес против Трајчо Костов, не можел да помине без македонски жртви. Во тој процес, во кој обвинетите биле товарани за шпијунажа, антисоветска настроеност и пропаганда, антипартиско секташтво и фракционерство, антидржавна дејност, за ковање завера заедно со југословенските раководители за формирање на една антисоветска балканска федерација и други нелепости,[108] се најдоа и четворица познати Македонци, кои според своето движење и понатамошна судбина го заслужуваат нашето внимание. Првиот меѓу нив бил Васил Ивановски, истакнат македонски национален деец, член на Првата заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ), теоретичар и познавач на

[108] Добрин Мичев, Македондкият въпрос и българско–югославските..., 481-482; Българската комунистическа партия в резолюции и решения на конгресите, конференциите, пленумите и Политбирото на ЦК, Т IV. 1944-1955, София, 1955, 218-219; Радое Спасов, Софиски процес. Нова судска монтажа, Пирински глас, Скопје, јануари 1950, II/11,1.

националното, посебно на македонското национално прашање, роден во село Ловраде, Костурска околија, Егејскиот дел на Македонија. Иван Масларов, член на ЦК на БКП, од село Јакоруда, Разлошка околија, Пирискиот дел на Македонија. Илија Бајалцалиев (Бајалски) од Гевгелија, Вардарскиот дел на Македонја, роден во Солун. И Благој Хаџи Панзов, поранешен советник во југословенската амбасада во Софија, кој и покрај тоа што по резолуцијата на Информбирото "За состојбата во КПЈ" се изјаснил против партиското и државното раководство на Југославија, односно Македонија, се нашол на обвинителна клупа. Сите четворица биле осудени на тешки и долги временски казни.

Сите тие судења и изречените казни, покажуваат дека и покрај тоа што немало организиран отпор против спроведувањето на новата политика во Пиринскиот дел на Македонија, се покажало дека отпорот зел широки размери.

## 10. Административните методи во спроведувањето на новата политика

Административните служби, особено оние што ги воделе матичните книги на родените, венчаните, иселените од Пиринскиот крај или доселените во Пиринскиот крај, починатите, во графите каде што им била забележувана националната припадност бугарска, турска, руска, еврејска, циганска, ерменска, српска и тн., била изоставувана македонската национална припадност.[109] Дури и на оние Македонци кои по резолуцијата на Информбирото и подоцна емигрирале во Југославија, односно НР Македонија, нивната национална припадност била евидентирана во графата каде било запишано "други Словени".[110]

Споредувајќи ги сите тие документи со резултатите од првиот повоен попис на населението во НР Бугарија од 1946 година, се доаѓа до апсурдниот заклучок дека Македонците во Пиринскиот дел на Македонија ниту се раѓале, ниту стапувале во брак, не се преселувале од едно во друго населено место, ниту пак умирале. Едноставно исчезнале на неразбирлив начин. За тоа како се случило нивното, по кој знае кој пат, воскреснување за време на пописот на населението на НР Бугарија од 1956 година ќе проговориме понатаму.

Спроведувајќи ја новата политика, бугарските власт на 3 август 1949 година, целиот Пирински крај го прогласиле за погранична зона,

109 Државен архив на Република Бугарија, ф. 210, оп. No. 6, а.е. 16.
110 Д.А. на Р. Бугарија, ф. 210, оп. No. 3, а.е. 9.

односно дека преку линијата Горна Џумаја, Рилски Манастир, Чам Корија, Пештера не можело да се патува ниту во останатите делови на НР Бугарија без "открит лист" што го издавала полицијата.[111] Покрај тоа, Владата на НР Бугарија, едноставно со нота од 1 октомври 1949 година[112] го раскинала Договорот за пријателство и заемна помош, што бил потпишан меѓу НР Бугарија и ФНР Југославија на 27 ноември 1947 година и кој имал важност од 20 години.[113] Во истиот Договор бил содржан и Договорот за двовласните имоти[114] со кој било регулирано обработувањето на земјата од двете страни на границата, од страна на сопствениците Македонци од Пиринскиот крај и НР Македонија.

Покрај тоа, сите оние што се чувствувале како Македонци и кои сакале да го зачуваат својот македонски национален идентитет биле отстранувани од државна служба. Членовите на Комунистичката партија прво биле исклучувани од партијата. Истото тоа се случувало и со младинците. Младинците биле исклучувани од редовите на Сојузот на народната младина, потоа против истите биле преземени најразновидни мерки на присила. Честопати тоа се правело само поради сомневања и измислени и лажни обвинувања за рушење на угледот на комунистичката партија и поткопување на територијалниот интегритет на бугарската држава.

---

111 А.М., ф.1100, к.2, фасц. 15/93.

112 А.М., ф.1100, к.2, фасц. 15/406-418.

113 Архив на Министерството за вънШни работи, Софиц, "Др/авен вестник", бр. 22, 29. I 1948 преземено од "ВънШната политика на Народна Република Бугариц", Сборник от документи и материјали в два тома, Софиц, 1970, Том I, 1944-1962, 96-99.

114 12

## 11. Спроведувањето на новата политика во областа на образованието и културата

По резолуцијата на Информбирото, решенијата на XI пленум на ЦК на БРП (к) и V конгрес на БКП, положбата на Македонците во Пиринскиот дел на Макединија била изменета во секој поглед. И покрај бројните и убавите изјави и дакларации "За културно-национална автономија на Пиринскиот крај", "За македонската нација и за правото на македонскиот народ на обединување со НР Македонија, но со друго партиско и државно раководство",[115] што ги сретнуваме во дукументите и написите во јавните гласила и во стручно-научните публикации, објавени во НР Бугарија во периодот од 1948 до 1956 година, во практика веднаш се отпочнало со негирањето на се што било постигнато на полето на националната афирмација на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија во периодот 1944-1948 година. Како илустрација ќе наведеме неколку примери:

Заради потребата од воведување на целокупна настава на македонски јазик во сите основни и средни училишта во Пиринскиот крај, министерот на народната просвета на НР Бугарија, Минчо Најчев, во писмото што го испратил до полномошниот министер на ФНРЈ во София, известува за потребата за испраќање на извесен број македонски учители

---

[115] Петти конгрес на БПК (18-25.XII 1948 г.) Стенографски протоколи. София, 1949, 188. Преземено од Добрин Мичев, цитирано дело, 462.

од Пиринскиот дел на Македонија на усовршување на македонскиот литературен јазик во НР Македонија.[116]

Одговарајќи на потребата за оспособување на млад стручен кадар кој би се вклучил директно во образовно-наставниот процес во училиштата во Пиринскиот крај, Владата на НР Македонија донела Уредба за отворање шестмесечен курс за учители од Пиринскиот крај. Курсот отпочнал со работа во февруари 1948 година, и на него имало 45 курсисти од петричка околија, 31 од Неврокопска, 28 од Свети Врачка, 27 од Разошка и 21 од Горноџумајска околија, или вкупно 152 курсисти.[117]

Покрај курсистите за учители, во НР Македонија, односно во на нејзините фалкутети и стручни училишта во означениот период се школувале над илјада ученици и студенти од Пиринскиот дел на Македонја.[118] Од сите нив, дел останале во НР Македонија, повеќето се вратиле во родниот крај со надеж дека ќе отпочнат со својата хумана наставно-просветна дејност во основните и средните училишта во Пиринскиот крај. А бидејќи на учителите од НР Македонија што биле на работа во Пиринскиот крај во учебната 1947/48 година, по резолуцијата на Информбирото им било забрането да се вратат на своите работни места, учителите-Македонци кои се вратиле од НР Македонија оправдано се надевале дека ќе ги заземат нивните места и место нив ќе ги предаваат наставните предмети македонски литературен јазик и историја на македонскиот народ. Како што се планирало, целата настава да се изведува на македонски јазик. Меѓутоа, новата политика по резолуцијата на Информбирото и на XI пленум на ЦК на БРП (к) одела во друг правец.

[116] А.М. ф. "Димитар Влахов", к. 13. фасц. 19. а. е. 16.

[117] А.М. ф. Министерство за просвета на НР Македонија. Материјали за Пиринска Македонија 1944-1953. несреден материјал.

[118] А.М. ф. Материјали за Пиринска Македонија 1944-1953. несреден материјал; А.М. ф. Министерство за просвета на НР Македонија. Несреден материјал.

Според неа, "БРП (к) ја признавал македонската нација, оформувањето на македонскиот јазик, но не и македонскиот литературен јазик во НР Македонија, кој според Владимир Поптомов бил 'македонско-српски'. Според него, Партијата била за обединување на македонскиот народ, но само во јужнословенска федерација".[119]

Во таквите услови македонските учители наместо да добијат служба во воспитнообразовниот систем на НР Бугарија, поточно во Пиринскиот крај за што впрочем беа и испратени во НР Македонија, тие наместо да ги шират и продлабочуваат своите стекнати знаења од областа на македонскиот литературен јазик, културата и историјата на македонскиот народ, дел од нив, оние поупатените се ставиле во служба на државната безбедност, мноѓумина од нив биле интернирани заради своите сфаќања и определби. Оние пак, Македонци - учители што работеле во основните училишта по селата низ Пиринскиот крај биле заменувани со учители Бугари, дојдени од Бугарија во Пиринскиот дел на Македонија. Таков бил случајот со учителите од Палат, Велушец, Лебница, Драгуш, Микрево, Махалата, Никудин, Крстилци и Игралиште.[120]

Спроведувањето на новата бугарска политика што била заснована врз одлуките и решенијата на XVI пленум на ЦК на БРП (к) во воспитно-образовниот процес во Пиринскиот дел на Македонија отпочнал веднаш. Во таа смисла и воведувањето на факултативното изучување на македонскиот литературен јазик и на македонското ослободително движење имало приоритет.[121]

---

119 ЦПА, София, ф. 214, оп. 1. а.е. 71, л.8. Преземено од Добрин Мичев, ...., 461; ЦПА, София, ф. 214, оп. 1, а.е. 113, л. 1.

120 Пирински глас, Скопје, 15. XI 1949, I/9, 3.

121 Ванѓа Чашуле, Од признавање..., 139-142.

Со колкава брзина се спроведувале решенијата и одлуките на највисокиот орган на БРП (к), особено оние што се однесувале на образованието на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија, најдобро нѝ покажува документот што во својство на министер на народната просвета на НР Бугарија го испратил Кирил Драмалиев до Георги Димитров и особено додатокот што врз тој документ го направил Владимир Поптомов. Кирил Драмалиев го известува Г. Димитров за состојбата во Пиринскиот крај, а Поптомов во својата белешка напишал дека "во училиштата во Пиринска Македонија ниту еден ученик не посакал да го изучува македонскиот јазик".[122]

Кога ќе направиме споредба на оваа белешка на Владимир Поптомов со извештајот на Обласниот училишен инспектор од 1947 година во кој тој ја дава националната припадност на учениците во основните и средните училишта во Пиринскиот дел на Македонија, на возраст од 7-15 години и барањето за воведување, односно изведување на целокупната настава на македонски јазик од 1948 година, тогаш сите декларативни изјави за признавањето на македонската нација, јазик и држава што се даваа по резолуцијата на Информбирото од страна на највисоките партиски и државни органи и раководители, вклучително и оние на самиот Поптомов, паѓаат во вода и на видело излегува политиката на репресија, притисок и денационализација.

Покрај јазикот, Македонците во Пиринскиот крај не можеле да ја изучуваат и својата историја. Според одлуките и решенијата на XI пленум и на V конгрес на БКП, ним им било дозволено и тоа пак само факултативно да ја учат историјата на македонското ослободително

[122] ЦПА, София, необработени документи. Писмо на Кирил Драмалиев до Георги Димитров од 18. II 1949. БелеШка на Владимир Поптомов од 21. II 1949.

движење од крајот на XIX и почетокот на XX век. Додека својата битова, културна, стопанска и политичка историја до тој период била сместена во рамките на бугарската историја.

Аналогно на сето тоа сите 93 културно-просветни работници од НР Македонија што биле на работа во основните и средните училишта во Пиринскиот крај и кои ги предавале наставните предмети македонски литературен јазик и македонска национална историја биле протерани од Пиринскиот крај и не им било дозволено да се вратар и да ја завршат својата започнатата работа, која според договорот требало да ја извршуваат до септември 1950 година.[123]

Една од првите национални придобивки на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија била и таа на отворањето на книжарниците на "Македонска книга" во Горна Џумаја, Петрич, Разлог и Неврокоп. Книжари во Горна Џумаја биле Перо Коробар од Велес, Перо Ололовски од Лазарополе и Павле Димитровски од село Променик, Дебарско, подоцна ним им се придружил и Бошко Трајковски од Скопје. Во книжарницата во Петрич работеле Јордан (Јоцо) Попјорданов од Штип и Митре Топузовски од Галичник. Во Разлошката книжарница работел Јордан Атанасовски од Царево Село (денес Делчево) и во Неврокоп Цветко Ивановски од Битола, Саве Топузовски од Галичник и Бошко Трајковски кој подоцна бил преместен во Г. Џумаја.[124]

Сите овие македонски институции кои располагале и со читални, уште на 22 јули 1948 година од страна на службата за државна сигурност биле насилно затворени. Дури и становите во кои живееле книжарите

---

[123] А.М. Министерство за надворешни работи на ФНРЈ 1945-1953 (1100), кутија 2, фасц. 26/347 и фасц. 26/357.

[124] Перо Ололовски, Пирински записи, Ракопис кај авторот или депонирани во ....

биле претресувани, материјалите во нив конфискувани, а на книжарите им било заповедано во рок од 24 часа да заминат за НР Македонија.[125]

Покрај протерувањето, затворањето и конфискацијата на сите книги и целокупниот инвентар на книжарниците на "Македонска книга", Министерскиот совет, односно Владата на НР Бугарија, донела специјална уредба со која покрај другите книги биле забранети за јавна употреба и конфискувани следните книги: "Врховизам" од Туше Влахов во издание на БРП (к) во 1947 година; "Федерална Македонија и великобугарскиот шовинизам" од Христо Калајџиев; "Теорија и практика на великобугарскиот шовинизам" од д-р Кирил Драмалиев и др. Покрај конфискацијата и забраната за јавна употреба, со истата уредба биле откинувани и одделни листови на одделни книги и др.[126]

Весникот "Пиринско дело" што излегувал во Горна Џумаја како орган на Обласниот комитет на Отечствениот комитет и чија четврта страница била печатена на македонски јазик, бил пренесен во Софија и од непознати причини станал орган на Националниот совет на Отечествениот фронт на Бугарија. Натамошното печатење било исклучиво на бугарски јазик.[127] Со прекинувањето на односите меѓу ФНР Југославија и НР Бугарија, поточно со прекинувањето на директните врски и контакти меѓу НР Македонија и Пиринскиот крај престанало и дистрибуирањето на весникот "Пиринско дело" во НР Македонија, додека весниците што биле печатени во НР Македонија биле забранети во Пиринскиот крај. Дистрибуирањето на македонските весници во

[125] А.М. ф. 1100, кут. 2, фасц. 12, стр. 54.
[126] А.М. ф. 1100, кут. 2, несреден материјал.
[127] Под светлината на еден документ, "Пирински глас", Скопје, 25.II 1951, III/3, 3-4.

Пиринскиот крај било најстрого забрането и за тоа кривично се одговарало.

Обласниот македонски народен театар во Горна Џумаја, кој со својот репертоар и јазик и покрај тоа што работел само една театарска сезона, јасно го обележал патот и карактерот на неговата улога во политичкиот, културниот и националниот развиток на Македонците од Пиринскиот крај. Таквиот негов подем не одговорал на новата политика и истиот бил затворен, а при отворањето на новата сезона неговиот репертоар бил сосема изменет и претставите се давале исклучиво на бугарски јазик. "Нормално" на артистите од НР Македонија што професионално биле ангажирани при театарот им било забрането да се вратат во Горна Џумаја. Забраната ја донел Стојне Лисијски, сектерарот на Околискиот комитет на БКП за Горноџумајска околија. Истовремено театарот бил претворен во државен театар.[128]

[128] Веселин Ангелов, За деиноста на така наречения "горноджумаиски областен македонски народен театар" през 1947-1948 година, Исторически преглед, София, кн. 3, 1994-1995, 148-162; Окружен партиен архив, Благоевград, ф. 610, оп. 1, а.е. 1, л. 1.

## 12. Изборите на органите на централната власт Народните совети и нивното учество во спороведувањето на новата политика

На околиските партиски конференции што биле одржувани по конгрес на БКП, покрај членовите на околиските партиски раководства од областа, редовно присуствувале и претседателите, односно секретарите на новата административна раководна структура на народните совети.[129] Во спроведувањето на новата политика во Пиринскиот дел на Македонија, активно учество зедоа и новоформираните извршни органи на централната власт, народните совети. Народните совети требало да бидат формирани според одредбите на Законот за народните совети од февруари 1948 година и Законот за избор на народните совети од февруари 1949 година.[130] Меѓутоа, според инструкцијата на Министерскиот совет, односно Владата на НР Бугарија за формирање привремени управи кои ги назначувал Президиумот на Великото народно собрание на НР Бугарија, врз основа на . член 101 од Уставот, новоформираните привремени (извршни одбори) до изборите ја имале улогата и ја вршеле функцијата на Народни совети.[131]

Изборите за околиските и месните народни совети биле извршени во мај, а со одлука на Великото народно собрание изборите за окружните

---

[129] Пиринско дело, Горна Джумая, 17. I 1949, V/3, 1 и 4.
[130] А.М., ф. 1100, к. 2, фасц. 15/67-73.
[131] На истото место.

народни совети биле извршени во декември 1949 година.[132] Според сфаќањата на актуелната бугарска власт изборите биле одржани и извршени "со голем ентузијазам и зголемена работна активност, во услови на демократија и слободно учество, гарантирани од новиот изборен закон"[133] и истите ги дадоа следните резултати:

Во Горноџумајска околија излегле 97,89% од избирачите и од нив 96,70% гласале за листата на Отечествениот фронт, иако тој како таков по забранувањето на некои партии и по самораспуштањето на други фактички не постоел. Во Неврокопска околија, според истиот извор од вкупниот број гласачи 97,14% излегле на гласачките места и од нив 95,39% гласале за Отечествениот фронт. Во Петричката околија излегле на гласачките места 99,87% гласачи од кои 99,09% гласале за ОФ. Во Разлошката околија гласале 99,55%, а од нив 93,16% гласале за ОФ; во Светиврачката околија излегле на гласачките места 99,28% гласачи од кои 98,20% гласале за ОФ и во Банско масовно излегле на гласачките места 99,16% гласачи од кои 92,96% гласале за ОФ.[134]

Наспроти овие показатели што биле објавени во дневниот печат, некои документи од дипломатските извори нѝ даваат сосема друга слика за овие избори и резултатите од нив. Имено, според еден документ во почетокот изборите биле сосема бојкотирани. Во него читаме: "По многубројните интернирања, на партиските состаноци не се води никаква дискусија. Од Македонците што се вратија од НР Македонија, каде беа на студии и школување, неколкумина се поставени за агенти на ДС (Државна сигурност-В.Ј.) додека другите се испратени на физичка работа во

---

[132] Пиринско дело, Горна Джумая, 23. В 1949, V/21, 1; Пиринско дело, Горна Джумая, 13. XI 1949, V/46, 1.

[133] История на Благоевградската..., 349.

[134] Пиринско дело, Горна Джумая, 23. V 1949, V/21, 1.

каменоломи и други места. Владее општо незадоволство и пасивен отпор. Имаше примери каде во едно село за време на изборите гласаа 28% гласачи, а селаните велат дека нема да излезат на изборите. Во селата изборите се спроведуваат под силен притисок на ДС, луѓето се собрани во групи и водени на гласачките места".[135]

Без оглед на каков начин биле спроведувани изборите за народни совети и без оглед на резултатите од нив, раководствата на околиските и месните народни совети ги одредувале околиските комитети на БКП кои сè уште биле под директна и непосредна контрола на ЦК на БКП. Тоа најдобро е илустрирано од фактот дека "со голем ентузијазам и зголемена трудова активност, во мај 1949 година, беа спроведени избори за околиски и општински-месни народни совети и за судии поротници. Околиските комитети на партијата сестрано ги разгледа тие прашања и ги утврдија составите на градските и месните народни совети".[136] Ова е секако уште еден јасен показател за начинот на спроведувањето на изборите "слободното" и "демократското" гласање. Тоа е уште една потврда дека БКП систематски, тивко, но сосема сигурно завладувала со сите сегменти од општествениот живот во Бугарија.

Во начинот на подготовките и спроведувањето на изборите за окружни народни совети, кои биле закажани со одлука на Великото народно собрание за 18. 12. 1949 година, ништо не било променето. Напротив, во подготовките за овие избори била развиена широка кампања против Југославија, односно НР Македонија и КП на Македонија. Во таа смисла секој собир или собрание што се одржувало низ целиот

---

135 А.М., ф. 1100, к. 2, фасц. 15/93.
136 История на Благоевградската..., 349.

Пирински крај и судскиот процес против Трајчо Костов и останатите македонски активисти бил мошне многу ползуван.[137]

Меѓутоа, сметаме дека овој факт ја заокружува новата политика на денационализација што Бугарија започнала да ја води спрема Македонците од Пиринскиот дел на Македонија. Покрај сите тие политички, воено-полициски, судски, административни притисоци и терор во правец на денационализација на Македонците од Пиринскиот дел на Македонија, Собранието на НР Бугарија донело многубројни закони со кои им се овозможувало на државните служби поефикасно да ја спроведуваат новата политика. Таков бил и законот за битовите прослави. Во рамките на тој закон кој бил доставен во Пиринскиот крај среќаваме поднаслов "Воведување на нови битови ритуали".[138] Односниот закон требало да се спроведе во Пиринскиот дел на Македонија при што се поставува прашањето кому и зошто му било потребно да се воведуваат нови битови обреди?

Од сето досега изнесено заклучуваме дека во Пиринскиот дел на Македонија биле преземени сите дозволени и меѓународно не дозволени средства и методи за создавање на услови, и покрај гласното прокламирање за постоењето на македонската нација и држава во рамките на југословенската федеративна заедница, за обновување на процесот на денационализација и асимилација на макердонскиот народ од овој дел на Македонија и особено врз македонската емиграција која живеела во Бугарија. За кој верувавме дека овој процес бил дефинитивно прекинат во периодот 1944-1948 година.

---

137 Поопширно во Пиринско дело, ноем.-дек. 1919 година.

138 Документот се однесува за селото Јагоруда, Разлошка околија. Държавен архив, Благоевград, ф. 162, за 1948 год., несреден материјал; ф. 734, Учебно-воспитната дейност за воведуваье на новите битови риуали!

По изборите и конституирањето на народните совети, посебно "општинските народни совети - се вели во едно упатство - ќе ги исполнуваат сите формулари околу статистиката, склучувањето на браковите, матичните книги на родените, умрените, причината за смртта, преселбите, иселувањето и доселувањето.[139] На тој начин, народните совети ја презеле целосната административна работа околу спроведувањето и исполнувањето на поставените наредби и задачи што доаѓале од Софија.

Според документацијата што се наоѓа во Државниот архив на Република Бугарија во Софија и што се однесуваат на состојбата во Пиринскиот крај, односно, како што стои таму "Благоевградски округ", во секторот Демографија и се однесува на годините 1949-1956 година, во сите формулари за стапување во брак, за родените, умрените, на секое лице му е забележана и неговата национална припадност Бугарин, Русин, Турчин, Циган, Евреин, Грк, Романец, Ерменец, дури и поранешните Македонци Муслимани[140] се преименуваат во "бугаро-мухамедани". Покрај сите нив, во посебне графа во формуларите заведени се и други Словени и други несловени.[141] На сите освен на Македонците.

Истата практика била применувана и при пополнувањето на формуларите во кои се водела статистика за иселените и доселените лица во Пиринскиот крај. Според статистичките показатели на преселените лица во тек на 1949 година од Горноџумајска околија биле иселени 252 мажи и 310 жени или вкупно 562 лица, од Неврокопска околија вкупно 641 лице, од Петричка 266, од Разлошка 404 и од

[139] Държавен архив, Благоевград, ф. 228, Околиски инспекторат по статистика, оп. бр. 1, а.е. 70.

[140] Васил Јотевски, Националната афирмација..., 109-110

[141] Д. А., София, ф. 210, ор. Но. 3, а.е. 9, ор. Но. 6, а.е. 16 і 20; ор. Но. 8 а.е. 28-33; ор. Но. 10, а.е. 36-38 и други.

Светиврачка околија 634 или влупно од Пиринскиот крај во 1949 година биле иселени 2.507 лица.[142] Начинот на нивното иселување заслужува посебно научно истражување кое, засега е оневозможено заради непристапноста во архивите на Република Бугарија. Се разбира дека и во овие документи македонската национална припадност никаде не била забележана.

Забележително место за отстранувањето на младото македонско поколение од Пиринскиот крај зазема отсуство односно немањето и неградењето на виши и високи образовно-научни институции и делови на бугарскиот Универзитет. Од таа причина, заради неможноста да го продолжат своето образование на вишите специјализирани образовни институции и факултети во Пиринскиот крај, младите Македонци биле принудени своето високо образованите да го стекнуваат на факултетите во Софија, Пловдив и други поголеми универзитетски центри во Бугарија.

Тоа го потврдува и документот од 1966 година во кој сретнуваме податоци дека од Пиринскиот дел на Македонија по разни основи биле иселени 1.656 лица на возраст од 16 година.[143] И кај овие деца не била забележувана македонската национална припадност.

Наспроти бројното иселување од Пиринскиот крај доселувањето било безначајно, особено на село. Во истиот овој период во Пиринскиот крај биле доселени сè на сè 125 деца и младинци на возраст до 16 година.[144] Тоа била единствената среќна околност што Пиринскиот дел на Македонија не била вршена колонизација на немакедонско население каков што бил примерот во Егејскиот дел на Македонија и во Вардарскиот

---

[142] Д. А., София, ф. 210, ор. Но. 3, а.е. 72.

[143] Д. А., София, ф. 210, ор. Но. 37, а.е. 31.

[144] Најверојатно тие деца биле на оние бугарски службеници што работеле во Пиринскиот крај по разни основи.

во периодот меѓу двете светски војни.[145] Таквата пракса на изоставување на националнате припадност на Македонците и наместо неа да се запишува нивната "бугарска" национална припадност, со исклучок што бил направен за време на пописот на населението во НР Бугарија во 1956 година, ќе продолжи до денешни дни.

И покрај сите декларативни изјави на највисоките партиски и државни раководители и органи на НР Бугарија за постоењето на македонскат нација и држава и "единствениот слободен дел на Македонија - Пиринскиот крај", политичкиот, воено-полицискиот, судскиот, административниот, културно-просветниот терор над Македонците во Пиринскиот дел на Македонија, поткрепен со многубројни закони донесени и спроведувани во периодот 1949-1956 година, практично го означи почетокот на обновената политика на денациопнализација и асимилација над Македонците од овој дел на Македонија. Таквиот начин на спроведување на новата политика го принудила Македонецот на отстапки и повлекување, а кај властите го предизвикало чувство дека отпорот е ставен под контрола.

---

[145] Д. А., София, ф. 210, ор. Но. 37, а.е. 31, 336.

# ГЛАВА II

## МАКЕДОНЦИТЕ ВО ПИРИНСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1956-1968

## 1. Почеток на нормализацијата на односите меѓу ФНР Југославија и НР Бугарија

По смртта на Јосиф Висарионович Џугашвили - Сталин на 5.III 1953 година, неспорниот водач и апсолутен судија во сите политички и општествени прашања во Советскиот сојуз и пошироко, во таканаречениот "демократски источен блок", постепено започнал процесот на нормализација на меѓународните односи на Советскиот сојуз со останатиот свет, пред сè со државите на Западна Европа и Југославија. На местото на покојниот Сталин во Советскиот сојуз било избрано колективно раководство.

Периодот од 1953 до февруари 1956 година досега е малку истражуван и за него е малку пишувано и кај нас и пошироко. Овој период, според нашето уверување се карактеризира со внатрешни, партиски борби меѓу следбениците на Сталин и партиските раководители што биле за воспоставување на нови меѓународни односи во светот.

Такви борби започнале да се водат и меѓу раководствата скоро во сите социјалистички земји. Во таа смисла и во НР Бугарија. Неполна година по смртта на Сталин, во Софија од 25 февруари до 3 март 1954 година бил одржан VI конгрес на БКП. На него бил сменет првиот секретар на ЦК на БКП В'лко Червенков и на негово место за прв секретар на ЦК на БКП бил избран Тодор Живков.

Кога ќе се направи споредба меѓу V и VI конгрес на БКП, веднаш паѓа во очи дека во периодот од декември 1948 до февруари 1954 година,

за нешто повеќе од пет (5) години, бројот на членството во редовите на Бугарската комунистичка партија паднал од 496.000 на 368.142 односно за 127.858 члена.[146]

Слична била и состојбата во Пиринскиот дел на Македонија. Во истиот период, од редовите на бугарската комунистичка партија во Пиринскиот крај биле исклучени преку 4.700 членови.[147] Меѓутоа, за разлика од промените што настанале, на пример во раководната структура во КП на Советскиот сојуз или во ЦК на БКП, раководната структура на Окружниот комитет на БКП во Пиринскиот крај на чело со Борис Вапцаров ќе остане непроменета до 1962 година.[148]

Што тоа значи? За Македонците од Пиринскиот дел на Македонија тоа значело дека политиката што ја спроведувал В'лко Червенков во однос на македонското национално прашање останала непроменета, а раководството што таа политика успешно ја спроведувало, немало потреба да се промени. За одбележување е уште еден показател за VI конгрес на БКП. Имено, во минатото, дури и кога БКП работела како нелегална партија, во периодот меѓу двете војни на сите нејзини конгреси било разгледувано "македонското прашање" и во зависност од меѓународната и внатрешната состојба во Бугарија биле донесувани резолуции, решенија, одлуки и други документи. На VI конгрес на БКП воопшто не станало збор околу македонското национално прашање, уште помалку за состојбата на Македонците во Пиринскиот крај, и ако на овој конгрес имало 23 делегати од Пиринскиот дел на Македонија.[149]

---

[146] История на Българската..., 465 и 488.
[147] История на Благоевградската окръжна..., 336 и 352.
[148] На исто место, 399-400.
[149] История на Благоевградската окръжна..., 359.

Промена на политиката во однос на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија не можело да се очекува од човекот кој имаше јасно негативен став по однос на македонската нација и држава и кој застанал на чело на ЦК на БКП. Тој уште на 29 јуни 1948 година, на партиското советување што било одржано во Софија, меѓу другото во својата дискусија ќе го искаже и следното: "Лазо Колишевски ја бара Пиринска Македонија и покрај тоа што на сите им е познато дека во Пиринскиот крај живеат Бугари и доколку би дошло до плебисцит, тоа јасно би можело да се види".[150] Тодор Живков бил многу добро запознат со методите за денационализација што бугарската држава и партија, преку Службата за државна безбедност ги спроведувала врз Македонците од Пиринскиот крај. Тој бил уверен дека таквите методи дале резултати. Поради оваа своја увереност и во 1956 година, за време на пописот им овозможил на Македонците да ја манифестираат својата национална припадност.

Но, за тоа кога ќе дојдеме до таму.

По смртта на Сталин, односите меѓу КПЈ-СКЈ и КПСС, односно меѓу ФНР Југославија и Советскиот Сојуз постепено започнале да се нормализираат. Со потпишувањето на Белградската декларација (5. V 1955 година) нивните меѓусебни односи дефинитивно биле воспоставени на рамноправна основа. БКП, односно НР Бугарија следејќи ја новата политика на Советскиот сојуз, како благодарен слуга на својот благороден господар, презеде чекори за нормализација на односите со ФНРЈ. Во таа смисла започнале преговори за отстранување и решавање на пограничните инциденти и обнова и обележување на граничните ознаки. Во 1954 година биле обновени економските односи.

[150] А.М., ф. 1100, к. 1, фасц. 23/315.

Меѓутоа, до целосно нормализирање на односите меѓу ФНР Југославија и НР Бугарија, ќе дојде дури по конечната пресметка меѓу Хрушчов и следбениците на Сталин, што се случила по разголувањето на култот на личноста на Сталин на XX конгрес на КПСС, одржан во Москва од 14-25 февруари 1956 година.

На покана од Народното собрание на НР Бугарија, на 5 април 1956 година од Белград за Софија заминала парламентарна делегација што ја предводел претседателот на Сојузното народно собрание на ФНРЈ, Моша Пијаде. Во составот на југоловенската парламентарна делегација се наоѓале Крсте Црвенковски и Страшо Христов. Југословенската делегација посетила неколку градови и стопански објекти во внатрешноста на Бугарија.

На 16 април 1956 година било свикано Народното собрание на НР Бугарија. Претходно, од 2 -6 април истата година бил одржан пленум на ЦК на БКП кој во историјата е познат како "априлски пленум". На пленумот бил осуден периодот на владеењето на В'лко Червенков.[151] При усвојувањето на дневниот ред на Народното собрание во салата била и југословенската парламентарна делегација. Следниот ден, на 17 април била прочитана молбата на В'лко Червенков во која барал да биде ослободен од функцијата претседател на Владата на НР Бугарија. Во неа меѓу другото пишувало: "Поради моите неправилни методи на работа, што ги дозволив како претседател на Министерскиот совет... молам Народното собрание да ме ослободи од должноста. 17 април 1956".[152] И покрај тоа што владеењето на В'лко Червенков било окарактеризирано како владеење на култот на личноста, и покрај тоа што неговата работа

151 Нова Македонија, Скопје, 9 IV 1956, XII/3542,1.
152 Нова Македонија, Скопје, 18 IV 1956, XII/3551,1.

како претседател на Владата на НР Бугарија била оценета како неправилна и штетна, откако В'лко Червенков бил разрешен од функцијата претседател на владата на НР Бугарија, тој сепак останал еден од четирите заменици на претседателот на Владата на НР Бугарија, Антон Југов. Во случајот на В'лко Червенков лавиринтите на политиката се бесконечни и недофатливи.

Меѓу градовите што ги посетила југословенската парламентарна делегација бил и Благоевград (поранешна Горна Џумаја) и Сандански (поранешен Свети Врач). На пречекот и испраќањето на југословенската парламентарна делегација во овие два града на Пиринскиот дел на Македонија присуствувале сите раководители во Пиринскиот крај, на чело со незаменливиот Борис Вапцаров.

Во својот говор пред пратениците во Народното собрание Моша Пијаде ќе ја искаже следната констатација: "Создадени се услови за пријателство меѓу Југославија и Бугарија".[153] Додека во изјавите на бугарските раководители сретнуваме и вакви констатации: "Исчезнаа причините за разидување меѓу Југославија и Бугарија".[154] Дали било баш така?

Осудата на култот на личноста на Сталин во Советскиот сојуз и на В'лко Червенков во Бугарија придонесе да бидат рехабилитирани и ослободени од затвот политичките противници на В'лко Червенков. Меѓу ослободените се најдоа и Иван Масларов, Васил Ивановски и многу други.

Како одговор на посетата на југословенската парламентарна делегација во септември, поточно на 22 септември 1956 година во Југославија пристигнала бугарска парламентарна делегација на чело со

---

153 Нова Македонија, Скопје, 17 IV 1956, XII/3550,1.
154 Нова Македонија, Скопје,18 IV 1956, XII/3551,1.

Тодор Живков, првиот секретар на ЦК на БКП и член на Президиумот на Народното собрание на НР Бугарија. Меѓу членовите на бугарската делегација се наоѓал и Борис Вапцаров. Од 27 до 29 септември бугарската делегација престојувала во НР Македонија. Го посетила Скопје, Титов Велес, Штип и неколку стопански објекти.[155] Од изјавите што се објавени во дневниот печат се добива впечаток дека веќе биле надминати сите недоразбирања меѓу ФНР Југославија и НР Бугарија.

Следејќи ги понатаму настаните во Пиринскиот дел на Македонија, се заклучува дека далеку биле времињата кога ќе бидат отстранети и надминати недоразбирањата, особено по однос на македонскиот народ, нација , неговата држава и правата на Македонците што живеат како малцинства во границите на Бугарија, Грција, Албанија и Србија.

Пред десетина и повеќе години во нашата историографија се правеа напори "аргументирано" да се докаже дека Бугарската комунистичка партија како неспорен фактор во Бугарија го признавала постоењето на македонската нација во периодот 1948-1956 година и при тоа, покрај другите, беше користен еден документ познат под името "Тези за раководењето на партиските комитети и организации во областа на Пирин и на комунистите во културно-просветните сојузи на Македонците-бегалци во нивната практична работа по македонското прашање".[156] Прв во тие настојувања научно да го докажи и документирано да го поткрепи признанието што го прават бугарските партиски и државни раководители

[155] За жал, документите што се наоѓаат во Архивот на Македонија, а се однесуваат на разговорите од оваа посета, сè уште не се обработени и достапни за научноистражувачка работа.

[156] Душко Поповски, Некои документи на Бугарската комунистичка партија за македонското национално прашање. Научен собир - Основањето и развојот на комуниостичката партија на Македонија, Скопје, октомври 1979, ?стр; Ристо Кирјазовски, Документи за односот на Комунистичката партија на Грција кон македонсакото национално прашање 1918-1974, Скопје, 1982, 570-576.

и органи бил Душко Поповски. Во своите коментари со кои го проследува документот, Поповски нѝ нуди заклучок дека "и во време на најтешките притисоци на Информбирото врз ФНРЈ и при сите груби обиди за манипулација со македонското национално прашање, националната самобитност на македонскиот народ и националната припадност на Македонците во Пиринска Македонија, не се доведуваше во прашање".[157] Ваквиот заклучок е во колизија со презентираниот документ во кој пишува "б) Населението на Вардарска и Егејска Македонија е национално потиснато и треба да поведе решителна, упорна и непомирлива борба за соборување на фашистичкиот режим во Југославија и грчката монархија фашиостичка диктатура. Во борбата за своето национално ослободување, Македонците од грчкиот и од југословенскиот дел ќе добијат помош од населението од Пиринскиот крај и македонската емиграција во Бугарија".[158] (подвлкол В.Ј.)

Овој документ бил користен и на друг научен собир што се одржал во Софија во 1988 година. Во своето толкување на овој документ, бугарскиуот научен работник ги извлекол следните заклучоци:

"Тезите покажуваат дека ЦК на БКП продолжуваше да се држи кон старите стратегиски и тактички проценки во однос на иднината на Македонија".[159] Во таа насока, бидејќи белградско - југословенското раководство, оживотворувањето на идејата на јужнословенската федерација и обединувањето на Пиринскиот крај со Вардарска Македонија ја прави невозможна, затоа се актуелизираат тие процени.[160]

157 Душко Поповски, Некои документи на Бугарската..., ?стр.

158 ЦПА., ф. 214, оп. 1, а.е. 75, л.1-9. Документот бил изготвен кон крајот на 1951 година од страна на Владимир Поптомов, член на ЦК на БКП, истакнат македонски револуционер од меѓувоениот период, роден во с. Белеци, Разлошка околија, Пиринскиот дел на Македонија.

159 Българската народност и нация през векове, София, 1988, стр....

160 На истото место.

Според моето длабоко уверување врз аргументацијата што ја приложуваме, овој документ е уште еден доказ дека "признавањето" на македонскиот национален субјективизам од страна на највисоките партиски раководители и органи на Бугарија во овој период биле само декларативни, додека во практика веднаш по резолуцијата на Информбирото, XVI пленум на ЦК на БРП (к) и конгрес на БКП се отпочнало со денационализацијата и асимилацијата врз Македонците од Пиринскиот дел на Македонија.

Со таквите декларативни изјави по тезите за "признавањето" на македонската нација и држава, бугарските партиски и државни раководители, не мал број на Македонци во Пиринскиот дел на Македонија држеле во заблуда верувајќи ѝ на бугарската пропаганда. Можеби токму и таа е една од причините што НР Бугарија беше примена за членка на Обединетите нации дури на 14 декември 1955 година, откако постепено пројави желби за нормализирање на односите со странство, пред сè со своите соседи Грција, Турција и Југославија.

## 2. Пописот на населението во Бугарија во 1956 година и резултатите во Пиринскиот крај

Најдобар показател за структурата на населението во една држава претставуваат резултатите добиени од извршните редовни пописи што се вршат со употреба на матодологија и норми, утврдени и прифатени од страна на специјализирани меѓународни и стручни институти и институции. Таквите пописи, по правило се вршат на секои 10 години.

На македонскиот народ, кој кон крајот на XIX и почетокот на XX век веќе беше конституиран во македонска нација, за прв пат, во рамките на бугарската држава му било овозможено, според утврдените меѓународни критериуми и норми, да ја забележи својата национална припадност, на првиот повоен попис на населението што бил извршен во декември 1946 година.[161]

По промените во односите меѓу ФНР Југославија и НР Бугарија што настанале по резолуцијата на Информбирото "За состојбата во КПЈ", на XVII пленум на ЦК на БРП (к) 'Во врска со ситуацијата во Пиринскиот крај", ставовите изнесени на V конгрес на БКП, резултатите од тој попис и не само тие туку и сите национални придобивки и права со кои се стекнале и ги уживале Македонците во Пиринскиот дел на Македонија во периодот 1944-1948 година, беа и сè уште се предмет на проучување и научно толкување.

И покрај тоа што бугарската наука, пред сè историографијата, гледано од научен аспект била уверена во релевантните показатели,[162]

---

[161] Васил Јотевски, Националната афирмација..., 105-112.

[162] История на Българии, Том II, Москва, 1955, 535, 546; История на България, Том II, София, 1955, ....

сепак, под притисок на дневната политика и високите национални интереси на Бугарија, тие прават напори сите тие резултати и придобивки да ги стават под знакот на сомневање. Конкретно, резултатите и "тврдоглавите" факти од пописот на населението во 1946 година се обидуваат да ги претстават како плод на политички притисок извршен од страна на надворешниот фактор КПЈ-КПМ и спроведен преку БРП (к) и нејзините раководители.

И по однос на резултатите од пописот на населението во НР Бугарија од 1956 година бугарската историографија има свое толкување. Имено, според неа, и покрај тоа што по априлскиот пленум на ЦК БКП 1956 година биле создадени сите услови за надминување на сите "погрешни" ставови на БКП по однос на македонското национално прашање во минатото, БКП односно нејзиниот ЦК поаѓајќи од "историските задачи за изградба и развој на социјализмот во Југославија и Бугарија, од неопходноста за зацврстување на социјализмот во светски размери, заради ширењето на неговото меѓународно влијание, заради задолжување на интернационалните врски и заемните односи на светското работничко и комунистичко движење" направил уште една "грешка" издавајќи директива Македонците од Пиринскиот крај, за време на пописот да бидат запишани како Македонци.

За да нема простор за било какво сомневање во резултатите на пописот на населението во НР Бугарија од декември 1956 година и мнозинското изјаснување на Македонците од Пиринскиот дел на Македонија како припадници на македонската нација ги наведуваме следните релевантни показатели и документи од бугарска провиниенција.

Како што видовме погоре, по смртта на Сталин настанал период на нормализација на меѓусебните односи меѓу ФНР Југославија и НР

Бугарија. Меѓутоа, и по доаѓањето на Тодор Живков на чело на БКП, положбата на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија не бил подобрен. Напротив. Тодор Живков во својство на прв секретар на ЦК на БКП бил мошне добро, редовно и исцрпно известуван за состојбата во Пиринскиот крај. За политичкиот, воено-полицискиот, административниот, културно-образовниот и друг вид терор што го преземала бугарската држава при вршењето на денационализација врз Македонците од тој дел на Македонија. Поради сето тоа тие средства и методи на притисок дале резултат во правец на поставената цел. Тој воопшто не се сомневал дека Македонците од Пиринскиот крај "национално" се осознале како Бугари. И по неговото враќање од Југославија и НР Македонија, во октомври 1956 година во рамките на подготовките што биле правени за пописот на населението во НР Бугарија што требало да биде извршен во декември истата година, во упатствата за пописот, во знак на "добра волја", "интернационална солидарност" и потполна увереност дека резултатите од пописот дефинитивно ќе бидат во корист на бугарската национална кауза, дозволил, без никаков притисок секој да ја декларира својата национална припадност.

Во подготовките за претстојниот попис најактивно учествувале народните совети. Работејќи во Државниот архив во Благоевград 1995 година имав можност да користам оригинални документи што ги пополнувале општинските народи совети за иселени и доселени лица во Пиринскиот крај, посебно за секој град.[163] Во овие докуманти, како и во оние што ги ползувавме во Државниот архив во Софија за доселените,

---

[163] Д.А. Благоевград, ф. Околийски испекторат по статистика (228) оддел Демография, оп. No. 1, а. е. 70.

иселените, родените, мажените и женетите, умрените никаде не била забележана македонската национална припадност.

Покрај тоа, лицата што требало да бидат попишувачи, односно пребројувачи и контролори за време на пописот ги определувале и утврдувале народните совети.

Меѓу попишувачите и контролорите најбројни биле членовите на Комунистичката партија, членови на Димитровскиот сојуз на Народната младина, но имало и таканаречени безпартијци, членови на БЗНС. Таков е случајот и со попишувачите и контролорите во следните села во Благоевградската околија Брежани, Сенокос, Крупник, Градево, Симитли, Логодаж, Булино и др.[164] Списоците на попишувачите, односно пребројувачите и контролорите на пописот требало да бидат доставени најдоцна до 29 ноември 1956 година.

Според инструкцијата за работа на контролорите што ја изготвило Централното статистичко управление во Софија, должност на секој попишувач била во пописниот картон секому да му запише возраст, пол, националност, професија и социјална категорија. Според инструкцијата тајноста на податоците била загарантирана. Покрај тоа, во инструкцијата под знакот "впрос осми" "б) За Македонците се вели дека секој сам си ја определува својата национална припадност".[165]

По завршените подготовки, утврдувањето на листите на попишувачите и контролорите за пописот во согласност со инструкцијата на Централната статистичка управа при Министрескиот совет (Владата) на НР Бугарија, на 1 декември 1956 година, отпочна пописот на населението во НР Бугарија.

---

[164] Д.А. Благоевград, ф. 228, оп. No. 1, а. е. 69.
[165] Д.А. Благоевград, ф. 228, оп. No. 1, а. е. 68.

Според резултатите од тој попис, што биле обработени и објавени 1961 година, националниот состав на населението во Пиринскиот дел на Македонија по околии е следниот: Во Благоевградската околија (поранешна Горноџумајска) 30.561 Македонци, 26.403 Бугари и 1.597 од другите малцинства или вкупно 58.561 жител. Во околијата на Гоце Делчев (порано Неврокоп) како Македонци биле запишани 29.568 лица, како Бугари 31.941 и 3.001 од останатите малцинства. Во Петричка околија биле запишани 40.008 како Македонци, 7.334 како Бугари и 1.042 од другите малцинства. Во Разлошка околија имало 23.352 Македонци, 23.344 Бугари и 917 од други националности и во Санданска (поранешна Светиврачка) околија имало евидентирано 55.373 Македонци, 4.649 Бугари од 1.855 од останатите малцинства.[166]

Споредени со резултатите од пописот што бил извршен во 1946 година, доаѓаме до парадоксални откритија кои нѝ ги наметнуваат следните заклучоци. Бидејќи не располагаме со оригинални показатели за пописот од 1946 година за Горноџумаска-Благоевградска околија тука ќе ги споредиме резултатите од пописите од 1956 со оние од 1946 година за Гоце Делчев, Петричка, Разлошка и Санданска околија.

Според документите што се наоѓаат во Државниот архив на Република Бугарија, според пописот од 1946 година кој се однесува на околијата Гоце Делчев, од вкупниот број на жители 53.987 како Македонци се изјасниле 24.845, како Бугари 8.399, како Помаци 18.059, Турци имало 2.198, 420 Цигани и други.

Тука ќе направиме мала дигресија за да го расчистиме наметнатото прашање околу идентификувањето на лицата со мухамеданска

---

[166] Преброяване на населението в Народна Република България на 1. XII 1956, София, 1961....

вероисповед кои во периодот и според документите од 1945 и 1946 година, по националност се декларирале како Македонци.

Според документот што го изготвил Обласниот училишен инспектор во Горна Џумаја, за потребите на обласната училишна инспекција, за учебната 1946/1947 година, во Неврокопската околија имало 11.553 ученици на возраст од 7 до 15 години. Од нив 7.141 ученик по националност бил Македонењц, 3.002 ученици се запишани како Македонци со мухамеданска вероисповед.[167] Во истиот документ стои дека имало 788 ученици по националност Бугари.

Во овој попис Македонците мухамедани претставувале значителен број од населението во Неврокопска и Разлошка околија. Истите тие, заедно со своите родители при пописот на населението од 1946 година биле евидентирани како Помаци.[168] Во некои документи од подоцнежниот период биле преименувана во Бугаромухамедани,[169] за да на крајот сите бидат административно запишани како Бугари, каков што бил и случајот при пописот од 1956 година.

Кога ќе се придодадат Помаците од Неврокопската околија кон бројот на Бугарите (18.059 Помаци плус 8.399 Бугари) според пописот од 1946 година[170] познавајќи го нивниот наталитет, не без основа 8.399 Бугари од 1946, пораснале на 31.941 според пописот од 1956 година.[171] Истото е направено и со Разлошка околија. Според пописот на Обласниот училишен инспектор, во оваа околија имало 6.121 ученик. Од нив 4.522 биле Македонци, 1.420 биле Македонци-мухамедани, 129 Цигани и само 45

---

[167] А.М. ф. Министерство за просвета на НРМ. Документи за Пиринска Македонија 1944-1953. Необработен материјал.

[168] Д.А., ф. 210, оп. No.1, а.е. 902, 904 и др.

[169] Аки Мельов, Българомохамеданите- неразделна част от българския народ, Благоевград, 1970, ....

[170] Д.А., ф. 210, оп. No.1, а.е. 902.

[171] Преброяване на населението..., 110.

Бугари.[172] Според пописот на населението од 1946 година, во Разлошката околија имало 39.296 лица од кои 14.282 Македонци, 9.769 Помаци и 2.072 Бугари.[173] Истите тие 2.072 Бугари, според пописот од 1956 година станале 23.344, и покрај тоа што не била забележана механичка миграција. Ваков пораст на народносна, национална или етничка група до денес не се има забележано во светски размери. Тоа повторно ќе се случи и пак во Бугарија, кога на сите национални малцинства Турци, Македонци, Цигани и др. кои живеат во Бугарија ќе им биде административно наложена бугарската национална припадност во вид на бугарска социјалистичка нација. Онаму каде што не можело да се манупулира со верската определеност на националната припадност, таму споредбените резултати, од двата пописа (од 1946 и 1956 година) прирастот и демографските промени течеле сосема природно. Таков бил и случајот со останатите околии во Пиринскиот дел на Македонија, Петричката, Санданската и донекаде Благоевградската.

Во Петричка околија, според пописот од 1946 година живееле 30.733 Македонци и 1.186 Бугари и малку од другите малцинства.[174] Според пописот од 1956 година бројот на Македонците се зголемил на 40.008, а на Бугарите на 7.334.[175] И покрај тоа што и тука индексот на порастот на бугарскара национална припадност енормно е зголемен, сепак не можело да се манипулира со МАкедонците кои еднаш веќе ја искажале својата национална припадност во 1946 година.

Според податоците од овие два пописа што се однесува до Санданската околија, при вториот е забележано намалување на Бугарите.

---

172 А.М. ф. Министерство за просвета. Необработен материјал.
173 Д.А., ф. 210, оп. No.1, а.е. 904.
174 Д.А., ф. 210, оп. No.1, а.е. 903.
175 Преброяване на населението..., 110.

Според пописот од 1946 година во Светиврачка околија живееле 36.127 Македонци и 5.832 Бугари.[176] Во 1956 година имало 55.373 Македонци и 4.649 Бугари.[177] Тоа веројатно се должи на блиското, заемно интегрирање на стопанската, пред сè, земјоделска дејност, што поради недостиг на документација не можеме да го тврдиме.

Како и да е, и покрај разните административни досетки на актуелната бугарска власт, сепак во Пиринскиот дел на Македонија, за време на пописот од декември 1956 година, од вкупниот број на населението 281.015 жители, 178.862 се декларирале како Македонци, 93.371 се декларирале како Бугари, 95 како Руси.[178] Од овие податоци можеме да извлечеме уште еден заклучок. Во пописните книги се нашло место да се обележат 95-те Руси, а немало место за останатите 8.687.[179]

---

176 Д.А., ф. 210, оп. No.1, а.е. 905.
177 Преброяване на населението..., 110.
178 Преброяване на населението..., 106.
179 На исто место.

## 3. Настаните во Унгарија од 1956 година како повод за повторно заладување на односите меѓу ФНР Југославија и НР Бугарија

Во меѓувреме, додека се одвивал процесот на партиска и државно-дипломатска нормализација на односите меѓу НР Југославија односно СКЈ и КПСС и Советскиот Сојуз, во Европа и на Блискиот исток се случија два крупни настани кои придонеле одново меѓусебните односи на Југославија и Советскиот Сојуз повторно да бидат нарушени, не во онаква мерка како за време на информбировската кампања, но сепак заладени. За тоа особено придонеле настаните што се случиле за време на таканаречерната "контрареволуција" во Унгарија.

Имено, на 15 октомври 1956 година во посета на ФНР Југославија допатувала делегација на Партијата на Унгарските трудбеници (ПУТ) на чие чело бил првиот секретар на партијата Ерне Гере. Набрзо по нејзиното враќање во Унгарија, на 23 односно 24 октомври отпочнале и студентски демонстрации против "сталинистичкиот метод на управување во Унгарија", кои подоцна прераснале во востание. На 24 октомври, Владата на НР Унгарија побарала помош од советските воени сили за смирување на настанатите безредија. Тој чекор на Владата наместо да придонесе за смирување на состојбата, предизвикал општ револт. Напоредно со навлегувањето на советските воени сили, во Унгарија отпочнал процесот на промени во партиските и државните раководни структури. И покрај барањата што биле изнесени на 24 октомври, Ерне

Гере да остане на функцијата прв секретар на ПУТ, и на негово место дошол Јанош Кадар[180].

На 2 ноември истата година Имре Наѓ, во својство на претседател на Владата на НР Унгарија, согледувајќи го незапирливото навлегување на советската армија, се обратил до Организацијата на Обединетите нации (ООН), прогласил неутралност на Унгарија и објавил дека НР Унгарија го раскинува договорот како членка на Варшавскиот Сојуз.[181]

Сето тоа придонесло Советскиот Сојуз со своите источни сојузници да преземе соодветни мерки, а Имре Наѓ бил принуден да бара политички азил токму во југословенската амбасада во Будимпешта.

Нападот на Израел и воената англо-француска агресија врз Египет од ноември 1956 година бил вториот крупен меѓународен настан кој на Советскиот Сојуз му овозможил непречено да интервенира во расчистувањето на состојбата во Унгарија.

Не откажувајќи се од сопствените принципи на својата на дворешна политика, ФНР Југославија во овој период примила голем број на избеглици од Унгарија. Бранејќи ги тие принципи Јосип Броз Тито, во својот говор што го одржал на 15 ноември 1956 година во Пула ќе ги истакне следните елементи: "... и покрај разбирањето на Советскиот Сојуз за Југославија, ние видовме дека во поглед на другите земји работата ќе оди доста тешко, зашто советските раководители имаат во поглед на другите земји други становишта, бидејќи кај нив постоеше извесно погрешно и дефектно гледање на односите спрема тие земји, спрема Полска, Унгарија и другите. Но ние не го примивме тоа така трагично, бидејќи видовме дека тоа не е становиште на целото советско

180 Нова Македонија, Скопје, 25. XI 1956, XII/3738, 1 и Нова Македонија, 26. X. 1956, 1).
181 Нова Македонија, 2. XI 1956, XII/3746, 1.

раководство, туку само на одреден дел... Тоа становиште беше наложено од оние луѓе кои лично стоеја, а и сега стојат на сталински позиции"[182]. Таквите југословенски ставови ќе бидат изложени и од страна на Коча Поповиќ на Генералната дебата на ООН во Њујорк на 22 ноември истата година[183].

Сето тоа придонесе југословенско-советските односи, особено на партиско ниво меѓу СКЈ и КПСС да се заладат, додека државните, поточно стопанските, извесно време да стагнираат.

Бидејќи југословенско-бугарските односи секојпат зависеле од моменталната состојба во односите меѓу Југославија и Советскиот Сојуз и сега како и по резолуцијата на Информбирото од 1948 година, бугарските партиски и државни раководители целосно застанале на позициите на Советскиот Сојуз. истото тоа ќе биде повторено, односно потретено во 1968 година кога ќе се случат познатите настани "чешка пролет" во Чехословачка.

Бугарското партиско и државно раководство било силно изненадено од резултатите на пописот на населението во Благоевградскиот округ. (Тогашен административен назив на Пиринскиот дел на Македонија). Нивните дотогашни заложби и политика на политички и воено-полициски терор, употреба на административни и културно-просветни методи на денационализација и асимилација врз Македонците во Пиринскиот дел на Македонија, спроведуван во периодот од 1948 до 1956 година, не ги дале за нив очекуваните резултати. И наместо да ја прифатат објективната историска стварност, потврдена со последниот попис, за постоењето на македонското национално

---

[182] Нова Македонија, 16. XI 1956, XII/3760, 1,2 и 4.
[183] Нова Македонија, 23. XI 956, стр.1. XII/3767.

малцинство во НР Бугарија кое во Пиринскиот дел на Македонија претставувало мнозинство, користејќи ја новонастанатата меѓународна состојба, особено настаните што се случија во Унгарија, ставот на југословенското партиско и државно раководство во врска со тие настани, согласно на нивната зависност од односите меѓу ФНР Југославија и Советскиот Сојуз, отпочнале со креирањето на новата политика, како во нивните односи кон ФНР Југославија, односно НР Македонија, исто така и кон националните права на македонците во Пиринскиот дел на Македонија.

Во што се состоела новата политика?

По својата суштина политиката на негирање на македонската нација продолжила. Дотогашните методи на присила од политички, воено-полициски, административни, стопански, културно-просветни итн. исто така продолжиле да се употребуваат. Разликата е во тоа што дотогашното јавно декларативно манифестирање на признавањето на македонската нација, држава и малцинство во Бугарија до 1956 година во периодот од 1956 до 1958 година, било заменето со премолчено негирање на сè што имало македонски национален белег. Таквиот однос, се должи на новата тактика што ја разработило највисокото раководство на БКП кое се раководело од "интересите" на меѓународното работничко и комунистичко движење. Централниот комитет, поточно Политбирото на ЦК на БКП како највисок партиски орган сметал дека партиските и идеолошки разлики со СКЈ не треба да влијаат врз државните и препорачал јавните напади насочени против ФНР Југославија да престанат, а што се однесува до македонското национално прашање се применувала тактиката на политичка еластичност, привремено молчење, воздржаност и трпение. Покрај тоа, повторно само декларативно,

партиското и државното раководство се сообразило со реалноста што произлегла по Втората светска војна, Македонската нација и македонската држава во рамките на јгуословенската федеративна државна заедница. Повторуваме, само декларативно, затоа што на плеумот на ЦК на БКП во март 1963 година, Тодор Живков, во својот реферат ќе истакне:

"При разјаснувањто на актуелната состојба на македонското прашање пред пленумот беа поставени некои основни проблеми, кои бараа јасно и определени позиции. Првиот од нив беше постоењето на македонската државност во СФРЈ ( согласно Уставот од 1963 година Федеративна народна Република Југославија беше преименува во Социјалистичка Федеративна република Југославија. Согласно со тоа, Народните републики беа преименувани во Социјалистички), која претставува реалност, следи да биде призната како таква, но 'кога за тоа ќе се создадат услови, не сега' - во услови на непрестана антибугарска пропаганда, клевети и напади, преку која југословенското и Скопското раководство се стремат да утврдат некаква' македонска национална индивидуалност на антибугарска основа"[184]. Таквата политика на еластичност и времено премолчување ќе се применува некаде до пред одржувањето на II конгрес на БКП што бил одржан во Софија од 2 до 7 јуни 1958 година.

Ценејќи дека и ваквата политика и стратегија не ги дала очекуваните резултати во однос на Македонците во Пиринскиот крај, Бугарското партиско и државно раководство, користејќи ги како повод искажаните ставови на II конгрес на СКЈ, отпочна офанзива и повторно го

---

[184] Антон Първанов: Априлската политика на БКП по македонския въпрос и др. Тодор _ивков. Институт по История на БКП при ЦК на БКП. Българската народност и нация пред вековете. материали от научна конференция. Част втора. София, 1988,. 314-333.

актуелизира разгледувањето на македонското национално прашање на пленумот на ЦК на БКП што бил одржан во мај 1958 година.

Што е тоа што се случило на II конгрес на СКЈ што предизвикало таква реакција кај бугарското раководство? Во основниот реферат што го поднел генералниот секретар на СКЈ Јосип Броз Тито "Задачите на СКЈ во врска со меѓународната ситуација и со внатрешниот развој на социјалистичката изградба на Југославија", во поднасловот "Нормализацијата на односите со Советскиот Сојуз и со другите источни земји на народната демократија" за односите со НР Бугарија го читаме следното: "Соработката со Чехословачка и Бугарија во економски поглед се одвива нормално, а што се однесува до политичката и културната соработка би сме сакале да биде подобра одошто е сега"[185]. Толку и ништо повеќе. Седмиот конгрес на СКЈ бил одржан во Љубљана од 22 до 26 април 1958 година.

Но, според партиските раководители на БКП, седмиот конгрес на СКЈ "бил претворен во трибина на немарксистички, антисоветски погледи и напади". Истакнато било, дека југословенското раководство ја продолжило својата "антибугарска пропаганда и дека правел обиди да се меша во внатрешните работи на Бугарија и дека развива особено негативна активност по македонското прашање, по кое југословенското раководство стои на националистички позиции.

На мајскиот пленум на ЦК на БКП од 1958 година, Тодор Живков во својата дискусија истакнал дека: "особена негативна активност по македонското прашање развиваат некои југословенски весници и одделни раководители. Во однос на Македонија - според разбирањето на Тодор Живков - тие (југословенските раководители-В.Ј.) стојат исцело на

185 Седми конгрес на СКЈ. "Култура", Скопје, 1958, 1-424.

буржоаско-националистички позиции, смислено креваат голема врева околу тоа прашање и го одвлекуваат вниманието на трудбениците од Вардарска Македонија од главните задачи на денешното време - од борбата за зајакнување на мирот и социјализмот во светот[186].

Наспроти таквиот "став и однос на СКЈ" кон македонското национално прашање, кое го осудуваа бугарските партиски и државни раководители, тие, во интерес на мирот и социјализмот во светот, македонскто прашање ќе го сметаат за второстепено и тоа ќе му биде потчинето на "мирот и социјализмот во светот". За нив тоа прашање не било актуелно и го истакнуваа фактот дека бугарскиот печат и општественост не се занимавале со него[187]. Малку чудно, ако се има предвид дека македонската нација, особено македонското национално малцинство во Бугарија се сметало за бугарско.

Но според поновата бугарска историографија таквиот однос бил оправдан од причини што: "Нашето партиско и државно раководство се стремеше да не се засегнуваат сложени и спорни прашања од таков вид какво што е македонското прашање, кои би можеле да ги заострат односите меѓу двете држави. Освен тоа, пак според поновата бугарска историографија - поставувањето на прашањето од таков аспект како актуелен и пропаганден би и нанело штета на нашата страна, ако се има предвид дека историографијата како наука и широката општественост не била подготвена за тоа. Во тие години, сеуште постоева старите ненаучни и неосновани разбирања за 'македонско национално малцинство' во Бугарија, беа допуштени разлики во искажувањата и сваќањата на раководни дејци, сѐуште постоеја културно-просветни организации кои

---

186 ЦПА, Ф.1, оп. 5, а.е. 339, л.115.

187 На истото место.

беа наречувани 'македонски', преку радио Софија се даваше емисија на 'македонски јазик' итн.[188].

Од овој цитат можеме да заклучиме, дека меѓу историчарите и поедини раководители постоеле доблесни личности кои своите принципи не ги менувале по налог и потреба на дневната политика. Тие ја разбирале, почитувале и прифаќале објективната историска стварност за постоењето на македонската нација, на македонската држава во рамките на југословенската федеративна државна заедница и на македонското национално малцинство во Бугарија.

На таквите принципиелни ставови, според бугарската политика, требало да им се стави крај. Затоа, таа историографската наука, и поедините такви раководители требало да бидат подготвени. Подготовките ги вршела раководната политичка партија на чело со првиот секретар на ЦК на БКП Тодор Живков. Тоа особено дошло до израз за време на II конгрес на БКП што бил одржан во Софија од 2 до 7 јуни 1958 година.

На тој конгрес настанала дефинитивната пресвртница во однос на дотогашното декларативно признавање, а како што видовме во суштина негирање и вршење денационализација и асимилација на македонците во Пиринскиот дел на Македонија. На истиот конгрес било наложено сфаќањето дека националната припадност на населението во Пиринскиот дел на Македонија, во однос на неговата историја, бит, култура, јазик, секојпат биле во непрекината врска со историјата и развојот на бугарскиот народ. Таквото разбирање требало да и се наметне на историографската наука и откако таа тоа "научно" ќе го обработи, истото

[188] Йордан Зарчев: Някои аспекти на партийната политика по националния въпрос след априлския пленум на ЦК на БКП от 1956 година. Българската народност и нация през вековете. Материяли от научна конференция. Част втора. София 1988, 277-313.

ќе го врати на политиката таа да го користи како "научно" оверено за своите дневно политички цели.

Бугарската историографија се нашла во мошне незавидна положба. Должност на секоја наука, посебно на историографијата е да открива непознати настани и процеси што се случувале во минатото, научно да ги обработува и да ја запознава пошироката јавност со резултатите до кои дошла. Задача хумана, благодарна и благородна.

Бугарската историографска наука била задолжена да работи спротивно на тие основни научни принципи. Таа требала да им даде научна верификација на политичките решенија дека една објективна историска стварност каква што беше македонската нација, држава и малцинство во Бугарија не постојат. Ниту малку хумано, ниту благодарно, уште помалку благородно.

И покрај тоа што бугарската држава одделила и дала огромни материјални и финансиски средства, огромните интелектуални напори, откажувања, лични трагедии, сепак историографската наука не успеала позитивно да одговори на поставениот партиско-државен диктат и задача.

И самата понова бугарска историографија заклучува дека во периодот 1958/59 година излегоа првите статии и рецензии во "Исторически преглед", "Известия на Институтот по история на БКП", во кои "истакнати наши историци направија обид да го разјаснат местото на т.нар. "Македонско прашање' во бугарската историја"[189]. Тоа беа само обиди како што самите велат за да заклучат: "Меѓутоа, сеуште недостигаше целосна и единствена линија на нашето партиско и државно

---

[189] (П.Г. Националистическа критика. - Изв. на Института по история на БКП, 6, София, 1959, 68-77; Косев Д.: Ревизионистическа фалшификация на българската история от скопските историци - историски преглед. София, 1959, 6.

раководство, на нашата историска наука и општествено-политичка мисла по македонскто прашање"[190].

Ова уште еднаш го потврдува нашиот заклучок дека бугарската историографија сè уште чекала директиви и "посилни" аргументи од бугарската политика и барала целосна и единствена линија на сите општествено-политички структури во Бугарија по однос на македонското национално прашање.

Таквата состојба на исчекување и усогласување на меѓусебните ставови на бугарската историска наука и бугарското партиско и државно раководство ќе потрае до 1968 година.

190 Йордан Зарчев: Някои аспекти... 291.

## 4. Состојбата во Пиринскиот крај

## 1958 - 1962 година

Што се однесува до политиката на бугарската држава во однос на националните права на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија по пописот од 1956 година, по кој попис Македонците се надевале дека ќе им бидат вратени одземените национални права што ги уживала во периодот од 1944 до 1948 година, таа ниту била еластична, уште помалку попустлива. Методите на денационализација останале истите, од политички, воено-полициски, административни, културно-образовни, дополнети со нови посовремени. Во новите услови тоа отпочнало да се прави тивко, преку првичните партиски организации на БКП, во работните колективи, организациите на Димитровскиот сојуз на народната младина во училиштата и надвор од нив, за време на отслужувањето на военатa обврска и др. На сите тие разјаснувачки состаноци и собири околу македонското национално прашање им се давало работен, строго партиски и обврзувачки, а не манифестационен карактер, проследен со прашања и дискусија. И сето тоа, на учесниците на сите тие собири, референтите своите разбирања по македонското национално прашање се труделе да го поткрепат со "научни" аргументи и истото да го наметнат кај присутните.

Во спроведувањето на наложената нова префинета, на "научна" основа поставена политика на денационализација на македонците во Пиринскиот дел на Македонија активно учество ќе земат Државниот драмски театар. Државниот ансамбал на песни и ора "Пирин", Окружниот историски музеј, весникот "Пиринско дело" сите со седиште во

Благоевград, како и други културно-просветни институции, читалишта во останатите околиии во Пиринскиот крај.

Една од основните намери на бугарското партиско и државно раководство за полесно спроведување на денационализација на Македонците во Пиринскито дел на Македонија била и таа да им го сврти вниманието на Македонците од Националните врз стопанските проблеми и реформите што биле спроведувани во овој период во НР Бугарија. Но, бидејќи Пиринскиот крај е претежно планински крај во кој основна стопанска дејност на населението била земјоделието и сточарството, очекуваните резултати и на тоа поле изостанале. Пиринскито дел на Македонија бил искористуван само како суровинско подрачје од каде се црпеле природните дрвени, јаглени и земјоделски индустриски ресурски тутун, сусам и др. за потребите на бугарската индустрија која се развивала надвор од границите на Пиринскиот крај.

И покрај тоа што во највисокие партиски и државни раководства во Бугарија настанале крупни кадровски промени, во обласното партиско раководство како и во Обласниот народен совет останале послушните орудија на бугарската денационализаторска политика на чело со првиот секретар на Обласниот комитет на БКП Борис Вапцаров. Со 290.000 жители раководела една избрана гарнитура од 14.034 членови на Комунистичката партија[191].

Директивите што ги добивала од Софија, оваа раководна гарнитура во Пиринскиот крај, ги спроведувала без поговор. Заклучоците што биле донесени на II конгрес на БКП, за забрзан стопански, социјален и културен развој исто така. Бидејќи јавно веќе не се говорело и не биле водени дискусии околу македонското национално прашање и националните права

[191] История на Благоевградската... 384.

на Македонците во Пиринскиот крај, целокупната активност била усмерена кон селскостопанската и административната реформа, што исто така била иницирана од страна на највисоките партиски органи. Според одлуката на ЦК на БКП од 17 јануари 1959-година, постоечките окрузи и околии биле расформирани и на нивно место биле создадени 30 административно-територијални економски окрузи[192].

Задача на новите окрузи била непосредно да раководат со градските и селските општини. На тој начин, со ликвидирањето на Околните како административно-територијални единици, градските и селските општини прераснаа во единствени органи на месната државна власт.

Во април 1959 година биле спроведени избори за окружни, градски, реонски и селски народни совети, за народни судии и судии поротници. Се разбира дека гласачите ги избраа единствените кандидати што ги предложиле партиските раководства, членови на БКП.

Територијата на Благоевградскиот округ односно Пиринскиот дел на Македонија била зачувана. Но, околиите: Благоевградската, Петричката, Гоцеделчевската, Разлошката и Санданската како територијални единици биле расформирани и на нивно место биле создадени 28 општини кои биле директно потчинети на Окружниот народен совет. Согласно со новата административно територијална поделба била извршена и измена во структурата на партиските организации. Во секоја општина бил формиран општински комитет. Општинските комитети на БКП биле под директна контрола и потчинетост на Окружниот комитет на БКП.

---

192 БКП в Редолюции и решения... т. V. 319.

На 29 мај 1959 година, согласно административно територијалната поделба, во Благоевград била одржана основачка конференција на Окружниот комитет. Новоизбраниот Окружен комитет броел 61 член. Бирото го сочинувале 7 члена на чело со првиот секретар на Окружниот комитет неодминливиот Борис Вапцаров.

Во раководствата на Окружниот, градските, реонските и селските народни совети, меѓу избраните народни судии и судиите поротници биле избирани исклучиво членови на БКП. Покрај тоа, раководителите од најнизок до највисок ранг во работните колективи исто така биле членови на БКП[193]. На тој начин членовите на Комунистичката партија владееле со целокупниот јавен општествено-политички живот во Пиринскиот дел на Македонија. А тој живот во овој период се состоел во исполнувањето на петгодишниот стопански план.

Поради тоа што Пиринскиот дел на Македонија има типично планински карактер од која само на една третина може со успех да се развива земјоделието, а заради иситнетото стопанисување намалени биле и производите, една од приоритетните задачи била и окрупнувањето на земјоделските стопанства. Покрај сè, секој службеник бил должен еден работен ден во неделата да работи во трудово кооперативните земјоделски стопанства.

Во овој период основна задача на раководствата на Комунистичката партија, народните совети, Синдикатот, Младинската организација, стопанските раководители, им била да го организираат целокупното работоспособно население во исполнувањето на петгодишнот стопански план. Целата агитационо-пропагандна дејност била насочена кон истата цел.

193 История на Благоевградската..., 394.

## 5. Отпорот на Македонците во Пиринскиот крај 1956 - 1962

И покрај сите напори што ги правела централната политичка и државна раководна структура на Бугарија, во правец на спроведувањето на политиката на денацинализација на Македонците во Пиринскиот крај, македонците од овој дел на Македонија будно ги следеле сите меѓународни настани и промени и секој пат настојувале да ги искористат за себе, да ги запознаат меѓународните фактори со нивната положба, нивните заложби и идеали за слобода и обединување.

Таков бил случајот и со нелегално формираната Организација за обединување на Македонија (ООМ) од 1956 година. Искористувајќи го моментот кога Тодор Живков, есента 1956 година ја предводел бугарската парламентарна делегација во Југославија, за што беше збор, и запознати со фактот дека и Хрушчов се наоѓа во посета на Југославија, организаторите на оваа македонска организација испратиле писмо до Хрушчов и Булганин во Белград. Со пропратното писмо тие го испратиле и подготвениот Статут на ООМ. Статутот, според писмото до Хрушчов, со пропратно писмо, биле испратени и до Организацијата на обединетите нации. Во писмото се вели дека по XX конгрес на комунистичката партија на Советскиот Сојуз биле створени услови за обединување на Пиринскиот дел на Македонија со НР Македонија. Во точка 1 од Статутот се вели

дека претстои борба за обединување на Македонија[194]. Овој документ го користиме фрагментарно од причина што неговиот интегрален текст, на пропратното писмо и на Статутот на ООМ сè уште се крие некаде во архивите во Белград.

Истата таа 1956 година во Пиринскиот крај била формирана уште една нам позната организација и учениците од Петричката гимназија. Освен испишување на пароли таа организација не развила поширока активност и истата била релативно брзо откриена и растурена.

Летото 1957 година, во Петрич биле поставени темелите на уште една нелегална организација чии цели биле "борба за обединување на Македонија". Во раководството на таа организација влегле Кирил Т. Ружкин (Бебо Кика), Стамат Алексов Мешков, Стојан Николов Георгиев, Вангел Урдов, Иван Ванчо Караманџулов, Томато Иванов Рупинов, Георги Стојанов, Ангел Ангелаков, Кирил Ангелаков и уште околу седумдесет членови[195]. Во меѓувреме службата за државна сигурност уфрлила провокатор во редовите на Организацијата, настанала провала и притоа биле уапсени сите поистакнати членови на организацијата.

На 8 февруари 1958 година, пред Окружниот суд во Благоевград биле изведени уапсените членови на нелегалната организација. Тие биле обвинети за "нелегално организирање со цел да се сруши социјалистичкиот строј во НР Бугарија и отцепување на Пиринскиот крај и припојување кон трета држава"[196].

Според пресудата на Благоевградскиот окружен суд бр.142 од 8. 02. 1958 година, според НОХД и според член 93, ал.1 и 2, и во врска со

---

194 Архив на Македонија, фонд ЦК на КПЈ, к.1/1. Југословенските национални малцинства во бугарија и Грција (1965) 134 страници. Необработен материјал.

195 Стојан Георгиев Тимовичин: Македонија над сè, цит. дело, 39.

196 На истото место, 51.

чл. 82 и чл.36 од Н.З. Стојан Николов Георгиев бил осуден на четири години лишување од слобода. Во истиот процес Кирил Т. Ружкин бил осуден на 10 години, Стамат Мешков и Тома Иванов на година и половина и Вангел Урдов на 2 години[197].

Според искажувањата на Стојан Георгиев Томовичин, во бугарските затвори имало осуденици од сите околии на Пиринскиот крај. Во Старозагорскиот затвор се наоѓал Иван Кулчудеров од с.Черешница, Димитар Терзиев бил заедно суден со Иван Кучкудеров. Тимљо Запров бил од Гоце Делчев, Иван Биков од с. Самоилово. Станко од село Черниле, Благоевградско и многу други[198].

Во декември истата 1958 година, во Окружниот суд во Благоевград биле судени младинците од Разлошката гимназија. Во тој процес Борис Самоилов Прегов бил осуден на десет, а Ѓорги Поп-Атанасов на 5 години затвор[199].

Според сеќавањата на Ѓорги Поп-Атанасов, во бугарските затвори, поточно како осуденик кој се борел за македонските национални права во Пиринскиот крај се нашле и Венко Тамаќаров од село Масомиште, ученик во Гоцеделчевска гимназија од Банско. Но прогоните, апсењата и судењата на активистите на нелегалните групи продолжиле и во следните години.

---

[197] Исто, 51.

[198] Исто, 52.

[199] Обвинителниот акт и пресудата се наоѓаат кај Ѓорги Поп-Атанасов. Копија од истите документи се во мојата лична архива.

## 6. Период на нормализација на бугарско-југословенските односи 1962 - 1968

Како што решенијата и одлуките на XX Конгрес на КПСС претставувале пример и патоказ за отпочнување на политичка пресметка со раководната структура на В'лко Червенков, чиј период на раководење бил окарактеризиран како владеење на култот на личноста, така и одлуките и решенијата на XXII конгрес на КПСС што бил одржан во Москва од 17 до 31 октомври 1961 година, на политичкото раководство на чело со Тодор Живков му овозможиле да подготви терен за конечно отстранување од политичката сцена на В'лко Червенков, Антон Југов, и сите нивни блиски соработници и следбеници.

До конечна пресметка и отстранување на В'лко Червенков и Антон Југов дошло на III конгрес на БКП што бил одржан во Софија на 5-14 ноември 1962 година. По отстранувањето на Антон Југов од функцијата претседател на Владата на НР Бугарија, Тодор Живков, покрај тоа што во свои раце го држел раководството на БКП ја презел и државната власт, претседател на Министерскиот совет, односно на Владата на НР Бугарија. На тој начин Тодор Живков станал неприкосновен партиски и државен лидер на НР Бугаија.

Согласно своите определби, "доследен" на политиката на приврзаност кон надворешната политика што ја водеше и диктираше Советскиот Сојуз, Тодор Живков презел напори за целосна нормализација на односите со ФНР Југославија, односно со СКЈ.

Една од причините за подобрување на односите меѓу ФНРЈ и НР Бугарија, била и таа што економското поврзување на светот битно влијаеле на подобрувањето на меѓународните односи во светот кои ги надминувале политичките бариери. Таков бил и случајот во поставувањето на нови односи меѓу балканските држави.

Во рамките на подобрување на меѓусебните односи на ФНР Југославија и НР Бугарија, во периодот до 1967 година се настојувало да се одбегнуваат прашањата кои би придонеле за попречување на добрососедските односи. Во таа смисла и македонското национално прашање, како и прашањето околу националните права на Македонците во Пиринскиот крај биле само маргинално споменувани.

Согласно таквите ставови, на III конгрес на БКП, во "извештајот на Централниот комитет на БКП", што го поднел Тодор Живков, во поднасловот "Современата меѓународна состојба и политиката на Народна Република Бугарија", во делот што се однесува на односите со ФНР Југославија, читаме:

"Во последните две години се подобрија односите со ФНРЈ. Позитивно гледаме на врските во спортот, културата, науката и техниката, на пограничните средби со перспектива за напредок.

Ние сметаме дека нашите идеолошки разлики не би требало да бидат пречка за соработка на двете држави. По државна линија нашите заемни односи треба да одат само по една линија - кон натамошно развивање на стопанска и културна соработка, за зацврстување на пријателството меѓу нашите два братски народа"[200]. Тука Тодор Живков за првпат говори дека неговото сфаќање е дека во Југославија односно

200 VIII Конгрес на Българската комунистическа партия. 5-14 ноември 1962. Стенографски протокол. Издателство на "БКП", София, 1963, 1-1064, 40.

Бугарија живеат по еден народ. Заради таквиот негов став, стои претпоставката дека токму од тогаш отпочнале да се ставаат темелите, односно настојувањата за формирање на Бугарска социјалистичка нација, без оглед на националната припадност на секоја единка посебно. Можно е дека токму таквиот став на Тодор Живков, нешто подоцна предизвикал интерес за формирање на таканаречена "Југословенска нација". Но тоа е надвор од рамките на мојата теза.

"Не се сака многу ум за да се разбере дека, не е во интерес ниту на бугарскиот ниту на југословенскиот народ (подвлекол В.Ј.), ниту за мирот и прогресот на Балканот и светот да се навраќаме кон времињата на заемни напади, кога стопанската и културната размена беше на нула, а се случуваа и понепријатни нешта"[201].

Ако при првиот пат спомнувањето на само двата народа во ФНР Југославија и во НР Бугарија можело да биде случајно, неговото повторување ја исклучува таквата случајност.

Колку бугарската надворешна политика била под влијание на политиката на Советскиот Сојуз се потврдува и од следното искажување на Тодор Живков, во истиот извештај:

"На огнот на нашите недоразбирања (се мисли на Југословенско-бугарските В.Ј.) ги греева рацете империјалистичките држави. Тргнувајќи од сето тоа, ние високо ги цениме и ги поздравуваме мудрите чекори што се преземени во последно време од страна на ЦК на КПСС и советската влада за понатамошното подобрување на односите меѓу СССР и ФНРЈ. Важно значење во таа насока има посетата на претседателот на

---

201 На истото место, стр.40/41.

президиумот на Врховниот совет на СССР Леонид Брежњев на Југославија"[202].

Што се однесува до отсуството на македонското национално прашање, тоа било забележливо и при одржувањето на III конгрес на Сојузот на Комунистите на Југославија, што бил одржан во Белград од 7 до 13 декември 1964 година. На тој конгрес на СКЈ преовладувале меѓунационалните односи внатре во СФР Југославија. За односите со соседите ништо не било речено[203].

Во рамките на развојот на добрососедските партиски и државни односи и соработка меѓу НР Бугарија и СФР Југославија односно СКЈ и БКП, на 25 јануари 1963 година, на пат од Берлин за Софија, првиот секретар на ЦК на БКП и претседател на Министерскиот совет на НР Бугарија, Тодор Живков пристигнал во Белград. Во Белград, во просториите на Сојузниот извршен совет биле одржани разговори на највисоко партиско и државно ниво. За време на разговорите, како и на организираниот ручек приреден во чест на бугарската делегација не учествувале ниту партиски ниту државни раководители од НР односно СР Македонија. На конференцијата за печат, како и во поздравните говори што ги размениле Тито и Тодор Живков не се спомената никакви недоразбирања што постоеле меѓу СФРЈ и НРБ во однос на правата на националните малцинства што живееле во рамките на Југославија, односно НР Бугарија. Таквиот премолчен став на југословенското партиско и државно раководство му овозможило на Тодор Живков поангажирано да се зафати со "разрешувањето" на наследеното македонско национално прашање за што тој лично имал јасен став.

202 На истото место, 41.

203 Види Осми конгрес на Сојузот на комунистите на Југославија. Култура, Скопје, 1964, 1-431.

Разрешувањето на тоа прашање тој го покренал уште во март истата година.

Во март 1963 година, во Софија бил одржан пленум на ЦК на БКП. На пленумот Тодор Живков поднел реферат во кој тој настојувал да утврди некакви нови маркс-ленински "разбирања" по однос на националното прашање. По 15 години одлагање и премолчување, во март 1963 година, повторно било поставено македонското национално прашање за прегледување пред највисокиот партиски орган на БКП. Што се однесува до македонското национално прашање, Тодор Живков во својот реферат, пак според бугарската историогрфија "Конечно ја ослободил партијата од дотогашните грешки и застранувања по однос на македонското прашање од поранешниот период, внесе јасност, и мир меѓу партиските кадри и населението од Пиринскиот крај и емиграцијата од разните краеви на Македонија што се однесува до нивното право слободно да ја изразат својата бугарска национална свест, ја прекина шпекулацијата со чувствата на тоа население, дека може да се повтори времето од 1945 - 1947 година, кога му се сугерираше и насадувала туѓа национална свест и дека може да служи како "монета за размена'"[204].

Според овој извод од рефератот на Тодор Живков на пленумот на ЦК на БКП од март 1963 година, доаѓаме до закучок дека во Бугарија секој слободно може да ја изрази својата "бугарска национална свест" Како да дотогаш некој им пречел на бугарските граѓани кои по својата националност биле Бугари да ја искажат и јавно манифестираат својата бугарска национална припадност и свест. Тоа нема никаква логика и тешко може да се прифати како објективна вистина. Објективната

[204] Йордан Зарчев, цитирана статија, 291.

вистина била таа што на Македонците, Циганите, Турците не им било дозволено јавно да ја манифестираат својата национална припадност.

Меѓутоа, и покрај таквото денешно разбирање на бугарската историографија за наложувањето на ставот на Т. Живков по однос на македонското национално прашање, сепак се признава дека и на самиот пленум "сè уште имало не мал број од членовите на ЦК што не биле подготвени да ги прифатат новите ставови по македонското прашање"[205].

Според извадоците од документот што бил предмет на разгледувње, гледаме дека по рефератот на Тодор Живков неговите ставови по однос на македонското национално прашање, идеолозите на БКП молчеле, а таканаречените "второстепени" политички дејци се искажувале спротивно на тезите изнесени во рефератот на Т. Живков, и покрај тоа што декларативно му давале полна поддршка[206].

Сето ова не наведува на заклучок дека и покрај сите настојувања на првиот секретар на ЦК на БКП и претседателот на Владата на НР Бугарија да наметне нов пристап во однос на македонското национално прашање, сèуште немало усогласување меѓу политичката и државното раководство и дека сèуште бугарската историографска наука лутала и исчекувала политичкото решение да се наметне над научното.

Тоа и се случило. Своите тези Тодор Живков ги наметнал со силата на својата позиција. Тие тези отпочнале да се користат како историски и научно верификувани факти кои не трпат промени. Според подоцнежната бугарска историска наука, излагањето на Т. Живков пред пленумот на ЦК на БКП во март 1963 г. во однос на македонското национално прашање, претставувало широка перспектива за објективно и правилно маркс-

[205] На истото место, 292.
[206] На истото место, 292.

ленинско толкување од страна на бугарската политика. Кога прави анализа на позициите и разбирањата на БКП по однос на македонското национално прашање, Т. Живков се запрел на различните фази, нивниот развој во минатото и истите ги дефинирал.

Во еден научен труд за заслугите и улогата на Т. Живков во зацврстувањето" на маркс-Ленинските позиции и по однос на македонското нацинално прашање се вели; "Како вистински марксист-ленинист, првиот секретар на ЦК на БКП не ги прикрил допуштените грешки и слабости. Тој потцртал дека тие биле временски појави, кои се должеле на заблуди и отклонувања, на сообразување со некои конкретни, внатрешни и надворешни услови или притисок од надвор[207].

Во однос на актуелната состојба што била условена од постоењето на македонската држава во рамките на југословенската федеративна државна заедница, Т. Живков барал разјаснување за некои определени позиции. Имено, реалноста од постоењето на македонската држава во рамките на СФРЈ следувала да биде призната како таква "но" кога за тоа ќе бидат создадени услови за тоа "не сега" - во услови кога во НР Македонија се шири антибугарска кампања и кога југословенскто и македонското раководство се стремат да ја озаконат македонската нација.

Според Тодор Живков, македонската нација била формирана на антибугарска основа.

Во својот реферат Т. Живков изнел еден чуден заклучок кога вели дека:

"Бугарското население во Вардарска Македонија остана под ропство подолго време и беше подложено на асимилација и притисок од

[207] Антон Първанов, цитирана статия, 321/22.

страна на српската буржоазија"[208]. Овој негов заклучок кога ќе го доведеме во корелација со македонската нација и нејзиното оформување, излегува дека српската буржоазија вршејќи асимилација таа тоа не го правела во интерес на својот сопствен народ и нација туку во интерес на некој трет. Такво нешто досега во развитокот на човечкото општество не е познато.

Посебно внимание на Пленумот му било посветено на националната свест и припадност на Македонците од Пиринскиот дел на Македонија. По дискусијата, не со силата на научните аргументи, туку со аргументите на политиката, присилата, изрично било заклучено дека Македонцигте од Пиринскиот крај биле неделив дел од бугарската нација и народ, дека во Пиринскиот крај нема и не може да има никаква македонска националност и уште помалку може да стане збор за нивното право за присоединување кон македонската нација.

За рефератот на Т. Живков поднесен на пленумот на ЦК на БКП во март 1963 година, бугарската историографија ќе заклучи дека тој реферат во теоријата и практиката на БКП по однос на македонското национално прашање ги поставил и утврдил темелите на маркс-ленинистичкото разбирање по националното прашање.

За бугарската историографија, решенијата што произлегле од изнесените ставови на Т. Живков во однос на македонската нација и држава во рамките на југословенската федеративна заедница, македонскто национално малцинство во НР Бугарија и посебно на македонскиот народ во Пиринскиот крај и неговите национални права, имале историско значење.

---

208 На истото место, 322.

Ставовите што ги изнел Т. Живков во својот реферат на пленумот што бил одржан во март 1963 година од страна на бугарската историографска наука, биле прифатени како неспорни факти врз кои БКП ја подготвувала својата "маркс-ленинска" научна аргументираност, како во однос на нејзината политика кон СФР Југославија, уште повеќе во однос на македонското национално прашање. Пак ќе повториме дека македонското национално прашање од бугарската историографска наука и политика било третирано како "Македонско прашање" во рамките на бугарското национално прашање.

Тие и таквите политички аргументи ќе ги користи бугарската историографска наука како "несобориви" "научноверификувани" факти. За неа, авторитетот на Тодор Живков претставува "несоборлив научен аргумент".

На крајот од заседанието на пленумот и дискусијата по рефератот на Тодор Живков, било донесено решение да се изработи документ во кој да се образложи целокупната марксистичка-ленинска" политика на БКП по однос на македонското национално прашање.

И покрај ангажирањето на целокупниот стопански финансиски, научен и интелектуален потенцијал при изготвувањето на таквиот документ и вклучувањето на уметниците, писателите, поетите, научните работници од областа на општествените науки, јавните гласила, целокупниот политички пропаганден арсенал на НР Бугарија, тој "документ" ќе биде изготвен дури во 1968 година, од страна на највисоката научна институција во НР Бугарија - Бугарската академија на науките, за кој документ ќе стане збор понатаму.

На тој начин во НР Бугарија биле ствварани "релевантни" "научно верификувани" факти и аргументи за националната самобитност на

Македонците во Пиринскиот дел на Македонија кои "слободно" и од никого "непречено" можеле слободно да си ја искажат својата бугарска национална припадност Тие и таквите факти и биле давани на науката за таа "научно" да ги потврди. Откако науката ќе си ја завршела својата работа политиката одново го земала своите одлуки и решенија што науката "научно" ги оверила, и ги користела за своите дневно-политички цели.

Таквиот начин на научно оверување на политички факти и аргументи се обидувале да произведат и некои македонски политичари со поддршка на "истакнати" "познати" и "признати" научни работници од историографската наука.

Во прилог на таквите изградени политички ставови од БКП по однос на Македонското национално прашање во прилог ќе им одат и некои промени на југословенските партиски и државни раководители во однос на истото прашање. Имено, во периодот од 1963 година, за што малку и проговоривме, до 1967 година, ќе се одржат уште три состаноци на највисоко партиско и државно ниво меѓу СФРЈ и НР Бугарија.

Од 22 до 27 септември 1965 година југословенско партиска и државна делегација на чело со Јосип Броз Тито престојувала во НР Бугарија. Меѓу членовите на југословенската делегација бил и претседателот на Собранието на СР Македонија - Видое Смилевски.

Во својот говор Тито ја истакнал добрососедската соработка која била поттикната и се развивала врз основа на заклучоците од средбата меѓу него и Тодор Живков од јануари 1963 година.

За одбележување е фактот што Тодор Живков и при оваа средба не отстапувал од својот став дека во Југославија живее еден народ, исто како и во Бугарија.[209]

Во текот на разговорите кои отпочнале на 23 септември биле разгледани и некои проблеми од меѓусебната соработка. Во тие разговори учествувал и Видое Смилевски.

По завршувањето на посетата, на 27 септември 1965 година, Тито во Белград ќе ја даде следната изјава:

"Ние мошне лесно најдовме заеднички јазик во многу прашања од областа на нашата билатерална соработка и меѓународните односи, што ги разгледувавме. Можам да кажам дека немаше, така да се каже, ниту едно поважно прашање во кое немаше заемно разбирање и во кое не би се согласиле.

"Заеднички мораме да ги премавнуваме појавите што би можеле да разгоруваат меѓусебна недоверба како што е примерот со разни историчари кои според своја волја ја кројат и толкуваат историјата на нашите народи"[210] .

Тито како да му даваше за право на Т. Живков во неговото третирање на "не толку важното" македонско национално прашање. Со овој свој исказ и извесен напад врз историчарите тој ја замаглуваше објективната вистина во која се наоѓаше историографијата во тој период. Се добива впечаток дека "некои историчари" придонесуваат за недоразбирањата меѓу СФРЈ и НР Бугарија по однос на конкретни прашања, а не политичките разлики и гледишта, не само по поважни

---

209 Нова Македонија, Скопје, 23. IX 1965, XXI/6803,3)
210 Нова Македонија, Скопје, 28. IX 1965, XXI/6808, 1 и 3.

прашања" туку и по "поневажно" какво што го сметаа македонското национално прашање.

Како било можно научните работници, поконкретно историчарите да бидат обвинети за меѓусебна недоверба на СФРЈ и НРБ ако се знае дека тие повеќе од десетина години, посебно историчарите од НР Бугарија, чекаа на усогласување на партиското и државното раководство со науката и општествено-политичката свест и мисла по однос на македонското национално прашање. И токму тоа неусогласување му овозможило на Тодор Живков да настапи пред пленумот на ЦК на БКП од март 1963 година, "најавторитетно" и по маркс-ленински, со силата на својата партиска и државна позиција да и ги определи идните смерници на бугарската историографија, особено на онаа што го истражувала и го обработувала македонското национално прашање и националните права на Македонците во Пиринскиот крај.

Своите ставови Тодор Живков не ги наложувал само на бугарската политика и историографска наука, по однос на македонското национално прашање и положбата на македонците во Пиринскиот крај. Тој со "со нему својствениот жар и енергија се вклучи во одбрана на таквата политика пред југословенските раководители, пред раководителите на братските комунистички партии, демократские организации и движења, државници од блиски и далечни земји"[211]. Таквата упорна ангажираност на Т. Живков им недостигаше на македонските и уште повеќе на југословенските партиски и државни раководители.

Заради тоа и велиме дека во спроведувањето на најновата политика на Т. Живков во однос на македонското национано прашање,

---

[211] Антон Първанов, цитирана статија, 326.

посебно во однос на Македонците во Пиринскиот крај, ќе му помогнат незабележителните, но сепак забележителни промени во југословенските ставови по истите прашања.

И покрај тоа што во 1965 година биле укинати визите за патување на југословенските, односно, бугарските граѓани во Југославија и Бугарија, како и порано така и по таа 1965 година, Македонците од Пиринскиот дел на Македонија не можеле да патуваат надвор од границите на НР Бугарија, од причина што ним не им биле издавани патни исправи - пасоши во колку не сакале да си го променат својот македонски национален идентитет во бугарски.

Тој е периодот кога во НР Бугарија отпочнала кампањата, пропратена со секаков вид притисок, за создавање на таканаречената социјалистичка бугарска нација. Истовремено, во истиот период во СФР Југослаавија, безуспешно се правеа обиди за формирање на некаква хибридна југословенска нација. Таквата политика наиде на отпор. Некаде јавно и посилно, некаде тивко но долгорочно.

При спроведувањето на таквата политика во Пиринскиот дел на Македонија ќе се примени таканаречениот "Статистички геноцид" врз Македонците во НР Бугарија, особено врз оние од Пиринскиот крај.

Во периодот од 1963 до 1965 година, кога во НР Бугарија ќе биде спроведен пописот на населението, од страна на бугарските органи на власта, сите општествено-политички организации преку јавните медиуми, научните и пред се просветните институции, работните колективи и други асоцијации, во Пиринскиот дел на Македонија била преземена пропагандна активност која на крајот на краиштата ќе вроди со плод во интерес на официјалната политика на НР Бугарија по однос на Македонците во НР Бугарија т.е. во Пиринскиот крај.

Покрај употребата на дотогашните познати и докажани средства и методи на денационализација, бугарските органи на власта вовеле и нови.

Никој во НР Бугарија не можел да стапи во брак, ако по националност не бил Бугарин.

При замената на личните документи, на секој му била определувана националната припадност, се разбира бугарската. Истото тоа се случувало и при барањето на било какви документи, изводи за раѓање итн.

Македонските просветни работници редовно биле испраќани на служба надвор од границите на Благоевградскито округ.

Редовна појава била ученици што изразувале посебен интерес за македонското национално прашање и ги истакнувале своите барања за национални права истите да се исклучуваат од училиштата со или без право да го продолжат своето образование, редовно надвор од границите на Пиринскиот крај.

Најдобар пример како била спроведувана новата официјална бугарска политика на денационализација во Пиринскиот крај ни дава претседателот на општинскиот народен совет од село Скрт, Петричко, кој во пописната листа, своерачно допишал: "По наредба на Бугарската комунистичка партија, изјавувам дека сум Бугарин"[212]. Се разбира дека за таа своја "дрскост" имал тешки последици, како лично за него исто така и за неговото семејство.

Претседателот на Македонската народна федерална организација од периодот 1944-1946 година, од Петрич, Никола Георгиев кој по Резолуцијата на Информбирото бил осуден и лежел во затвор, по неговото ослободување, односно по промената на личната карта на која

212 Од пописа до логора. Вечерње новости, Београд, 12. XI 1977.

пишувало дека е Бугарин, тој, Никола Георгиев изјавил дека таа лична карта не била негова и не сакал да ја подигне. [213] Се до неговото доаѓање во СР Македонија, Никола Георгиев немал ниту еден ден работен стаж и повеќето време го поминал низ бугарските затвори и логори. Истата судбина ја делело целото негово семејство, ќерката Марија и синот Виктор.

Според статистичките податоци од пописот на населението од 1965 година а видовме под какви услови бил вршен тој попис, во Народна Република Бугарија биле евидентирани 8.750 граѓани со македонска национална припадност. Од 302.503 лица, жители на Благоевградскиот округ само 1.500 биле евидентирани как Македонци[214].

Во овој период, "по македонското прашање" биле извршени неколку апсења и организирани неколку судски процеси. Биле обвинети и осудени членовите на македонската младинска група "Гарибалди", исто така групата наречена "Пирин" од Сандански, групата од село Скрт, Петричко, во тие процени биле осудени повеќе од 30 лица[215].

Незапирливиот отпор на Македонците од Пиринскиот дел на Македонија, врските и контактите што биле воспоставени меѓу одделни личности од Пиринскиот крај кои сеуште не сакале да ги прифатат најновите официјални ставови на бугарското партиско и државно раководство во однос на Македонската нација и националните права на Македонците од тој дел на Македонија, го ангажирале и партиското и државото раководство на СР Македонија.

---

[213] Вечерње новости, Београд, 8. XI 1977.

[214] Тошо Поповски: Македонското национално малцинство во Бугарија, Грција и Албанија. Македонска книга, Скопје, 1981, 171.

[215] На истото место, 185.

Имено, на 5 декември 1966 година во Белград, на чело со Тодор Живков пристигнала бугарска партиска и државна делегација. На средбата на која се воделе преговорите меѓу двете партиски и државни делегации на Крсте Црвенковски, тогашен претседател на ЦК на СКМ, како член на југословенската делегација му било овозможено да даде образложение и да ги изнесе македонските односно југословенските ставови по однос на Македонското национално малцинство во НР Бугарија, со посебен осврт на положбата на Македонците во Пиринскиот крај во споредба со нивната положба во периодот од 1944-1948 година.

Настапот на Крсте Црвенковски во бугарската историографија е забележан како "првпат по 1948 г. официјално поставено прашањето за "Македонците" во Бугарија. Црвенковски дал образложение на пописите на населението во НР Бугарија"[216]. Како одговор на тоа, Тодор Живков, пак според бугарската историографија, "Категорички ги отфрлил југословенските претензии за 'македонското малцинство' во Бугарија и патем напомнал и го покренал прашањето за исчезнувањето на Бугарите во СР Македонија"[217].

Овој факт, меѓу другото ни дава со право да констатираме дека и покрај сегашните и тогашните желби и стремежи на Македонците од Пиринскиот дел на Македонија, нивните борби и страдања, македонското национално прашање и положбата на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија не биле предмет на разгледување ниту во 1956 во Скопје, ниту 1963 во Белград. Ниту 1965 година во Софија.

---

216 Йордан Зарчев, цитирана статија, 292.
217 На истото место, 293.

Личниот став и однос на Тодор Живков во прилична мера влијаел при поставувањето, разгледувањето и спроведувањето на заклучоците по однос на македонското национално прашање.

На истата средба од 1966 година, Тодор Живков ќе им даде до знаење на југословенските и македонските раководители дека во официјалната политика што ја водела Бугарија по прашањето за непризнавање на македонската нација, уште помалку на постоењето на македонска национална посебност во Пиринскиот крај нема и не може да има промени. На таа средба тој ќе ги искаже и следните зборови:

"Вие, македонските раководители, многу добро треба да разберете дека ние Бугарите никогаш нема да се откажеме од нашата историја. Мене лично 50 пати да ме обесат - јас од историјата на мојот народ и мојата партија никогаш нема да се откажам"[218].

По таа негова изјава пак според бугарската историографија, македонските раководители "неподготвени и смаени" од таквиот развој на работите, биле принудени да не учествуваат во понатамошните разговори.

Наспроти таквиот категоричен став на Т. Живков по однос на македонското национално прашање и националните права на Македонците во Пиринскиот крај, југословенските, односно македонските раководители зазеле, најблаго речено, благ, млак и млитав дипломатски став.

Овој мој заклучок го поткрепувам со уште два примера. Едниот е оној што по разговорите се заклучило дека "Тие, двете страни (и тука може да се направи дигресија со употребата на поимот "двете страни", но

---

[218] Антон Първанов, цитирана статија, 328.

сега во врска со нашиот јужен сосед. В.Ј.) сметаат дека досегашната размена на мислења по тоа прашање меѓу другарите Тодор Живков и Јосип Броз Тито, како и разговорите што беа водени со претседателот на Сојузот на комунистите на Македонија Крсте Црвенковски, одговараат на трајните интереси на народите на двете држави и на понатамошното зацврстување на одностите меѓу НР Бугарија и СФР Југославија"[219].

Вториот пример е оној што Крсте Црвенковски, како констатација ќе ја истакне на Петтиот конгрес на СКМ што бил одржан во Скопје од 18 до 20 ноември 1968 година дека "Ние сме дел од единствената организација на СКЈ"[220]. Иако искажана по две години од средбата со Тодор Живков во Белград, јас наоѓам непосредна врска со југословенскот однос по македонското национално прашање, особено во врска со положбата и националните права на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија.

Тврдиот и категоричен бугарски став за непризнавање на македонската нација како објективна историска стварност во овој период ќе го потврди уште еден настан што се случил во Бугарија.

Истовремено, малку пред или малку по посетата на Тодор Живков на Белград во декември 1966 година, делегација на Друштвото на писателите на Македонија била на посета на Сојузот на бугарските писатели. По завршените разговори требало да биде потпишан договор за понатамошна соработка. Меѓутоа, до потпишување на договорот не дошло поради тоа што бугарската писателска асоцијација не била подготвена да го потпиши договорот подготвен на македонски јазик со кирилично

---

219 Външна политика на Народна Република България. Сборник на документи и материали в два тома. Министерство на външните работи на НРБ. "Наука и изкуство", София, 1977, Том II, стр.345.

220 Петти конгрес на СКЈ. Стенографски белешки. Култура, Скопје, 1969, 22.

писмо[221]. Тоа значи дека спорот околу писмото и јазикот што беше актуелизиран по осамостојувањето на Република Македонија има корени од поодамна.

Следната 1967 година, Тодор Живков уште повеќе ќе го засили притисокот во правец на негирањето на македонската самостојна национална самобитност.

Летото, поточно, на 5 јуни 1967 година, Тодор Живков повторно имал средба со Јосип Броз Тито во Белград. Во составот на југословенската делегација се наоѓал и тогашниот претседател на Извршниот совет на СР Македоија Никола Минчев.

Забележителен е фактот, од 1963 година, кога отпочнаа средбите на највисоко партиско и државно ниво меѓу НР Бугарија и СФР Југославија и кога во југословенската делегација немало ниту еден раководител од СР Македонија, во составот на југословенските делегации 1965, 1966 и 1967 година, секојпат биле различни лица, Видое Смилевски, претседател на Собранието на СР Македонија, Крсте Црвековски, претседател на ЦК на СКМ и Никола Минчев, претседател на Извршниот совет на СРМ. Невообичаено за дипломатската практика кога учеството на раководни лица во состав на една делегација од и оддолу нагоре, а не каков што бил случајот со македонските раководители.

Во досегашната документација не е познато освен Крсте Црвенковски, некој друг да го покренал прашањето околу националните права на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија. Заради таквото сознание, сам по себе се наметнува заклучокот дека присуството на македонските партиско-државни раководители во составот на југословенската делегација во преговорите со НР Бугарија, му служеле на

[221] Нова Македонија, Скопје, 10. XII. 1966, XXII/7238,1.

Јосип Броз тито само како национален колорит со кој сакал да биде опкружен.

Чувствуваме за потреба да го истакнеме и интервјуто што за Нова Македонија го даде Тодор Живков непосредно пред неговата посета на Белград. Интервјуто е објавено во Нова Македонија на 3 јуни 1967 година. Поставените прашања и одговорите на Тодор Живков оделе токму во правец на наметнатата политика на Т. Живков по однос на македонското национално прашање.

И покрај сиот мој напор, во прашањата на новинарот не можев да најдам ни ронка македонска национална конотација. Аналогно на тоа и одговорите беа исти, воопштени.

Забележително е и тоа што сепак Т. Живков сакал да разговара за нему "омиленото македонско прашање". Но, исто така е забележително дека тој тоа сакал да го прави во отсуство на Македонци. Тој, Тодор Живков, се добива впечаток дека во тие разговори со југословенските партиско-државни раководители наоѓал на разбирање во однос на "македоското прашање". Но секојпат тој "во интерес на прашањето за сестрана политика, економска и културна соработка меѓу НР Бугарија и СФР Југославија ги ставал во подредена состојба формирањето на македонцската нација, македонската национална свест[222].

Се поставуваат две прашања во врска со таквиот однос на Т. Живков кон македонското национално прашање. Дали Тодор Живков би го подредил бугарското национално прашање во интерес на добрососедските односи меѓу ФНРЈ и НРБ? Одговорот на ова прашање категорчно е НЕ.

---

[222] Йордан Зарчев, цитирана статија, 294.

Второто прашање е зошто Тодор Живков не ги сакал во преговорите македонски партиско-државни раководители, ако истите ги сметал за дел од бугарскиот народ - односно еднородници? И на ова прашање ќе одговориме категорички. Тодор Живков бил уверен и мошне добро ја сфаќал објективната историска стварност за постоењето на македонската нација, затоа и му било полесно да се пазари со третата страна, во случајов со југословенската. Тој никојпат немало да си дозволи пазарење со бугарските национални и државни интереси.

Таквиот негов пристап кон разгледувањето и разрешувањето на "македонскто прашање" што го наметнал на средбите со југословенските партиски и државни раководители, на Тодор Живков ќе му ја олесни работата при усвојувањето на неговите тези за патриотското воспитување на младината и народот, поточно по работата и комсомолот, што го поднел на разгледување пред Политбирото на ЦК на БКП на 12 октомври 1967 година и кои ќе бидат прифатени и утврдени на пленумот на ЦК на БКП што бил одржан на 26 и 27 декември 1967 година[223]. Основните поставки Тодор Живков ги разработил во неколку заглавија и подзаглавија. Насочници на претстојниот пленум на ЦК на БКП за работата со младината и комсомолот; општа оценка на дотогашната работа меѓу младината; за некои недостатоци и слабости во работата на комсомолот; прашањата за патриотското воспитување на младината и државните органи и институции и преку кои таа треба да се спроведува, а тоа се: пред сè училиштето, војната касарна; киното; театарот; операта; естрадата; дневниот и периодичниот печат, издавачката дејност; радио и телевизија; концертната дирекција; Комитетот за труд и лични примања;

[223] Тодор Живков: Избрани съчинения. Том четиринадесети, март 1967 - март 1968. "Партия", София, 1976, 300-362.

раководствата во стопанските организации; органите на прогонот; судот, јавното обвиништество, синдикат, училишта, Црвениот крст, дури и здравствени домови[224]. Патриотското воспитување да не се темели само врз делата на Димитар Благоев, Георги Димитров, социјалистичките односно националистичките традиции, туку бугарскиот национален идеал да се темели врз средновековните бугарски ханови и цареви со кои владееле[225], и нивните територии.

Меѓу бугарските ханови и цареви посебно место му било определено на средновековнот македонски владетел цар Самоил и на неговите територии со кои владеел. Се препорачува, бугарската младина да се воспитува на приврзаност и љубов кон 13 вековната историја на бугарската држава кон родната земја, бугарскиот бит и фолклор (народни песни и ора, обичаи, носии и др.)

Во рамките на целокупната историја на Бугарија и на бугарскиот народ се настојува да се наметне ставот дека секојпат влегувала и историјата на Македонија и на македонскиот народ. За тоа и честопати сретнувам кованици од типот "Бугарски Словени" или "Македонски Бугари".

Целокупната таа активност требала да биде под непосредна контрола на државата.

Во остварувањето на поставената цел, особено за конечното зацврстување на ставовите по однос на негирањето на македонската нација и националните права на Македонците во Пиринскиот дел на македонија овој документ претставувал основен и појдовен "верификуван аргумент" од највисокиот партиски орган кој ќе ѝ послужи на Бугарската

---

[224] На истото место, 319.
[225] На истото место, 340.

академија на науките - политичката да ја изготви и нешто подоцна да ја објави историско-политичката информација за македонското прашање[226].

Пред да се задржиме на содржината на оваа историско-политичка информација, наоѓам за потребно да укажам на настаните во Чехословачка како повод за повторно заладување на односите меѓу СФР Југославија и Советскиот Сојуз, респективно СФРЈ и НР Бугарија.

Во 2 часот по полноќ, на 21 август 1968 година, членките на источноевропскиот воен Варшавски договор, целосно вооружените сили на Советскиот Сојуз, НР Бугарија, Германската демократска република, Полската народна република и на Унгарската народна република, ја отпочнаа агресијата и окупацијата на Чехословачката социјалистичка република.

Тој настан повторно предизвикал поларизација меѓу државите на Балканот во Европа и пошироко. Доследни на својата принципиелност и на неврзаната самостојна надворешна политика југословенските партиски и државни раководители застанаа во одбрана на правата на чехословачките народи и ја осудија агресијата извршена од страна на спомнатите држави, членки на Варшавскиот договор.

По тој повод, државниот секретар за надворешни работи на СФРЈ Милорад Пешиќ им врачил демарш на амбасадорите на Советскиот Сојуз, НР Бугарија, ГДР, Полска и Унгарија. Истиот ден на 22 август бил одржан општонароден митинг на поддршка на Чехоловачките народи и осуда на агресорите. На Митингот во Белград присуствувале повеќе од 250.000 луѓе.

---

[226] Македонският въпрос, Историко-политическа справка. Институт за история при БАН, София, ноември 1968 година.

Понатамошниот развој на настаните предизвикал да излезат на површина речиси сите недоразбирања меѓу политиката што ја водеа југословенските и советските партиски и државни раководители. И овој пат бугарското партиско и државно раководство, кое било директно инволвирано во Чехословачка, следејќи ја во чекор советската политика, не чекајќи ниту момент веднаш ја започнало кампањата против СФР Југославија и директно против СР Македонија. Бугарските весници "Работническо дело", "Отечествен фронт" и др. беа полни со написи во кои се осудувал ставот и политиката на југословенското партиско и државно раководство што го зазеле во однос на воената агресија и окупација на Чехословачка.

Како и многупати пред тоа, резолуцијата на Информбирото "За состојбата во КПЈ", воената интервенција на Советскиот Сојуз во Унгарија 1956 година, така и агресијата и окупацијата на Чехословачка од страна на воените сили на петте членки на Варшавскиот договор, директно ќе влијаат на заострување и заладувањее на меѓудржавните и меѓупартиските дипломатски односи меѓу СФР Југославија НР Бугарија. Тоа особено ќе дојде до израз при свеченоста на одбележувањето на годишнината на 9 септември 1944 година. Во Софија на 9 септември 1968 година била одржана свечена академија на која Иван Прванов, еден од секретарите на ЦК на ВКП поднел реферат. Покрај другото во рефератот без никакви причини и без никаков повод, на груб начин бил нападнат ставот на југословенското државно и партиско раководство што го застапувале по однос на агресијата и окупацијата на Чехословачка.

Амбасадорот на СФР Југославија д-р Кирил Миљовски, кој бил поканет на свечената академија, демонстративно ја напуштил академијата[227].

Не поминало многу време во ноември 1968 година од печат излегла историско политичка информација за македонското прашање.

227 Нова Македонија, Скопје, 10. IX 1968, XXIV/7874, 1.

## 7. Усогласувањето на бугарсаката општествено политичка свест и мисла по однос на македонската нација

По 20 години, упорен политички, воено-полициски, административен, културно-просветен и пропаганден притисок, пропратен со неброени материјални, финансиски и интелектуални средства, со помош на највисоката научна институција во НР Бугарија, Бугарската академија на науките, бугарската партиска и државна раководна структура, била уверена дека ја постигнала својата цел: усогласување на бугарската политика, наука и општествено политичка свест и мисла во однос на постоењето, односно "непостоењето" на македонската нација, држава и македонското национално малцинство во НР Бугарија, и посебно кон Македонците што живеат во Пиринскиот дел на Македонија.

Според Упатствата и налог на највисоките партиски и државни органи и личното ангажирање на првиот човек на НР Бугарија Тодор Живков, Бугарската академија на науките во ноември 1968 година ја објавила брошурата Македонското прашање. Историско-политичка информација[228].

Тргнувајќи од дневно-политичките збиднувања во светот и меѓусебните односи на СФР Југославија и НР Бугарија, за кои зборувавме, откако ќе бидат истакнати бугарските заложби за подобрување на однсите меѓу БКП и СКЈ, во "интерес" на социјализмот, авторите на оваа информација ќе ги обвинат југословенските, односно македонските

[228] Македонският въпрос, Историко..,

партиски и државни раководители за национализам и шовинизам, истовремено тврдејќи дека тие неправилно бараат "на населението од Благоевградскиот округ да му се даде 'слобода', 'права', 'културна автономија' како на некакво одделно 'небугарско' македонско население итн."[229].

Бугарската академија во својата информација дава историски приказ за настани и личности што се збиднувале во Македонија уште од времето на Фијлип II и Александар Македонски до најново време, средбите на Јосип Броз Тито и Тодор Живков од 1967 година, кога во разговорите учествувал и Крсте Црвенковски.

Посебно внимание му била посветена на средовековната македонска држава на Самоил, на македонските преродбеници и револуционери од минатиот век и нивните заложби за зачувување и зацврстување на "бугарската национална припадност во Македонија".

На македонските буни и востанија од минатиот век, како и на Илинденското востание од 1903 година им се дава бугарски карактер.

Македонските револуцонери Даме Груев, Петар Попарсов, Ѓорче Петров, Гоце Делчев, Јане Сандански, Димо Хаџидимов и уште многубројни истакнати личности, заради нивното школување во бугарски образовни установи се прогласуваат за Бугари. Ист е случајно и со Димитар Благоев, иако е познато дека тој не еднаш рекол дека е Словен од Македонија.

Со појавата на социјалистичката, подоцна комунистичката идеологија, кога некои од поистакнатите следбеници на таа идеологија, ја сватиле објективната историска стварност за постоењето на посебноста на македонскиот народ, различен од бугарскиот и од српскиот и кога тие

[229] На истото место, 5.

истите со таквата објективна историска стварност ја запознавале пошироката европска јавност, според авторите на оваа информација отпочнале грешките и таканаречениот "нихилитички" однос на некои истакнати бугарски партиски раководители кон "бугарското" население во Македонија[230].

Врв на таквиот "нихилизам", според авторите на оваа информација, било признавањето на македонската нација, држава и македонско национално малцинство во Бугарија на кое во периодот од 1944 до 1948 година му било овозможено слободно да ја искаже својата засебна македонска национална припадност.

И во овој случај пописот на населението од 1956 година и резултатите од тој попис, во оваа информација не се предмет на разгледување. Во неа доследно се застапуваат старите тези дека:

"Одвај по Петтиот конгрес на партијата во 1948 г., и главно по Априлскиот пленум на ЦК на БКП во 1956 г., партијата ги совлада слабостите во својата позиција по однос на македонското прашање"[231].

Што се однесува до Македонците во Пиринскиот дел на Македонија, кои според пописите од 1946 и 1956 година претставуваа мнозинство, според оваа информација тоа население "во секој однос се чувствува за неразделен дел од бугарската нација, плот од плотта. Родниот јазик на населението во тој крај исто така е бугарски јазик, како што и неговото потекло, неговото минато, битовите обичаи, песните се сè бугарски"[232].

Што се однесува до македонската нација и македонската држава во рамките на југословенската федеративна државна заедница, авторите

230 На истото место, 62 и 63.

231 Исто, 63.

232 На истото место, 65-66.

на оваа информација макар скриено пројавуваат дури и територијални претензии, кога велат:

"Бугарската комунистичка партија и НР Бугарија го признаваат постоењето на СР Македонија како составен дел на СФРЈ и се упорни за закрепнување на пријателските односи. Меѓутоа, БКП и нашата држава не можат да го премолчат фактот дека во СР Македонија упорно се спроведува политика на насилна денационализација на бугарското население...

Не можеме да не ја искажеме својата возбуденост и загриженост од денационализаторските дејствија и преследувања на оние што се чувствуваат Бугари во СР Македонија"[233].

Ставовите изнесени во оваа информација, кои претходно беа утврдени и прифатени од страна на највисоките партиски и државни раководители на Бугарија, дека не постои македонска нација, македонски јазик, македонско национално малцинство во Бугарија до денешен ден се непроменети.

Наспроти сето тоа, сепак Македонците во Пиринскиот дел на Македонија ја продолжија својата борба за национална собода и во наредните години. Во таа 1968 година беа ставени темелите на многу нелегални македонски организации кои во 1989 година го извршија своето обединување и излегоа од целосната нелегалност кога ја формираа Обединетите Македонски организации ОМО Илинден.

Со тоа Македонците во Пиринскиот дел на Македонија уште еднаш ќе потврдат дека таму на тоа парче македонска земја постоеле, постојат и ќе постојат за вечни времиња.

---

[233] На истото место, 63 и 64.

# З А К Л У Ч О К

Една организирана политичка сила или партија, легална или нелегална, во својот поход кон освојувањето на власта, изградува стратегија и тактика, избира најразновидни форми и методи на борба и притоа употребува секакви дозволени или недозволени средства за остварување на поставена цел, освојувањето на власта во сопствената држава. Меѓу таквите политички партии и организации во борбата за остварување на поставената цел, без исклучок, прифатена е макијавелистичката доктрина дека "целта ги оправдува средствата". Во таа борба за освојување на власта, гледано од политичка перспектива можеби е оправдано така да се постапува.

Меѓутоа, партија што ја освоила власта, што ја зацврстила својата позиција и опстојува педесетина година и за тоа време да ги менува своите основни принципи по однос на едно такво суштествено прашање, какво што се смета дека е националното прашање и националните права на малцинствата што живеат и кои заеднички се бореле во борбата за освојвуање на власта со владеачката политичка партија или организација, како што бил примерот и со Македонците во Пиринскиот дел на Македонија, менувањето на принципите по однос на националното прашање нема никакво оправдување ниту политичко, уште помалку етичко.

Токму тоа го правеле и го прават раководните политичко партиски и државни структури на власта во НР Бугарија. Тоа особено било забележливо во последните 45 години од владеењето на БКП во НР

Бугарија. Тие промени во ставовите околу националното прашање особено биле забележителни во однос на националните права на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија што по 1912 година се во состав на бугарската држава.

Денационализацијата и асимилацијата како социолошко-политтиколошко-историски процес што ги вршеле организираните партиски и државни структури на власта во НР Бугарија врз Македонците во Пиринскиот дел на Македонија во периодот од 1948 до 1968 година поминал низ неколку фази.

Во првата фаза од 1948 до 1953 година, во време на целосна блокада на сите врски и контакти меѓу НР Македонија и Пиринскиот крај и покрај тоа што бугарската партија на власт постоењето на македонската нација, држава до рамките на ФНР Југославија и националните права на Македонците во Пиринсксиот дел на Македонија декларативно ги признавала како објективна историска стварност, во практика, веднаш по објавувањето на резолуцијата на Инфромбирото "За состојбата во КПЈ" од јуни 1948 година, презела сериозни чекори за укинување на националните права што ги уживале Македонците во Пиринскиот крај во периодот од 1944 до 1948 година.

Истовремено презела акции за отстранување од јавниот и политичкиот живот на поистакнатите македонски раководители.

Ги истерала македонските учители што ги предавале предметите македонски литературен јазик и македонска национална историја во основните и средните училишта во Пиринскиот крај. Вовеле факултативно учење на македонскиот литературен јазик и наместо историја на македонскиот народ историја на македонското револуционерно движење.

Ги затворила македонските национални иснституции од областа на културата книжарниците на "Македонска книга" и Обласниот македонски народен театар.

Превзеде акции за следење и репресивни мерки против сите оние што го истакнувале своето македонско национално чувство и потекло.

И покрај резултатите од пописот на населението од 1946 година биле преземени административни мерки да не се евидентираат Македонците како посебвна националност во ниту една служба што ги водела книгите на родените, венчаните, умрените, иселените, доселените и т. н.

Отпорот на Македонците во Пиринскиот крај и на Македонците од македонската емиграција во НР Бугарија во оваа фаза се карактеризира со неговото јавно манифестирање на македонската национална самобитност, која до јуни-јули 1948 година била загарантирана и со законите на НР Бугарија. но и покрај тоа, логорите и затворите во НР Бугарија во овој период се полнеле со национално свесните Македонци.

Втората фаза ја обележа смртта на Јосиф Висарионович Сталин и дипломатската попустливост што потоа настанала меѓу ФНР Југославија и НР Бугарија. Но и покрај се, положбата на Македонцидте во Пиринскиот крај во смисла на нивните национални права останала непроменета.

Отпорот на Македонците во оваа фаза се карактеризира како пасивен и поединечен. Најсилен израз на македонскиот непокор се пројавил за време на пописот на населението во 1956 година. Резултатите од пописот во Пиринскиот крај како и настаните во Унгарија од 1956 година беа причина за повторно заладување на односите меѓу ФНРЈ и НРБ а положбата на Македонците била влошена во секој поглед. Таквата состојба траела до 1962 година.

Со доаѓањето на чело на БКП, подоцна и на бугарската држава на Тодор Живков осетно се почувствувала промената на бугарските ставови по однос на македонското национално прашање и посебно кон националните какви такви декларативно признавани права на Македонците во Пиринскиот крај.

По повторното дипломатско нормализирање на односите меѓу НР Бугарија и СФР Југославија (со Уставот од 1963 година ФНРЈ е применувана во СФРЈ) започнала да се чувствува и личната ангажираност на Тодор Живков во креирањето на најновата бугарска политика во однос на македонската нација и посебно на националните права на Македонците во Пиринскиот крај.

Тодор Живков со својата лична ангажираност дефинитивно се наметнал на југословенсите партиски и државни раководители дека македонското национално прашање требало да се разрешува на релација Белград-Софија без учество на македонскиот субјект. Под негово влијание и со негово директно учество во креирањето на најновата бугарска политика во однос на македонското национлано прашање, по 20 годишни напори, отпори, двоумења и усогласувања Бугарската Академија на науките во ноември 1968 година, ја издаде историско-политичката информација "Македонското прашање". Гледано од бугарска перспектива брошурата што ја издаде БАН претставува усогласување на бугарската политика, наука, општествено-политичка свест, мисла и совест во однос на "непостоењето" на македонската нација, јазик и на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија и нивните национални права.

Меѓутоа, наспроти увереноста на бугарската општествено-политичка свест и мисла дека дефинитивно и со успех била извршена таа толку тешка, одговорна - би рекле нехумана, неблагодарна и

неблагородна - задача, дека во НР Бугарија, поточно во Пиринскиот дел на Македонија не постои друг национален елемент освен бугарскиот, таа 1968 година и објавената брошура на БАН за Македонците во Пиринскиот крај претставува и го означува новиот почеток на нелегалниот, но сега веќе организираниот отпор против денационализаторската политика на НР Бугарија. Таа борба за национални права Македонците во Пиринскиот крај со успех ќе ја завршат 1989 година кога неколкуте нелегални македонски органзации ќе излезат јавно и ќе го објават формирањето на обединетите македонски органзации-ОМО-Илинден. Со тоа повторно на виделина излезе нерешениот статус на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија, за кој бугарската политика сметаше и се надеваше дека успешно го решила.

# ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА


## I. Извори

### а) необјавени

1. Архив на Македонија, фонд Министерство за просвета на НР Македонија-Скопје.

2. Архив на Македонија, фонд "Димитар Влахов".

3. Архив на Македонија, фонд Секретаријат за надворешни работи на ФНР Југославија (1100).

4. Архив на Македонија, фонд ЦК на КПЈ-СКЈ (1101)

5. Архив на Македонија. Документи за Пиринска Македонија 1944-1953. Необработен материјал.

6. Државен архив на Република Бугарија, ф. 210. (Централно статистичко управление) ф.

7. Централен партиски архив, Софија, ф.214.

8. Архив на Министерството за внатрешни работи на НР Бугарија, ф.

9. Областен Државен архив, Благоевград, ф. 8; 162, 228; 610 и 734.

10. Окружен партиски архив, Благоевград, ф. 2.

### б) објавени

1. Втори конгрес на Сојузот на комунистите на Македонија (материјали и документи). Култура, Скопје, 1954, 1-211.

2. Българската комунистическа партия в резолюции и решения на конгресите, конференциите, пленумите и политбирото на ЦК,Том IV, 1944-1955, "БКП", София, 1955, 1-542.

3. VII конгрес на СКЈ, "Култура", Скопје, 1958, 1-424.

4. III конгрес на Сојузот на комунистите на Македонија, "Култура", Скопје 1959, 1-358.

5. VII конгрес на БКП. Резолюции, директиви, решения, "БКП",София, 158, 1-80.

6. Външната политика на Народна република България. Сборник от документи и материали. 1944-1962. Том 1 и 2. "Наука и изкуство", София 1970.

7. VII Конгрес на БКП. Стенографски протокол. "БКП", София, 1963, 1-1064.

8. Осми конгрес на Сојузот на комунистите на Југославија. "Култура", Скопје, 19764, 1-431.

9. IV Конгрес на Сојузот на комунистите на Македонија, "Култура", Скопје, 1965.

10. Од признавање до негирање. - Статии, говори, документи, избор и редакција: Ванѓа Чашуле. "Култура", Скопје, 1970, 1-483.

11. Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава. Универзитет "Кирил и Методиј", Том први и втори. Скопје 1981.

12. Историска вистина. Документи, статии, резолуции, апели и публицистички прилози 1896-1956. Избор и редакција: Перо Коробар, д-р Орде Ивановски. "Култура", Скопје 1981.

## II Л И Т Е Р А Т У Р А

1. Димитар Митрев: Пиринска Македонија и други историографски огледи. "Наша Книга", Скопје, 1970, 1-426.

2. Македонският въпрос. Историко-политическа справка. Институт за история при БАН. София, 1968, 1-68.

3. Георги В. Димитров. Становиште и политика на БКП по македонския въпрос. Окръ-ен исторически музей Благоевград - Благоевград 1971, 1-68.

4. История на България. Том втори. "Държавно издателство, Наука и изкуство", София, 1955.

5. История на Българската комунистическа партия. "Партиздат", София, 1981, 1-719.

6. Тошо Поповски: Македонското национално малцинство во Бугарија, Грција и Албанија. "Македонска книга", Скопје 1981, 1-293.

7. История на Благоевградската окръжна организация на БКП. "Партиздат", София, 1979, 1-499.

8. Тодор Живков: Избрани съчинения. Том първ - четиринадесет. "Партиздат", София, 1975 и 1976.

9. Мито Хаџивасилев-Јасмин. Дела. Том V. "Комунист", Скопје 1982, 1-358. Редакциски одбор. Редактор на томот V Ванчо Апостолски и Бошко Станковски. Подготовка на ракописот за печат и редактирани белешки д-р Кирил Темков.

10. Васил Ивановски; Зошто ние македонците сме одделна нација. Избрани дела. Предговор, избор и редакција Иван Катарџиев. "Архив на Македонија и Матица Македонска", Скопје, 1995, 1-325.

11. Стојан Георгиев Томовичин: Македонија над сè приредил Здравко Божиновски. "Друштво за наука и уметност", Битола, 1990, 1-121.

## СПИСАНИЈА

1. Военно-исторически сборник, "Министерство на народна одбрана", София.

2. "Гласник" на Институтот за национална историја, Скопје.

3. Известия Института по истории на БКП, София.

4. "Исторически преглед", София.

5. "Историја", Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија, Скопје.

## ВЕСНИЦИ

1. "Борба", Београд.

2. "Вечерње новости", Београд.

3. "Нова Македонија", Скопје.

4. "Отечествен фронт", София.

5. "Пирински глас", Скопје.

6. "Пиринско дело", Горна Джумая.

7. "Работническо дело", София.

# С О Д Р Ж И Н А

П Р Е Д Г О В О Р....................2

В О В Е Д....................5

ГЛАВА I

МАКЕДОНЦИТЕ ВО ПИРИНСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

ВО ПЕРИОДОТ 1948-1956 ГОДИНА

1. Денационализацијата и асимилацијата како социолошко-политиколошко-историски процес....................14

2. Формирањето и програмските цели и задачи на Информационото биро на комунистичките и работничките партии во Европа....................27

3. Промена на бугарската политика во однос на македонското национално прашање....................30

4. Отпорот на Македонците од Пиринскиот крај и македонската емиграција на Резолуцијата на Информбирото и на XI-от Пленум на ЦК на БРП (к)....................40

5. Македонското национално прашање по V-от Конгрес на БКП....................51

6. Промените во партиските и државните раководни структури во НР Бугарија по V-от конгрес на БКП....................57

7. Спроведувањето на новата политика во Пиринскиот крај 1948-1956 година....................61

8. Спроведувањето на новата политика по партиска линија......64
9. Прогони и судски процеси......74
10. Административните методи во спроведувањето на новата политика......84
11. Спроведувањето на новата политика во областа на образованието и културата......86
12. Изборите на органите на централната власт Народните совети и нивното учество во спороведувањето на новата политика......93
ГЛАВА II
МАКЕДОНЦИТЕ ВО ПИРИНСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1956-1968
1. Почеток на нормализацијата на односите меѓу ФНР Југославија и НР Бугарија......101
2. Пописот на населението во Бугарија во 1956 година и резултатите во Пиринскиот крај......109
3. Настаните во Унгарија од 1956 година како повод за повторно заладување на односите меѓуФНР Југославија и НР Бугарија......117
4. Состојбата во Пиринскиот крај 1958 - 1962 година......127
5. Отпорот на Македонците во Пиринскиот крај 1956 - 1962......131
6. Период на нормализација на бугарско-југословенските односи 1962 - 1968......134
7. Усогласувањето на бугарсаката општествено политичка свест и мисла по однос на македонската нација......159

З А К Л У Ч О К....................................................................................163

ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА........................................................................169

## И с п р а в к а

На страниците 31, 33, 35-40, 44, 45, 48, 54, 56, 66-70, 75, 87-90, 109 и 110 каде што стои XI-от Пленум треба да стои XVI-от Пленум.